

Konrad Adenauer Stiftung

IDSCS Institute for Democracy Societas Civilis -Skopje

# ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2017 ГОДИНА

**ВТОРО ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ**

**ПОЛИТИКА**

# ПРИРАЧНИК ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2017 ГОДИНА

**ВТОРО ДОПОЛНЕТО ИЗДАНИЕ**

# Импресум

**Наслов:**

Прирачник за локални избори во Република Македонија 2017 година

**Издавач:**

Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија
Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје

**Автори:**

Јане Димески
Марко Панковски

**Координација:**

Давор Пашоски
Јоханес Д. Раи

**Лектура:**

Ивана Коцевска

**Дизајн и подготовка:**

Винсент Графика

Публикацијата може бесплатно да се преземе на:
http://www.kas.de/mazedonien/mk
http://www.idscs.org.mk

**Напомена:**
**Ставовите изнесени во публикацијата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер и на Институтот за демократија „Социетас Цивилис"– Скопје, туку се лични гледишта на авторите**

# Содржина:


**1. Вовед во локални избори 2017 — 6**

Учесници на изборите — 16
Подготовки за локалните избори 2017 — 17
Последни промени во изборното законодавство — 20

**2. Историјат на локални избори во Македонија (1996 – 2013) — 24**

Локални избори 1996 година — 25
Локални избори 2000 година — 25
Локални избори 2005 година — 26
Локални избори 2009 година — 27
Локални избори 2013 година — 28

**3. Македонски изборен систем за локални избори — 32**

Изборен модел — 33
Органи за спроведување избори — 34
Право да се биде избран — 37
Ограничување за актуелни функционери — 38
Број на членови во советите — 40
Право и процедура за поднесување кандидатури за градоначалници или советници — 40
Изборна кампања — 41
Улогата на јавните гласила — 43
Набљудување на изборите — 46

**4. Политички партии и коалиции — 48**

ВМРО-ДПМНЕ — 49
Демократска унија за интеграција — 52
Социјалдемократски сојуз на Македонија — 54
Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ — 57
Движење БЕСА — 57
Движење за национално единство на Турците — 58
Демократска партија на Албанците — 59
Демократска партија на Турците на Македонија — 61
Коалиција „Алијанса за Албанците" (Унитети, НДП) — 62
Левица — 63
Народно движење за Македонија — 63
Партија за демократски просперитет — 64
Политичка партија Алијанса на Албанците — 65
Сојуз на Ромите од Македонија — 66
Социјал-демократска партија на Македонија — 67
Трајно македонско радикално обединување – ТМРО — 67

**5. Преглед на кандидати за градоначалници на локалните избори 2017 — 70**

**6. Локални избори во Република Македонија 2017 година - Резултати, кампања, оценки — 136**

Вовед — 137
Изборна кампања и финансирање — 140
Медиуми — 145
Резултати од локалните избори 2017 година — 154
Заштита на избирачките права — 158
Оцена на локалните избори од набљудувачите — 160
Оцена на изборите од политичките партии — 165
Заклучоци — 170
АНЕКС 1 – Избрани градоначалници по општини — 175
АНЕКС 2 – Избрани совеници по општини — 179

**7. Изборна архива на изборите во Република Македонија од 1990 година до денес — 184**

**8. Извори — 188**

# ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

## ВОВЕД ВО ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017

Шестите по ред локални избори од независноста на Република Македонија ќе се одржат на 15 октомври 2017 г. Претседателот на Собранието, во рамки на своите законски надлежности, ги распиша локалните избори[1] на 6 август 2017 година.[2] На изборите ќе се избираат градоначалници и советници на 80 локални самоуправи и на Градот Скопје.

Во текот на последниот мандат на локалната самоуправа, од март 2013 година до мај 2017 година, најголемиот број на градоначалнички места ѝ припаѓаат на партијата Внатрешно македонско револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство (ВМРО-ДПМНЕ), која освои 55 градоначалнички и 559 советнички места. Втора најуспешна партија во поглед на градоначалничките места на тие избори беше Демократската унија за интеграција (ДУИ), која освои 14 градоначалнички и 176 советнички места. СДСМ има свои градоначалници во 4 општини, а на изборите во 2013 година освои 395 советнички места. Втората по големина партија помеѓу албанскиот електорат, Демократска партија на Албанците (ДПА), има две градоначалнички места и 101 освоено советничко место.  Покрај овие партии, по еден градоначалник беше избран од Демократската партија на Турците во Македонија (ДПТМ), Српската напредна странка во Македонија (СНС) и еден од Сојузот на Ромите во Македонија (СРМ). ДПТМ освои и

[1] Целосното име на решението гласи: Решение за распишување на локалните избори за членови на советите на општините и Советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје

[2] „Локалните избори ќе се одржат на 15 октомври", Академик МК. Пристапено на: http://www.akademik.mk/lokalnite-izbori-ke-se-odrzhat-na-15-oktomvri/ (последна посета: 28 август 2017)

22 советнички места, СРМ – 11, а СНС – 7 места во советите на локалните самоуправи. Независни кандидати освоија две градоначалнички места и 55 советнички места. На изборите само советнички места освоија и други политички партии. Партијата Национална демократска преродба (НДП) доби 26 советници, Демократска обнова на Македонија (ДОМ) – 10, Народно движење за Македонија (РММ) – 9, Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ) – 5, Партија за европска иднина (ПЕИ) – 5, Обединети демократски сили на Ромите (ОДСР) – 4, Социјалдемократска унија (СДУ) – 3, Либерална партија (ЛП) – 2 и Социјал-демократска партија на Македонија (СДПМ) – 1.

На национално ниво, ВМРО-ДПМНЕ беше на власт од 2006 година, откога победи на четири последователни парламентарни избори, на 1 јуни 2008 година, на 5 јуни 2011 година и на 27 април 2014 година. На предвремените избори одржани на 11 декември 2016 година коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 2 пратенички места повеќе споредено со коалицијата предводена од СДСМ, меѓутоа не успеа да формира парламентарно мнозинство и влада.

Оттаму, на одржувањето на овие локални избори во 2017 му претходеше турбулентен и динамичен период исполнет со многу политички пресврти, настани и превирања. По одржувањето на предвремените парламентарни избори на 11 декември 2016 неколкугодишната политичка криза кулминираше со одложеното конституирање на парламентот и избор на нов претседател на Собранието од новото парламентарно мнозинство скоро 5 месеци по изборите. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ на изборите освои 51 мандат за пратеници, а коалицијата предводена од СДСМ 49. ДУИ освои 10, БЕСА 5, Алијансата за Албанците (АА) 3 и ДПА 2 пратенички места.[3] Пред почетокот на преговорите меѓу партиите

3 „Резултати од избор на пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година", Собрание на РМ. Пристапено на http://www.sobranie.mk/izborni-rezultati-2016.nspx (последна посета: 29 август 2017)



за формирање коалиции за состав на идната влада, лидерите на партиите на Албанците, на ДУИ – Али Ахмети, на БЕСА – Билал Касами и на Алијансата за Албанците – Зијадин Села, на 07 јануари во Тирана се сретнаа со премиерот на Албанија, Еди Рама, на која средба заеднички ја потпишаа т.н. „Декларација на албанските партии во Македонија", која потоа во јавноста стана позната како „Платформа на Албанците" или „Тиранска платформа". Според потписниците, целта на Платформата беше да обезбеди дека нерешените прашања на Албанците во Македонија ќе бидат меѓу приоритетите за идната влада кој било да ја составува. Документот[4] подготвен во Тирана содржеше седум точки кои опфаќаат барања за рамноправност во согласност со Охридскиот договор и Уставот; рамномерен регионален развој; владеење на правото; создавање дух на доверба во функција на меѓуетничките односи; решавање на спорот за името; добри односи со соседите и брза евроатлантска интеграција.

Претседателот на Републиката, Ѓорѓе Иванов, според уставните надлежности, му го додели мандатот за формирање нова влада на Никола Груевски на 09 јануари 2017, како лидер на партијата која освои најмногу места во парламентот. ВМРО-ДПМНЕ веднаш почна преговори со партиите на Албанците со цел формирање собраниско мнозинство од 61 пратеник и нова влада.

Партијата БЕСА излезе со став[5] дека нема да преговара за можно коалицирање со партиите ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ поради тоа што членови од двете партии се инкриминирани во случаи кои ги води Специјалното јавно обвинителство (СЈО). Алијанса за Албанците, исто така, одби да преговара со ВМРО-ДПМНЕ поради, како што

4 „Заедничката платформа на албанските партии", Фокус.мк. Пристапено на: http://fokus.mk/zaednichkata-platforma-na-albanskite-partii/ (последна посета: 29.8.2017)

5 „БЕСА не преговара со инкриминирани политичари", Телма ТВ. Пристапено на: http://telma.com.mk/vesti/besa-ne-pregovara-so-inkriminirani-politichari (последна посета: 30.8.2017)

наведоа, „антиалбанска реторика" на членови на таа партија.[6] ДУИ ја прифати можноста да разговара со ВМРО-ДПМНЕ како дотогашни партнери во минатите влади и нивните тимови на 19 јануари ги почнаа преговорите за евентуално продолжување на коалицијата. Сепак, двете партии на 30 јануари објавија дека не е постигнат договор за коалицирање и дека се разидуваат во нивните позиции. ВМРО-ДПМНЕ излезе со став дека не можат да ги преминат своите црвени линии, а тоа е барањето на ДУИ за двојазичност на целата територија на државата и укинување на СЈО поради тоа што се претворило во партиски инструмент на СДСМ. ВМРО-ДПМНЕ истовремено побара[7] распишување на нови парламентарни избори како единствено решение за излез од кризата. Од ДУИ изјавија дека не донеле одлука за коалицирање поради тоа што во нивната внатрепартиска дебата немало доволно аргументи во прилог на коалицирањето. Претседателот Иванов на 1 февруари изјави дека нема да му го даде мандатот за формирање на влада на лидерот на СДСМ, Зоран Заев, како втора по големина партија според бројот на местата во парламентот, сè додека тој не достави потписи како доказ дека ја има поддршката од мнозинството пратеници во Собранието. Тој побара и гаранции[8] дека следниот мандатар ќе ги штити националните интереси и ќе спроведе системска реформа на националниот безбедносен систем. Партиите БЕСА и ДПА веднаш посочија дека тие се подготвени да ги дадат потписите на нивните парламентарци со цел Заев да го добие мандатот. СДСМ, пак, на 6 февруари почна преговори со ДУИ за формирање мнозинство и влада. Лидерот на ДУИ, Али Ахмети, давањето на потписите на пратениците од ДУИ го услови со писмени гаранции од Заев со кои СДСМ ќе ги прифати

6 „Беса и Алијансата за Албанците во Груевски гледаат антиалбанец ", Алсат-М. Пристапено на http://www.alsat-m.tv/mk/Беса-и-Алијансата-за-Албанците-во-Груе/ (последна посета: 25.9.2017)

7 „Груевски не успеа да формира влада и бара нови избори", Радио Слободна Европа. Пристапено на https://www.slobodnaevropa.mk/a/28266302.html (последна посета: 30.8.2017)

8 „Изјава по консултациите со политичките партии кои се застапени во Собранието на Република Македонија", Претседател на РМ. Пристапено на: http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/4319.html (последна посета: 30.8.2017)

барањата од „Декларацијата на албанските партии". Заев ги достави бараните гаранции до ДУИ на 13 февруари, а двете партии одбија да ја обелоденат содржината на документите. На 24 февруари ДУИ до СДСМ ги достави потписите од нивните пратеници како поддршка за Заев да го добие мандатот за состав на владата од претседателот Иванов, со што е обезбеден доказот дека тој ја има поддршката од мнозинството пратеници во Собранието.

На 26 февруари лидерот на ВМРО-ДПМНЕ, Груевски, преку статус на социјалната мрежа Фејсбук изјави дека државата подолго време е нападната од како што ги нарече „надворешни моќни центри". Груевски посочи дека овие центри спроведуваат операција чија намера е да ја урнат ВМРО-ДПМНЕ од власт и преку носење на Заев да ја ослабнат државата и да го сменат името и идентитетот на Македонците. Во статусот тој го повика народот во одбрана на државата.[9] Следниот ден, на 27 февруари, Заев ги достави потписите до претседателот Иванов со барање што е можно поскоро да го добие мандатот за состав на новата влада. Истиот ден, новосоздадената иницијатива „За заедничка Македонија"[10] почна со секојдневни улични протести против прифаќањето на „Платформата на Албанците" од страна на Заев, со барање истата да биде отфрлена со цел да се зачува унитарниот карактер на државата. На 1 март Иванов повторно одби да го даде мандатот на Заев со образложение[11] дека е пробиен уставниот рок, како и дека нема да го додели мандатот на кој било

9 Изјава на Никола Груевски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ, Фејсбук. Пристапено на: https://www.facebook.com/NGruevski/posts/10155007364502716 (последна посета: 30.8.2017)

10 „Граѓанската иницијатива за Заедничка Македонија објави проглас: Дојде време за Четвртиот Илинден", Курир. Пристапено на: http://kurir.mk/makedonija/vesti/graganskata-initsijativa-za-zaednichka-makedonija-objavi-proglas-dojde-vreme-za-chetvrtiot-ilinden/ (последна посета: 30.8.2017)

11 „Обраќање на Претседателот на Република Македонија д-р Ѓорге Иванов", Претседател на РМ. Пристапено на: http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-07-19-10-40-39/4353.html (последна посета: 30.8.2017)[12] „Comment by the Information and Press Department on the Greater Albania threat to stability in the Balkans", МНР на Руската Федерација. Пристапено на: http://www.mid.ru/en/web/guest/maps/al/-/asset_publisher/U6lx5jp8oEzV/content/id/2735157 (последна посета: 25.9.2017)

што преговара за спроведување на агенди на други држави, посочувајќи кон Платформата на Албанците. Иванов истовремено побара и меѓународна осуда на оваа платформа, која како што изјави „ја загрозува суверенoста и унитарноста на Македонија".

Во овој период државата ја посетија претставниците на Европската комисија, Јоханес Хан, комесар за проширување на ЕУ, Федерика Могерини, висок претставник за надворешна и безбедносна политика на ЕУ и Брајан Хојт Ји, заменик-помошникот државен секретар на САД, со цел да извршат притисок за побрзо надминување на кризата, конституирање на новиот парламент и формирање на новата влада. При својата посета Могерини се обиде да го убеди Иванов да го додели мандатот за формирање на владата на новото парламентарно мнозинство. Во овој период со реакција се произнесе и Министерството за надворешни работи на Руската Федерација.[12] Руското МНР ја опиша ситуацијата во Македонија како резултат на мешањето на НАТО и ЕУ, со цел Македонците да ја прифатат „Платформата од Тирана" која се заснова на мапите за Голема Албанија. Меѓутоа, овие посети на високи странски претставници немаа особено влијание врз политичките актери во државата кои во најголем дел останаа на своите позиции.

На 27 март 2017 продолжи конститутивната седница на Собранието започната на 30 декември 2016 со која претседаваше претходниот претседател на парламентот, Трајко Вељановски од ВМРО-ДПМНЕ. Во меѓувреме пратениците на најголемите партии во парламентот ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ не поднесоа барање за формирање на пратенички групи. Со тоа секој нивен пратеник имаше можност да ги заобиколи ограничувањата од Деловникот на Собранието во однос на бројот и времетраењето на дискусиите. Пратениците на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ ја искористија оваа можност да ја одолговлекуваат дискусијата на точката за избор на претседател и членови на Комисијата за избор и именувања која му претходи на изборот на Претседател на Собранието до 27 април. Изборот на претседател е потребен за да може да се закаже седница за избор на нова влада. Истовремено во целиот период продолжија секојдневните протести на иницијативата „За заедничка Македонија", кои секојдневно завршуваа пред зградата на Собранието. Протестите до овој датум генерално се одвиваа во мирна атмосфера. Меѓутоа, на 27 април откако претседавачот Вељановски одлучи да означи крај на работниот ден во Собранието во 17 часот, новото парламентарно мнозинство одлучи да ја продолжи седницата со гласање да се премине на следната точка од дневниот ред, односно на избор на Претседател на Собранието. Пратениците на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ во обид да го спречат тоа, ја опкружија и заземаа говорницата во пленарната сала. Во тензична и хаотична атмосфера, пратениците од мнозинството во својот дел од салата, сепак, изгласаа преминување на следната точка од дневниот ред, а набрзо потоа го предложија и го изгласаа за нов претседател на Собранието пратеникот Талат Џафери од ДУИ.

Поради ваквиот развој на настаните, дел од протестантите од „За заедничка Македонија" кои во моментот се наоѓаа пред зградата на парламентот ја пробија заштитната ограда и полицискиот кордон, а потоа успеаја и да влезат во зградата во која се наоѓаа пратениците. Притоа беше видлива бавната реакција на полицијата и собраниското обезбедување во спречување на упадот. Дел од толпата која влезе во Собранието набрзо ги нападна дел од пратениците и новинарите кои во моментот беа повлечени во прес-салата на парламентот. Во инцидентот беа повредени дел од пратениците од новоформираното парламентарно мнозинство и неколкумина новинари. Меѓу повредените беше и претседателот на СДСМ и мандатар на идната влада, Зоран Заев, а со потешки повреди се здоби лидерот на коалицијата

[12] „Comment by the Information and Press Department on the Greater Albania threat to stability in the Balkans", МНР на Руската Федерација. Пристапено на: http://www.mid.ru/en/web/guest/maps/al/-/asset_publisher/U6lx5jp8oEzV/content/id/2735157 (последна посета: 25.9.2017)

„Алијанса за Албанците", Зијадин Села. Села по нападот беше пренесен во болница и задржан на повеќедневно лекување.

Претставниците на мнозинството во Собранието предводено од СДСМ го окарактеризираа упадот на демонстрантите како „обид за убиство" на нивни пратеници оркестриран од ВМРО-ДПМНЕ и обид да се предизвикаат улични судири меѓу граѓаните со цел да се воведе вонредна состојба во земјата. Претставниците на новата опозиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ го окарактеризираа настанот како „кршење на Уставот и државен удар" организиран од СДСМ, а дека демонстрантите биле целно испровоцирани од страна на СДСМ да влезат во зградата. Медиумите го именуваа инцидентот како „Црн четврток". Сите политички партии и меѓународната заедница ги осудија настаните на 27 април, а истражните органи ги испитуваат случувањата.

Според Изборниот законик,[13] мандатите на советниците избрани на локалните избори во 2013 година требаше да истечат во април, а на градоначалниците до 15 мај 2017. Со тоа новите локални избори требаше да се одржат во првата половина на мај 2017. Меѓутоа, поради одложувањето на конституирањето на парламентот беше пробиен крајниот рок за распишувањето на изборите кој истече на 6 март.[14] За да се надминат можните законски противречности поради истекот на мандатите, Министерството за локална самоуправа и Светскиот македонски конгрес до Уставен суд доставија две иницијативи[15] за преиспитување на уставноста на членови од Законот за локална самоуправа и од Изборниот законик. Со едната иницијатива беше опфатен членот

13 Изборен законик (прочистен текст) (Неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sobranie.mk/content /Избори/ИЗБОРЕН%20ЗАКОНИК%20-%20 ПРЕЧИСТЕН%20ТЕКСТ_%20МАЈ%202016.pdf (последна посета: 28 август 2017)

14 „Локалните избори пред одложување", Нова Македонија, 7 март 2017. Пристапено на: http://novamakedonija.com.mk/ NewsDetail?title=Локалните-избори-пред-одложување -&id=cbe251d9-f7b6-4658-a754-e89b0f50ef17 (последна посета: 28 август 2017)

15 Решение (У.Број 29/2017-0-0) од 10 мај 2017. Уставен суд на Република Македонија. Пристапено на: http://www.ustavensud.mk/domino/WEBSUD.nsf (последна посета: 28 август 2017)



од Законот за локална самоуправа со кој на советниците им завршува мандатот порано отколку на градоначалниците и се бараше негово поништување поради тоа што создавала нееднаквост помеѓу времетраењето на мандатите на избраните функционери на локално ниво.

Со иницијативата за Изборниот законик се бараше бришење на одредбата дека изборите ќе се одржат во „првата половина на мај". Уставниот суд на седницата одржана на 10 мај ги отфрли двете иницијативи и одлучи дека оспорените членови од двата закона се во согласност со Уставот. Еден ден претходно, на 9 мај, Заедницата на единиците на локална самоуправа – ЗЕЛС[16] во која членуваат сите општини и градоначалници побара Собранието да го продолжи мандатот на избраните функционери, тврдејќи дека доколку тоа не се случи општините нема да можат да ги вршат своите основни функции, а сите одлуки и решенија нема да бидат законски.

По случувањата од 27 април ВМРО-ДПМНЕ одби да го признае изборот на новиот претседател на Собранието Талат Џафери од ДУИ, со образложение дека во постапката е прекршен Уставот. Тоа доведе и до одолговлекување на формалното преземање на функцијата до 9 мај, кога Службен весник ја објави одлуката за избор на претседател на Собранието.

На 1 мај во Македонија повторно пристигна заменик-помошникот државен секретар на САД, Хојт Ји, и се сретна со Претседателот Иванов и лидерите на политичките партии околу последниот развој на настаните во земјата. По средбата, кабинетот на Иванов соопшти дека доколку постои вистинско лидерство од претседателите на парламентарните партии, правната и политичката пречка за определување на мандат за состав на влада се надминливи. Во

16 „ЗЕЛС: Собранието да го продолжи мандатот на градоначалниците и советниците", Телма, 9 мај 2017. Пристапено на: http://telma.com.mk/vesti/zels-sobranieto-da-go-prodolzhi-mandatot-na-gradonachalnicite-i-sovetnicite (последна посета: 24 август 2017)

соопштението[17] од кабинетот на Претседателот од Заев се побараа гаранции за зајакнување на унитарноста на државата и дека сè ќе биде во согласност со Уставот. На 17 мај лидерот на СДСМ доста-ви писмена гаранција за заштита на уставниот поредок на земјата по што Иванов му го додели мандатот[18] за состав на новата влада. Парламентот ја продолжи својата работа дури на 30 мај со седни-цата за избор на новата влада[19] на мандатарот Зоран Заев од СДСМ, која беше изгласана на 31 мај.

На 1 јуни[20] Собранието ги усвои измените на Изборниот законик, со кои терминот за одржување на локалните избори се смени од мај 2017 во октомври 2017 година, со што воедно се продолжи манда-тот на постоечките совети и градоначалници.

## УЧЕСНИЦИ НА ИЗБОРИТЕ

На локалните избори, самостојно или во коалиција, како подносите-ли на кандидатски листи за градоначалници се јавуваат 19 политички субјекти, но ниеден не номинира кандидати за градоначалници во сите 81 единици на локалната самоуправа. Најмногу кандидатури поднесе коалицијата предводена од СДСМ – 70, од кои 6 се жени. Од поголе-мите партии, ВМРО-ДПМНЕ со својата коалиција, а во еден случај и са-мостојно, има номинирано вкупно 68 кандидати за градоначалници, од кои 4 се жени. ДУИ има номинирано 18 кандидати за градоначалници,

17 „Средба со заменик-помошникот на државниот секретар за европски и евро-азиски прашања на САД, г. Хојт Брајан Ји", Претседател на РМ, 1 мај 2017. Пристапено на: http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-41-54/4428.html. (последна посета: 31.8.2017)

18 „Претседателот Иванов го врачи мандатот за состав на Влада на Република Македонија", Претседател на РМ, 17 мај 2017. Пристапено на: http://president.mk/mk/2011-06-17-09-55-07/2011-09-03-11-36-59/4441.html. (последна посета: 31.8.2017)

19 „Избрана новата Влада на Република Македонија", Влада на РМ, 1 јуни 2017. Пристапено на: http://vlada.mk/node/12802 (последна посета: 31.8.2017)

20 „Локалните избори ќе се одржат на 15 октомври", ТВ Нова, 2 јуни 2017. Приста-пено на: http://tvnova.mk/vesti/makedonija/lokalnite-izbori-ke-se-odrzhat-na-15-ti-oktomvri/ (последна посета: 24 август 2017)



од кои само една е жена, Беса номинираше 10, од кои, исто така, само една жена, додека ДПА номинираше 7 кандидати за градоначалници, од кои ниедна не е жена. Политичката партија Алијанса на Албанците настапува со 6 кандидати, Социјалдемократска партија на Македонија (СПДМ) со четири, Левица со три, коалицијата „Алијанса за Албанците", Народното движење за Македонија (НДМ) и Демократска партија на Турците од Македонија (ДНЕТ) со по два кандидати, партиите Трајно македонско радикално обединување (ТМРО), Движење за национално единство на Турците (ДНЕТ), Граѓанска опција за Македонија ГРОМ, Партијата за демократски просперитет (ПДП) и Сојузот на Ромите од Македонија (СРМ) со по еден кандидат за градоначалник. Поднесени се и вкупно 26 листи на независни кандидати за градоначалници од група избирачи. Од независните кандидати само 2 се жени. Од вкупно 224 кандидати за градоначалници само 16 се жени (7 %). За разлика од законската норма, која ги обврзува партиите секој трет кандидат на предложените листи за кандидати за советници да е од помалку застапениот пол, слична обврска не се наметнува за кандидатите за градоначалници.[21] Сите учесници во изборите го имаат исполнето овој услов, земајќи предвид дека доколку законските обврски не се испол-нат, изборната администрација ќе ја отфрли листата.

Исто така, од страна на сите партии, групи и коалиции се поднесе-ни вкупно 373 листи за кандидати за советници.

## ПОДГОТОВКИ ЗА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2017

Како почеток на подготовките за изборите може да се смета промена-та на Изборниот законик во делот на член 16 каде датумот за одржу-вање на изборите од мај 2017 е заменет во 15 октомври 2017. Собра-нието ги усвои овие измени на 1 јуни 2017 година. Претседателот на Собранието, Талат Џафери, во рамки на своите надлежности на 6

21 Член 64 од Изборниот законик

август ги распиша локалните избори. На 5 септември Владата на седница усвои „Декларативни заложби за фер и демократски избори“,[22] со кои, како што се вели, „се заложува за унапредување на изборниот процес и превенирање на притисоци врз граѓаните“. Во декларацијата Владата предвидува формирање на Координативно тело кое ќе го контролира почитувањето на забраните кои произлегуваат од Изборниот законик во периодот од распишувањето до завршувањето на изборите. Во декларацијата се најавува и дека Владата ќе објави листа на започнати проекти кои претставуваат редовни и тековни активности и дека истото ќе го бара од сите општини и Градот Скопје.

Според Роковникот за спроведување на изборите, учесниците во кампањите можеа да отворат трансакциски сметки најрано на 8 август 2017 година (48 часа по распишување на изборите), а најдоцна 48 часа по потврдувањето на листата на кандидат, односно листата на кандидати. Сметките се затвораат во рок од 3 месеци по завршување на изборите.

Уште пред почетокот на изборната кампања, која според Изборниот законик започна на 25 септември, најголемите партии почнаа да промовираат дел од своите кандидати за градоначалници и советници. Меѓу првите, уште на 3 септември, намерата да се кандидира за градоначалник ја потврди Арбен Таравари, министер за здравство во Владата од редот на Алијанса за Албанците. СДСМ и коалицијата ги промовираа дел од кандидатите за градоначалници на скопските општини и Градот Скопје на 5 септември. Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ официјално почна да ги промовира своите кандидати за градоначалници од 13 септември, кога објави дел од имињата за скопските општини и Градот Скопје. Партиите потоа во делови ги објавуваа и останатите имиња на кандидатите за градоначалници.

22 „Декларативни заложби за слободни и фер избори“, Влада на РМ. Пристапено на: http://vlada.mk/sites/default/files/Декларативни%20заложби%20за%20слободни%20и%20фер%20избори.pdf (последна посета: 25.9.2017)



ВМРО-ДПМНЕ процесот на објавување на кандидатите го заокружи со голема конвенција која се одржа во Скопје на 23 септември, на која партијата ги промовираше сите кандидати заедно. Движењето Беса ги промовираше своите кандидати на 24 септември на плоштадот во Тетово. ДУИ, пак, истата вечер ги објави и ги презентираше своите кандидати на конвенција која се одржа во Скопје. Алијансата на Албанците промотивниот настан го одржа на 25 септември во Тетово. СДСМ своите кандидати ги презентираше на повеќе помали локални настани.

Собирањето на потписи пред овластените лица од ДИК за предлагање листа на кандидат за градоначалник на општината, односно Градот Скопје и листи на кандидати за членови на советот на општината, односно Градот Скопје од група избирачи, започнува 15-от ден од денот на распишувањето на изборите и трае 15 дена. Рокот за собирање на потписи пред ДИК почна на 21 август, а заврши на 4 септември 2017.

Во периодот од 21 август до 9 септември 2017 Избирачкиот список беше ставен на јавен увид, при што секој граѓанин можеше да ја провери состојбата на своите податоци. Избирачкиот список ги содржи сите полнолетни граѓани (над 18 години) со живеалиште на територија на Република Македонија кои поседуваат биометриски лични исправи. Исто така, во Избирачкиот список се запишани државјаните на РМ кои се на престој или на привремена работа во странство, но поседуваат важечка патна исправа.

Според роковникот, 23 дена пред денот на изборите ДИК треба да ги огласи кандидатските листи за градоначалници и за советници на избирачките места во општините.[23]

Според законски утврдените рокови и според Роковникот на ДИК за

23 Целосните листи на кандидати за членови на советите и градоначалници се достапни на следниот линк: https://kandidati.sec.mk/Default.aspx

спроведување на изборите, кампањата започнува на 25 септември а завршува на 13 октомври, додека за вториот круг кампањата завршува на 27 октомври 2017 година на полноќ.[24]

## ПОСЛЕДНИ ПРОМЕНИ ВО ИЗБОРНОТО ЗАКОНОДАВСТВО[25]

Последните промени на изборното законодавство произлегоа како дел од Договорот од Пржино. На 75. Седница Собранието по скратена постапка го донесе пакетот закони вклучително и Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик[26] кои произлегуваа од Договорот од Пржино и од лидерската средба, а беа со цел создавање услови за одржување фер и легитимни предвремени парламентарни избори. Овие измени се однесуваа на следните суштински аспекти од изборниот процес:

- Се забранува користење канцелариски простор, опрема и службени возила на државните органи за потребите на изборната кампања, освен со посебни прописи.
- Како дел од промените на Изборниот законик се предвидува и Кодекс за фер и демократски избори[27] кој ќе биде потпишан од страна на политичките партии учесници во изборите од денот на распишувањето на изборите. Со Кодексот учесниците се обврзуваат да не вршат притисок врз вработените

[24] Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2017 година за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, Државна изборна комисија, 7 август 2017 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zRHM2Qy1ndEM0VHM/view (последна посета: 5 септември 2017)

[25] КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

[26] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Р. Македонија, бр. 196 од 10 ноември 2015. Пристапено на: http://www.slvesnik.com. mk/Issues/63cc34eb402342698f7e82e59629175a.pdf (последна посета: 9 септември 2017)

[27] Кодекс за фер и демократски избори, ноември 2016. Пристапено на: https://drive.google. com/file/d/0B8ZpCwro9h-zTGdoMmZIZjV4UkE/view (последна посета: 5 септември 2017)



во јавната и државната администрација или други институции финансирани од Буџетот на Република Македонија. Исто така, Кодексот има за цел да гарантира дека поддржувањето, односно неподдржувањето на која било политичка партија или кандидат од страна на граѓаните, учесниците во изборниот процес нема да го искористат како предмет за закана во однос на работно место или социјалната сигурност. За Локалните избори 2017 година, Владата на Република Македонија на 5 септември 2017 ги донесе Декларативните заложби за слободни избори, во кои, меѓу другото, се повикува и на препораките од Прибе и договорите од Пржино од 2 јуни 2015 година и 20 јули 2016 година. Според оваа декларација, е предвидено формирање координативно тело кое ќе го контролира процесот на доследно почитување на Изборниот законик. Со оваа декларација Владата се задолжува да објави листа на веќе започнати проекти за кои се веќе одвоени средства од Буџетот на Република Македонија.[28]

- Составот на ДИК беше променет, од претходни седум члена на девет члена. Во овој состав влегуваат претседател, потпретседател и 7 члена. Начинот на избирање на членовите на ДИК беше променет. Со новите измени тројца членови ги предлагаат политичките партии на власт, притоа партијата на власт со најголем број пратеници во Собранието предлага двајца членови, а втората партија по број на пратеници на власт предлага еден член. Партиите од опозицијата предлагаат тројца членови, при што опозициската партија со најголем број пратеници во Собранието предлага двајца членови, а втората по големина опозициска партија со број на пратеници предлага еден член. Тројца членови ќе се избираат по пат на консензус, кои ќе ја претставуваат екс-

[28] Влада на Република Македонија, Декларативни заложби за слободни и фер избори, септември 2017. Пристапено на: http://vlada.mk/sites/default/files/Декларативни%20заложби%20за%20слободни%20и%20фер%20избори.pdf (последна посета: 25 септември 2017)

пертската јавност. Со промените беше воведена функцијата генерален секретар на ДИК која има за цел зајакнување на административниот дел. Генералниот секретар не влегува во составот на ДИК и нема право на глас.

- Дополнителните промени на Изборниот законик вклучуваат и одредби кои се однесуваат на Избирачкиот список. ДИК се именува како единствено надлежна институција за водење и ажурирање на Избирачкиот список. ДИК обезбедува електронски пристап до Избирачкиот список во согласност со прописите. ДИК го објавува Избирачкиот список на својата веб-страница, при што секој граѓанин има право да поднесе барање до ДИК неговата адреса да не биде јавно објавена од безбедносни причини. ДИК врши ажурирање на Избирачкиот список еднаш месечно, а на секои 6 месеци објавува јавен повик до граѓаните за увид на своите податоци. Исто така, со цел утврдување на веродостојноста на Избирачкиот список, секој член на ДИК може да побара да се изврши увид во евиденцијата на МВР за издавање на биометриски исправи и во базите на податоци и евиденции на граѓани на други државни органи и институции. ДИК усвојува Правилник за методологија за водење и ажурирање на Избирачкиот список заснована на проверки и статистички анализи, вкрстени проверки на различни бази на податоци и евиденции, неограничени теренски проверки и други соодветни признати методи на проверка, како и Правилник за методологија за целосен пристап, вршење промени и бришење на податоци во Избирачкиот список, како и постапка за спроведување теренски проверки заради ажурирање на истиот.

- Измените во Изборниот законик предвидуваат и зголемување на процентот на застапеност на помалку застапениот пол во поднесените листи за кандидати за пратеници и за членови на совет на општината и Градот Скопје, од сегашните 33 % се предвидува зголемување на 40 %, односно на секои три места најмалку едно место му припаѓа на помалку застапениот пол и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места.

- Во категоријата медиумско претставување, со измените на Изборниот законик за прв пат се вбројуваат и електронските медиуми (интернет-порталите), кои исто како и радиодифузните и печатените медиуми кои го покриваат изборниот процес се обврзани да работат во согласност со Изборниот законик. Исто така, се забранува финансирање и донирање на политичките партии од страна на медиумите и лица поврзани со нив, како и се воведува забрана за емитување на реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините и Градот Скопје. Со измените на Изборниот законик фокусот беше ставен и на овозможување еднаков и балансиран пристап на политичките партии до рекламниот простор.

Во 2017 година дојде до две промени во Изборниот законик. Прво, промена во Изборниот законик се случи поради поместувањето на предвидениот датум за одржување на локалните избори од мај во октомври, при што Собранието на Република Македонија го продолжи мандатот на членовите на советите и градоначалниците од изборите одржани на 24 март 2013 година до изборот на новите членови на советите и градоначалниците во првата половина на октомври.[29] На 11 септември 2017 година се донесе нова измена во Изборниот законик според која се предвидува дека Собранието на Република Македонија го усогласува составот на Државната изборна комисија со резултатите од последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија најдоцна 30 дена пред одржување на изборите.[30]

---

[29] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 67 од 1 јуни 2017 година.

[30] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија бр. 125/17.

# ИСТОРИЈАТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1996 – 2013)

## ИСТОРИЈАТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ВО МАКЕДОНИЈА (1996 – 2013)

**Првите локални избори** во независна Република Македонија се одржаа во 1996 година, при што просечниот одѕив на гласачите за избор на советници за општините беше 60,17 %, а за Градот Скопје 53,20 %. Просечниот одзив на гласачите за избор на градоначалник беше 60,28 %, а за Градот Скопје 53,20 %. При овие избори се случија поништувања на гласањето во одредени општини, така што овие податоци не ги вклучуваат резултатите од избор на градоначалници или членови на совет во вкупно 9 општини. Овие локални избори се одржаа според територијалната организација од 1996, според која беа формирани 123 општини и Градот Скопје како посебна единица.[31] Притоа, СДСМ освои најголем број градоначалнички места 51, ВМРО-ДПМНЕ и МААК-конзервативна 27, а Социјалистичката партија 19.[32] На овие избори право на глас имале 1 495 288 избирачи.

На **локалните избори во 2000 година** беа забележани значителен број  прекршувања на изборниот процес и на меѓународните стандарди за слободни и демократски избори. На изборите беа забележани голем број инциденти, насилство и заплашувања на гласачите. Во неколку општини: Гостивар, Тетово, Лабуништа, Џепчиште и Маврови Анови, изборите биле проследени со вооружени инциденти. На некои избирачки места во други општини гласачките кутии биле насилно отворени и уништени. Насилството се повтори на различни

---

31 Закон за територијалната поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа. Службен весник на РМ, 49/1996 од 14.9.1996. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/CAFFB1AA376347A0B1E3044B8FAC16C6.pdf (последна посета: 28 август 2017)

32 Државна изборна комисија. Локални избори 1996: Конечни резултати од локалните избори за градоначалници и членови на советите на општините и Градот Скопје. Скопје 1997 година. Пристапено на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Локални%20избори%201996/5_Извештај%20од%20избори/Извештај%20од%20локални%20избори%201996_ДИК.pdf (последна посета: 24 септември 2017)

места и во вториот круг на гласање. Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР регистрирала групно гласање во 25 % од местата кои ги набљудувала, во 8 % забележала отворено гласање и во 5 % гласање во име на друг. По овие избори, ДИК немала објавено целосни и сеопфатни резултати за изборите. Во првиот круг, коалицијата „За Македонија заедно", предводена од СДСМ, освојува 38 % од гласовите за градоначалници, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива (ДА) – 27 %, ДПА – 13 %, а ПДП – 6 %. Финалните резултати покажаа победа за коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократска алтернатива, „За промени", во 48 % од општините, односно тие освојуваат 59 градоначалнички места, а коалицијата предводена од СДСМ „За Македонија заедно" освојува 32 градоначалнички места.[33] На овие избори право на глас имале 1 634 859 избирачи.[34]

**Локалните избори во 2005 година** повторно не ги исполнија клучните меѓународни стандарди за универзалност, еднаквост и тајност на правото на глас. За разлика од претходните, овие избори не ги одбележа насилство, но беа забележани голем број неправилности во западниот, северозападниот дел на земјата и во Скопје. Воедно, изборите од 2005 година се првите кои се спроведени според територијалната организација од 2004 година која воспостави 84 општини на територијата на Македонија и го задржа статусот на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа.[35] Од страна на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР биле забележани 30 случаи на полнење на гласачки кутии и над 50 случаи на гласање во име на друг. Во 9 општини, меѓу кои и Градот Скопје, како резултат на жалби кои се однесуваат на неправилности во првиот круг на

33 Ibid

34 OSCE/OIDHR Office for Democratic Institutions and Human Rights. Former Yugoslav Republic of Macedonia Municipal Elections 10 September 2000. OSCE/OIDHR Election Observation Mission Final Report. Warsaw, 2000. Пристапено на: http://idscs.org.mk/wp-content/uploads/2015/09/finalen-izvestaj-OSCE-ODIHR-2000.pdf (последна посета: 28 август 2017)

35 Закон за територијална организација на локалната самоуправа. Службен весник на Република Македонија бр. 55/2004 од 16.8.2004. Пристапено на: http://www.pravo.org.mk/documentDetail.php?id=204 (последна посета: 28 август 2017)



гласање, истиот морал да биде повторен. Во овие места, исто така, требало да се спроведе втор круг на гласање, што резултира со задоцнет втор круг, кој се одржува на 10 април 2005 година. Одзивот на гласачите во првиот круг бил 56,36 %, во вториот круг на 27 март бил 53,66 %, а на 10 април бил 35,6 %. На овие избори победи коалицијата предводена од СДСМ која доби 36 градоначалнички места. ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата освои 21 градоначалничко место, ДУИ – 15, ВМРО-НП – 3, ДПА – 2 и Сојузот на Ромите – 1. Градоначалници станаа 7 независни кандидати, меѓу кои и кандидатот за Скопје, Трифун Костовски, кој беше поддржан од ВМРО- ДПМНЕ.[36] На овие избори право на глас имале 1 711 293 избирачи.

**Локалните избори во 2009 година,** кои се одржаа во ист ден со претседателските избори, се првите локални избори кои се одржуваат во генерална согласност со меѓународните и стандардите на ОБСЕ за демократски избори. Но, и за овие избори Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР има големи забелешки за заплашување на гласачите. Набљудувачкиот извештај укажува на заплашувања и притисоци кон гласачите, особено врз вработените во јавната администрација и корисници на социјална помош, кои биле под закана да гласаат за владејачката партија.[37] И во 2009 година е забележано семејно гласање, гласање во име на друг (во 3 % од случаите), едно исто лице да „помага" на повеќе гласачи (4 %), обид да се влијае на гла-

36 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна југословенска Република Македонија, Локални избори 12 и 27 март и 10 април 2005. Конечен извештај на Мисијата за набљудување за избори на ОБСЕ/ОДИХР. Варшава, 2005. Пристапено на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Локални%20избори%202005/6_Извештаи%20од%20меѓународни%20и%20домашни%20набљудувачи/Финален%20набљудувачки%20извештај%20локални%20избори%202005_Македонија_ОБСЕ-ОДИХР_МКД_оригинал.pdf (последна посета: 24 септември 2017)

37 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна југословенска Република Македонија, Локални избори 22 март и 5 април 2009. Конечен извештај на Мисијата за набљудување за избори на ОБСЕ/ОДИХР. Варшава, 2009. Пристапено на: http://izbornaarhiva.mk/dokumentacija/Локални%20избори%202009/6_Извештаи%20од%20меѓународни%20и%20домашни%20набљудувачи/Финален%20набљудувачки%20извештај%20претседателски%20и%20локални%20избори%202009_Македонија_ОБСЕ-ОДИХР_МКД_оригинал.pdf (последна посета: 28 август 2017)

сачите (4 %), заплашување на гласачите и членови на избирачките одбори (ИО) (1 %), идентични потписи во изводите од Избирачкиот список (2 %) и повеќекратно гласање (1 %).[38] ВМРО-ДПМНЕ беше победник во 56 општини, ДУИ во 15, СДСМ во 7, а ДПА, НД, ДПТМ, СР, ПДСМ освоија по еден градоначалник. Двајца независни кандидати, исто така, освоија градоначалнички места. На овие избори право на глас имале 1 792 082 избирачи.

Во овој контекст, приоритетните препораки од 2009 година, кои се повторуваат во извештајот за предвремените парламентарни избори во 2011 година, бараат од власта да преземе мерки и да се справи со притисоците и заплашувањата на гласачите. Покрај ова, извештајот на ОДИХР/ОБСЕ даде уште пет други приоритетни препораки: да се одвои државата од партијата; да се поправат сите недостатоци и двосмислености во Изборниот законик; ревизија и поправка на Избирачкиот список; да се преземат мерки со кои би се разрешиле конфликтите на интереси помеѓу лица кои се вклучени во политиката, а вршат контрола врз приватните радиодифузери и воведување рокови во кои Судот би ги донел одлуките во однос на приговорите на Советот за радиодифузија. И во двата извештаја ОБСЕ/ОДИХР повикува на ревизија на Избирачкиот список, што е една од препораките кои беа исполнети. Европската Унија смета дека Република Македонија има постигнато напредок во спроведувањето избори и ги повторува заклучоците и препораките на ОБСЕ/ОДИХР. Тогашниот амбасадор на САД, Филип Рикер, ги оцени изборите како добро спроведени.[39]

**Локалните избори во 2013 година** се одвиваа во мирна атмосфера добивајќи позитивни оценки за ефикасноста на нивното спроведување, иако беа посочени и одредени недостатоци. Недостатоците во најголем дел беа посочени во насока на недоволни услови за

38 Ibid
39 Интервју со Филип Т. Рикер, Амбасадор на САД во РМ, емисија Х/О со Роберт Поповски. Канал 5 ТВ, 8 јуни 2011



обезбедување на еднакво поле на натпревар помеѓу кандидатите. Во тој контекст се нотирани забелешки во делот на преклопување на државните и партиските активности, финансирањето на изборните кампањи, законската рамка, како и медиумското известување.[40] Иако во ретки случаи, сепак, забелешките, исто така, вклучуваа нарушување на тајноста на гласањето, семејно гласање и уништување на материјал за кампања. Сериозни забелешки се утврдени кај медиумите најмногу во насока на нивната поделеност по етничка и партиска линија.[41] ОБСЕ/ОДИХР подготвија низа препораки за надминување на посочените забелешки. Општите препораки вклучуваат зголемување на точноста на Избирачкиот список, заштита од заплашување избирачи и измени на Изборниот законик. Во однос на финансирањето, препораките се движат во насока на измена на соодносот на донации кој постои помеѓу правните и физичките лица, прецизирање дали ограничувањата на трошоците за кампања важат и за двата круга од изборите и поголема деталност на поднесените извештаи.[42] Во делот на медиумите, препораките се во насока на обезбедување поизбалансирано претставување на кандидатите преку подобрување на Изборниот законик, Законот за радиодифузна дејност и адресирање на недоследностите кои постојат меѓу нив.[43] На овие избори, право на глас имаа 1 743 403 гласачи распределени во вкупно 2976 избирачки места. Со овие избори стапи на сила новиот Закон за локална самоуправа, со што за прв пат се избираа градоначалници и советници во 81 општина, бидејќи општините Вра-

40 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна југословенска Република Македонија Локални избори 24 март и 7 април 2013. Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ Конечен извештај. Варшава, 2013. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832?download=true (последна посета: 24 август 2017)
41 За повеќе информации, види: КАС, ИДСЦС Прирачник за локални избори во Република Македонија 2013 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_33811-1522-2-30.pdf?130315120539
42 ОБСЕ/ОДИХР Канцеларија за демократски институции и човекови права, Поранешна југословенска Република Македонија Локални избори 24 март и 7 април 2013. Набљудувачка мисија за избори на ОБСЕ Конечен извештај. Варшава, 2013. Пристапено на: http://www.osce.org/mk/odihr/elections/103832?download=true (последна посета: 25 август 2017)
43 Ibid

нештица, Другово, Зајас и Осломеј се припоија на општина Кичево.[44] Излезноста на овие избори беше прилично висока. Во првиот изборен круг таа изнесуваше 67 %, додека во вториот круг кој се одржа во 29 општини излезноста изнесуваше 59 %. Повторено гласање имаше во општина Долнени, додека поради поништени резултати прегласување на вториот круг имаше во четири општини, Центар, Долнени, Струга и Ѓорче Петров. Излезноста на третиот изборен ден изснесуваше 65 %.[45] Најдоминантна партија на овие локални избори беше ВМРО-ДПМНЕ која доби најмногу градоначалници во споредба со останатите партии. ВМРО-ДПМНЕ освои 56 градоначалнички места, ДУИ доби 14 градоначалници, СДСМ – 4, ДПА – 2, Демократската партија на Турците (ДПТМ), Српска напредна странка во Македонија (СНС) и Сојуз на Ромите на Македонија (СРМ) со по еден градоначалник, а избрани беа и двајца независни кандидати.[46]

Табела 1: Одѕив на локалните избори од 1996 до 2013 година,[47] за прв и втор круг[48]

| **Година** | **1996** | **2000** | **2005** | **2009** | **2013** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Одѕив** | 60 %<br>(51 %) | 59 %<br>(53 %) | 56 %<br>(53 %) | 57 %<br>(43 %) | 67 %<br>(65 %) |

44 МОСТ. Финален извештај, Домашно набљудување на локалните избори 2013. Скопје, 2013. Пристапено на: http://most.org.mk/images/MOST/Final%20Report_Local%20Elections%202013_MKD.PDF (Последна посета 25 август 2017)

45 Државна изборна комисија, ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2013: http://www.sec.mk/lokalni-izbori-2013/

46 За повеќе информации за резултатите од изборите, види: КАС, ИДСЦС, Прирачник за локални избори во Република Македонија 2013 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_33811-1522-2-30.pdf?130315120539

47 Ibid

48 Првиот процент се однесува на одѕивот во прв круг, а вториот на одѕивот во втор круг. Процентите се заокружени.

# МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ

## МАКЕДОНСКИОТ ИЗБОРЕН СИСТЕМ ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ[49]

### ИЗБОРЕН МОДЕЛ

Во Република Македонија, изборите за **градоначалници** во единиците на локалната самоуправа (ЕЛС) се вршат по мнозинскиот изборен модел, а изборите за **членови на советите во единиците на локалната самоуправа** по пропорционален модел. Изборите за градоначалници и членови на советите се одржуваат **секоја четврта година**, истовремено во сите општини, во првата половина на месец октомври.[50] Претседателот на Собранието ги распишува изборите со соодветен акт кој се објавува во Службен весник на Република на Македонија, при што од денот на распишување на изборите до одржување на изборите не може да поминат повеќе од 90, а помалку од 70 дена.

**Изборот на градоначалник** во единиците на локалната самоуправа се врши **по мнозинскиот изборен модел.** За градоначалник е избран кандидадот кој освоил мнозинство гласови во првиот круг на гласање, доколку на изборите излегле барем една третина избирачи запишани во Избирачкиот список на соодветната единица на локална самоуправа. Доколку ниту еден од кандидатите не го исполнил

---

49 Според Изборен законик (прочистен текст) (Неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: https://www.sobranie.mk/content/Избори/ИЗБОРЕН%20ЗАКОНИК%20-%20ПРЕЧИСТЕН%20ТЕКСТ_%20МАЈ%202016.pdf (последна посета: 28 август 2017) Земени се предвид и последните измени од 1 јуни и 11 септември 2017 година (Службен весник на Република Македонија 67/17 и 125/17)

50 Со последните измени на Изборниот законик од јуни 2017 година, се смени член 16 став 1 каде што зборовите „во првата половина на мај" се заменија со зборовите „првата половина на октомври". Со тоа се овозможи Локалните избори 2017 да се одржат во првата половина во октомври

потребниот услов, изборите се повторуваат во втор круг за оние двајца кандидати кои освоиле најголем број гласови. Ако на изборите учествува само еден кандидат, а притоа тој не го освои потребното мнозинство, изборната постапка се повторува. Вториот круг на гласање се спроведува 14 дена по завршувањето на првиот. Во вториот круг е избран оној кандидат кој добил поголем број на гласови.

При **изборот на советници** во ЕЛС се употребува **пропорционалниот модел**, при што распределбата на мандатите се врши по Д'Хондт-овата формула. Според формулата, вкупниот број на гласови добиен за предложените кандидатски листи се дели со низот на делители 1,2,3... сè до бројот на членовите на советот кои се избираат во конкретната ЕЛС. Вака добиените количници се редат по големина, при што се земаат предвид оние најголеми количници колку што се избираат членови во советот. Една листа на кандидати добива онолку членови во советот колку што има најголеми количници од оние кои се земени предвид.

## ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ИЗБОРИ

Органи кои ги спроведуваат изборите се: Државната изборна комисија (ДИК), општинските изборни комисии (ОИК) и Изборната комисија на Градот Скопје, избирачките одбори, како и избирачките одбори во дипломатско-конзуларните претставништва.[51] Според измените на Изборниот законик од преговорите од Пржино,[52] Државната изборна комисија е составена од девет членови кои ги избира Собранието со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници. Функцијата ја извршуваат професионално со мандат од пет години и имаат право на повторен избор. Членовите на ДИК се избираат во рок од 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот состав. ДИК има партиско-експертски состав, при што шест нејзини членови се претставници на политичките партии претставени во Собранието, а тројца членови се избираат на заеднички предлог од партиите на власта и на опозицијата, односно од редот на пријавени кандидати. Притоа партијата на власт со најголем број пратеници предлага двајца членови, втората по големина партија на власт предлага еден член. Најголемата политичка партија во опозиција предлага двајца членови, а втората по големина опозициска партија предлага еден член. Претседателот и потпретседателот на ДИК се избираат од страна на Собранието од редот на членовите кои се предложени на заеднички предлог од партиите на власта и опозицијата, при што претседателот или потпретседателот треба да биде од редот на припадниците на најголемата немнозинска заедница. ДИК именува генерален секретар кој раководи со стручната служба која ги врши стручно-административните и организациско-техничките работи.[53] Со најновите измени од 11 септември 2017 година, додаден е нов член во Изборниот законик каде што се предвидува дека Собранието на Република Македонија го усогласува составот на Државната изборна комисија со резултатите од последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија најдоцна 30 дена пред одржување на изборите.[54]

ДИК е одговорна за **водење на Избрачкиот список** во кој се запишуваат сите граѓани со наполнети 18 години кои имаат живеалиште на територијата на Република Македонија, вклучувајќи ги и оние кои се на привремен престој во странство, а кои имаат важеч-

51 Во дипломатско-конзуларните претставништва граѓаните кои се на привремена работа или престој во странство може да гласаат само на изборите за избор на претседател на Републиката и пратеници во Собранието на РМ, додека на локалните избори се гласа само во подрачјето на општината, односно Градот Скопје

52 European Comission, Agreement between the four political parties 20 July 2016. Пристапено на: http://eeas.europa.eu/archives/delegations/the_former_yugoslav_republic_of_macedonia/press_corner/all_news/news/2016/2016-07-20_agreement_en.htm (последна посета: 24 септември 2017)

53 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-61-30.pdf?161201145621

54 Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија бр. 125/17

ка лична карта или патна исправа. Во Избирачкиот список не се запишуваат оние граѓани кои имаат изгубено деловна способност со правосилна судска пресуда.

**Општинските изборни комисии** (ОИК), кои се формираат на ниво на секоја општина, се задолжени за спроведување на изборите на територијата под нивна надлежност и вршат надзор на работата на избирачките одбори. Тие се составени од пет членови, од кои еден е претседател, а секој од членовите има заменик. Членовите и замениците на ОИК се избираат од редот на вработените во државната, јавната и општинската администрација, со високо образование, за мандат од пет години. Нивниот избор го врши ДИК по случаен избор штом ќе ја добие евиденцијата на податоци на државната и општинската администрација, администрацијата на Градот Скопје и јавната администрација.[55]

Составот на **избирачките одбори** претставува комбинација од вработени во државната, јавната и општинската администрација (претседателот, неговиот заменик, двајца членови и нивните заменици), како и претставници на политичките партии. По еден член и неговиот заменик доаѓа како предлог на партиите кои се во опозиција, а освоиле најмногу гласови на последните парламентари избори. Исто така, по еден член и неговиот заменик доаѓа како предлог на партиите кои ја освоиле власта на последните парламентарни избори. Мандатот на членовите на избирачките одбори е 4 години. Случајниот избор на членовите на избирачките одбори (од редот на администрацијата) го вршат ОИК и Изборната комисија на Градот Скопје за подрачјето за кое се надлежни, по претходен акт на ДИК.[56]

55 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

56 За повеќе детали види: Упатство за начинот на именување на членови на избирачките одбори по предлог на политичките партии за Локалните избори кои ќе се одржат на 15 октомври 2017 година. Државна изборна комисија. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zdzFKTTFuTldBTGM/view (последна посета: 4 септември 2017)



Во оние општини каде што живеат најмалку 20 % граѓани, припадници на немнозинските заедници, се применува принципот за соодветна и правична застапеност во составот на ОИК и на Избирачките одбори. Законот предвидува и застапеност од најмалку 30 % на секој пол во составот на изборните органи. Членови на ОИК и на избирачките одбори не можат да бидат избрани или наименувани функционери од Владата, Собранието и лица вработени во државната администрација на Народниот правобранител, министерствата за правда, одбрана, внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Центарот за управување со кризи, стручните служби на Управниот суд, ДИК и Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК).

Изборните органи работат и одлучуваат доколку на седниците присуствува мнозинство од членовите. Во случај на отсуство на член на ОИК, Изборната комисија на Градот Скопје и Избирачкиот одбор, во работата учествуваат замениците на тие членови, исто така, избрани од ДИК. Одлуките во сите изборни органи се носат со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

## ПРАВО ДА СЕ БИДЕ ИЗБРАН

**Кандидат за градоначалник или член на совет** може да биде лице кое навршило 18 години и има деловна способност. Лице кое е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување не е започнато, или се наоѓа на издржување на казна за сторено кривично дело, не може да биде кандидат за овие позиции. Покрај овие услови, кандидатот за градоначалник или член на совет мора да има постојано живеалиште во ЕЛС за која се кандидира.

За разлика од минатите локални избори, за овие локални избори не постоеја дополнителни ограничувања кои беа предвидени со Законот за определување на дополнителен услов за вршење на јавна функција (попознат како Закон за лустрација), бидејќи законот стапи вон сила.

## ОГРАНИЧУВАЊЕ ЗА АКТУЕЛНИ ФУНКЦИОНЕРИ

Функцијата член на совет и градоначалник се врши професионално и таа е неспоива со функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и со други носители на функции кои ги избира или ги именува Собранието и Владата на Република Македонија. Функцијата градоначалник, исто така, е неспоива со функцијата пратеник, со извршување на стручни и управни работи во органите на државната управа, извршување на стопанска или друга профитна дејност, членување во управни одбори на јавни претпријатија, јавни установи, фондови, агенции, заводи и во други правни лица, како и со изборот на претставник на државниот и општествен капитал во трговските друштва. Дополнително, функцијата градоначалник на Градот Скопје и функцијата член на Советот на Градот Скопје е неспоива со функцијата градоначалник на општина и функцијата член на советот на општината на подрачјето на Градот Скопје.

Членовите на Владата и замениците-министри, доколку бидат кандидирани за градоначалници или членови на советите (истото се однесува доколку се кандидати за претседател на Републиката или пратеник), се ограничени во спроведувањето на нивните активности во рамки на функциите кои ги имаат. Вршителот на вакова функција кој е кандидат не може да располага со буџетските средства на Републиката, јавните фондови на општините и Градот Скопје, средствата на јавните претпријатија, установите и останатите правни лица кои располагаат со државен капитал, како и другите објекти кои вршат општествени дејности (градинки, училишта, спортски игралишта и сл.). Овие лица не можат да вршат вонредно исплаќање на плати, пензии, социјална помош, други исплати од буџетски средства или јавни фондови. Воедно, овие лица не можат да склучуваат договори за отуѓување на државен капитал, ниту да потпишуваат колективни договори. Овие ограничувања се активираат од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори, сѐ до денот на завршување на изборите за градоначалници и советници, односно до конституирањето на советите на општините и Градот Скопје.

Дополнително, во периодот од распишување на изборите до нивното одржување не може да се започне постапка на вработување или престанок на работен однос во државни и јавни институции, додека започнатите постапки се ставаат во мирување. Во период од 20 дена пред започнување на изборната кампања не може да се исплаќаат субвенции кои не се редовни месечни исплати, да се одржуваат настани за промоција на изградба или пуштање во употреба на објекти за кои се предвидени јавни финансии. Министерството за финансии е должно сите буџетски исплати кои не се плати јавно да ги објавува во посебна база, а, исто така, е должно и да поднесе предизборен финансиски извештај кој ќе го објавува на својата веб-страница.[57]

57 Член 8-а од Изборен законик (прочистен текст) (Неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија (Службен весник на Република Македонија бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sobranie.mk/content /Избори/ИЗБОРЕН%20ЗАКОНИК%20-%20ПРЕЧИСТЕН%20ТЕКСТ_%20МАЈ%202016.pdf (последна посета: 28 август 2017)

## БРОЈ НА ЧЛЕНОВИ ВО СОВЕТИТЕ

Бројот на членови на советот во секоја од единиците на локалната самоуправа се утврдува според бројот на населението кое живее во нивните рамки. Општините кои имаат до 5.000 жители формираат совети составени од 9 члена, оние меѓу 5.001 и 10.000 – 11 члена, оние меѓу 10.001 и 20.000 – 15 члена, оние меѓу 20.001 и 40.000 – 19 члена, меѓу 40.001 и 60.000 – 23 члена, од 60.001 и 80.000 – 27 члена, меѓу 80.001 и 100.000 – 31 член и над 100.000 – 33 члена. Советот на Град Скопје го сочинуваат 45 члена.[58]

## ПРАВО И ПРОЦЕДУРА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ КАНДИДАТУРИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ ИЛИ СОВЕТНИЦИ

**Право на поднесување кандидатски листи** за советници и кандидат за градоначалник имаат регистрираните политички партии, самостојно или во коалиции, како и групите избирачи. Во зависност од големината на ЕЛС, групите избирачи мора да соберат одреден број на потписи: од 100 потписи за ЕЛС до 10.000 жители, до најмалку 450 за ЕЛС над 100.001 жители, додека, пак, за кандидирање во Градот Скопје се потребни 1.000 потписи.

Во рамки на листата на кандидати за советници, на секое трето место мора да се номинира кандидат кој е припадник на оној пол кој е помалку застапен на листата.

Листата на кандидати за членови на совет и кандидат за градоначалник се поднесува на пропишан образец до ОИК, најдоцна 35 дена пред денот на одржување на изборите. ОИК ги огласува овие листи најдоцна 25 дена пред денот на одржување на изборите.

58 Член 34 од Закон за локална самоуправа, Службен весник на Република Македонија бр. 05/16



## ИЗБОРНА КАМПАЊА[59]

Изборната кампања започнува 20 дена пред одржувањето на изборите и може да трае до 24 часа пред почетокот на изборите. Изборната кампања не смее да се спроведува на денот на одржување на изборите. Изборната кампања за овие локални избори ќе започне на 25 септември 2017 година во 00:00 часот. Изборната кампања за првиот круг завршува на 13 октомври 2017 во 24:00 часот, додека изборната кампања за вториот круг завршува на 27 октомври 2017 година во 24:00 часот.[60]

Организаторите на изборната кампања најдоцна 48 часа по потврдување на листата на кандидати треба да отворат посебна банкарска сметка преку која единствено може да се финансира кампањата и не може да се користи за друга намена. Притоа, кампањата може да се финансира од членарината на политичките партии и од донации кои не смеат да надминат 3.000 евра за физички лица и 30.000 евра за правни лица. Кампањата може да се финансира со пари, ствари и услуги чија вредност не смее да ги надмине овие износи. Ако висината на донацијата е поголема од дозволените износи, учесникот во изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволена-

59 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 4 септември 2017); Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик, Службен весник на Република Македонија, бр. 142 од 1 јуни 2016. Пристапено на: http://www.avmu.mk/images/Zakon_za_izmenuvanje_i_dopolnuvanje_na_izborniot_zakonik_28_juli_2016.pdf (последна посета: 4 септември 2017)
КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

60 Роковник за извршување на изборните дејствија за спроведување на Локалните избори 2017 година за членови на советите на општините и советот на Градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на Град Скопје, Државна изборна комисија, 7 август 2017 година. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zRHM2Qy1ndEM0VHM/view (последна посета: 5 септември 2017)

та и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија. Учесниците во изборната кампања смеат да потрошат најмногу до 110 денари по запишан избирач во изборната единица за која имаат поднесено листа на кандидати, 70 денари помалку отколку што беше дозволено во изборите во 2014 година.

Изборните кампањи не можат да бидат финансирани од средства од Буџетот на Република Македонија, буџетите на општините и Град Скопје, од средства од надоместоците на трошоци за избори кои ги имаат организаторите на изборна кампања. Не може да се финансираат ниту од средства на јавни претпријатија и установи, средства на здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, средства од странски влади и меѓународни институции, како и средства од претпријатија со мешовит капитал каде доминира странскиот капитал, но и од неидентификувани извори. Со новите законски измени радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите), како и нивните поврзани лица не смеат да финансираат или да донираат на политички партии, вклучувајќи и кампањи. Притоа, како поврзани лица се сметаат членови на семејство, на семејството на брачниот или вонбрачниот другар, лицата кои имаат удел во сопственоста, учествуваат во управувањето, лица кои во подолг период со маркетинг или со друг договор остваруваат повеќе од 30 % од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство.[61]

Во случај кандидатурата да не се реализира, организаторите на изборната кампања се должни непотрошените донации во рок од 60 дена да им ги вратат на донаторите. Учесникот во изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од денот на завршување на изборната кампања, да поднесе финансиски извештај за средствата собрани и потрошени во кампањата. Избраните кандидати за член на совет, односно кандидат за градоначалник кои освоиле најмалку 1,5 % од гласовите на излезените граѓани во изборната единица имаат право на надомест од државниот буџет во висина од 15 денари од добиен глас. Овие средства се исплаќаат најдоцна до три месеци по доставувањето на финансискиот извештај за кампањата.

Како дел од законските измени воведени со Договорот од Пржино, од денот на распишување на изборите па до нивното завршување, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет-порталите) не смеат да објавуваат реклами кои се финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на Градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Доколку во текот на јавните настапи или известувања се повредени правата на некои од кандидатите, истите имаат право веднаш да покренат судска постапка за заштита на своите права. За ваква тужба надлежниот основен суд решава во итни рокови, а одлуката се објавува во јавните гласила.

## УЛОГАТА НА ЈАВНИТЕ ГЛАСИЛА[62]

Во текот на кампањата, приватните медиуми, вклучувајќи ги и електронските медиуми (интернет-порталите) и јавниот радиоди-

61 Терминот „поврзани лица" е прецизно дефиниран со Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија, бр. 184 од 26 декември 2013. Пристапено на: http://www.slvesnik.com.mk/Issues/b063254742a44129b8dfe1221762ddb4.pdf (последна посета: 5 септември 2017)

62 Изборен законик (пречистен текст), неофицијална верзија изготвена од Стручната служба на Државната изборна комисија, (Службен весник на Република Македонија, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 и 99/16). Пристапено на: http://www.sec.mk/izboren-zakonik/ (последна посета: 4 септември 2017)
КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

фузен сервис имаат должност да овозможат еднаков пристап за претставувањето на изборните програми и кандидатите на правичен, непристрасен и балансиран начин. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ)[63] (поранешен Совет за радиодифузија) е должна да го следи изборното претставување на партиите и кандидатите во радиодифузните и електронските медиуми (интернет-порталите) од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите. Во случај на повреда на начелото на рамноправен пристап, Агенцијата е должна да покрене прекршочна постапка против одговорниот медиум.

Уредници, новинари, водители на програма и презентери, ангажирани во подготвување програми на радиодифузерите не смеат да учествуваат во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања. Ако се одлучат да учествуваат во такви активности, нивниот ангажман во програмите на радиодифузерите им мирува од денот на распишувањето до завршувањето на изборите.

Јавниот дифузер, Македонската радиотелевизија (МРТВ), е должен без надоместок да ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласање, како и за други прашања поврзани со изборниот процес. МРТВ треба да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма. Со измените на Изборниот законик по Договорот од Пржино, тоа значи дека 30 % од програмата треба да се однесува на настани од земјата и светот, 30 % на активностите на партиите застапени во власта, 30 % од времето на активностите на партиите во опозиција и 10 % од времето на активностите на вонпарламентарните политички партии.

[63] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Службен весник на Република Македонија, бр. 184/2013. Пристапено на: http://www.ujp.gov.mk/files/attachment/0000/0697/Zakon_za_audio_i_audiovizuelni_uslugi_132_2014.pdf (последна посета: 5 септември 2017)



За време на изборната кампања МРТВ е должна да емитува бесплатно политичко претставување на учесниците во изборниот процес во согласност со принципот на избалансираност, односно пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници, а Собранискиот канал треба да обезбеди бесплатно политичко претставување од по три часа и за опозицијата и за владејачките партии во согласност со резултатите од последните парламентарни избори, и еден час за подносителите на листи кои не се застапени во Собранието. Притоа, бесплатното политичко претставување мора да биде соодветно и видливо означено како „бесплатно политичко претставување” во текот на целото времетраење на емитувањето. За разлика од МРТВ, радиодифузерите не смеат да емитуваат бесплатно политичко претставување од денот на распишување на изборите до нивното завршување.

Од денот на распишување на изборите до почетокот на изборната кампања е забрането платено политичко рекламирање. Од истиот ден е забрането и објавување реклами финансирани од државниот и општинските буџети. Во истиот период радиодифузерите се должни да ја снимаат својата програма, а снимките да ги чуваат најмалку 30 дена по завршувањето на изборите со цел да ѝ ги достават на АВМУ, доколку таа ги побара.

Медиумите мора да утврдат ценовници[64] за политичко рекламирање во рок од пет дена од распишувањето на изборите и јавно да ги објават, а истите не смеат да се менуваат во текот на кампањата. Радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат најмногу 18 минути дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, при што за политичките партии на власт посебно и за парламентарните опозициски партии можат да одвојат најмногу

[64] Ценовници на медиумите за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес за локалните избори 2017 година се достапни на веб-страницата на ДИК на следниот линк: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zTVJ4cmlUYzFWUFU/view (последна посета: 27 септември 2017)

по осум минути, а за парламентарните политички партии кои немаат пратеничка група и за вонпарламентарните политички партии можат да одвојат по една минута. Кога постои интерес за спојување на блоковите за дополнителното време за рекламирање на една политичка партија во два последователни реални часа, медиумот треба да осигура наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција на два часа. Радиодифузерите и печатените медиуми се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

Резултати од испитување на јавното мислење поврзано со кандидатите не смеат да се објават преку јавните гласила во текот на последните 5 дена пред денот определен за одржување на изборите. При објавување на резултатите од испитувањата на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, медиумите се должни да наведат податоци за името на нарачателот кој го побарал и го платил испитувањето, институцијата што го извршила испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Резултати од испитувања на јавното мислење спроведени на самиот ден на изборите не смеат да се објавуваат пред 19:00 часот, односно пред затворањето на избирачките места.

## НАБЉУДУВАЊЕ НА ИЗБОРИТЕ[65]

Право за набљудување на изборите имаат акредитирани набљудувачи, при што овластувањето го издава ДИК. Акредитација за набљудувачи можат да добијат домашни граѓански организации кои се регистрирани барем една година пред одржување на изборите, а во својот статут го имаат вградено начелото за заштита на човековите права. Меѓународни  организации и претставници на странски земји, исто така, можат да ги набљудуваат изборите. Овластени претставници на подносителите на листите имаат право да определат нивен претставник кој ќе ја следи работата на изборните органи.

[65] КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

# ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И КОАЛИЦИИ[66]

### ВМРО-ДПМНЕ

ВМРО-ДПМНЕ е партија која се декларира како народна партија десно од центарот, со идеолошка демохристијанска провиниенција. Во 2017 година партијата најави дека ќе ги задржи своите вредности, но ќе се насочи кон пошироко легитимирање како граѓанска десница. Од осамостојувањето до денес, ВМРО-ДПМНЕ е една од двете најголеми партии во Македонија. Учествувала на речиси сите парламентарни и локални избори, со исклучок на парламентарните избори во 1994 година, кога го бојкотира вториот круг. На третите парламентарни избори одржани во 1998 година со освоени 49 мандати во коалиција со Демократска алтернатива, која освојува 13 пратеници, и ПДПА-НДП (подоцна ДПА) со 11, и уште неколку мали партии, ВМРО-ДПМНЕ за првпат формира Влада. ВМРО-ДПМНЕ останува на власт до 2002 година, но за време на конфликтот од мај до ноември 2001 година беше формирана Влада на широка коалиција, која вклучи и министри од СДСМ и ЛДП. Во 2002 година ВМРО-ДПМНЕ заедно со коалициските партнери освојува 33 пратенички мандати, ги губи изборите и функционира како опозиција сè до 2006 година. Во 2006 заедно со коалицијата „За подобра

66 Логоата на партиите се преземени од интернет-страниците на соодветните партии. За сите логоа и фотографии како извор е користен интернет. Поради недостиг на официјални податоци, за одредени политички партии не се наведени целосни контакт информации.
Распоредот на политичките партии е по азбучен ред. Најпрво се наведени трите најголеми парламентарни партии учесници на изборите.
Сите изборни резултати се преземени од Државната изборна комисија. Достапни на: http://www.sec.mk/izbori-arhiva/

Македонија" повторно победува на парламентарните избори освојувајќи вкупно 45 пратенички места и формира Влада. На овие избори партијата за првпат настапи со конкретна програма и конкретни рокови, што беше новина во изборните натпреварувања. Од тогаш до денес ВМРО-ДПМНЕ победува на уште три изборни циклуси, на предвремените парламентарни избори во 2008, 2011 и во 2014. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата „За подобра Македонија" освојува рекордни 63 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2011 заедно со коалицијата, оваа партија освојува вкупно 56 пратенички места. ВМРО-ДПМНЕ на парламентарните избори во 2014 во Собранието освои 52 пратеници, а заедно со коалициските партнери имаа 61 пратеник од вкупно 123 места во Собранието. На последните парламентарни избори во 2016 година, ВМРО-ДПМНЕ освои 51 пратеничко место  со што е најзастапената политичка партија во Собранието на Република Македонија. Сепак, поради воспоставената коалиција помеѓу СДСМ и ДУИ, ВМРО-ДПМНЕ премина во опозиција.

Од основањето до 2003 година претседател на ВМРО-ДПМНЕ е Љубчо Георгиевски. На партискиот Конгрес во мај 2003 година Георгиевски поднесува оставка, а на негово место е избран Никола Груевски, која ја води партијата до денес. Груевски од 2006 година па сè до јануари 2016 г. беше Претседател на Владата на Република Македонија.

На првите локални избори во 1996 година, ВМРО-ДПМНЕ заедно со МААК-конзервативна, освојува 27 општини. На следните локални избори во 2000 година освојува 59 градоначалнички места, но во 2005 губи 37 од нив, односно заедно со коалициските партнери и поддршка на независен кандидат за Скопје освојува 22 градоначалнички места. На наредните локални избори одржани во 2009 година освојува 56 градоначалнички места и убедливо се враќа на власт на локално ниво. Со исходот од локалните избори во 2009 година ВМРО-ДПМНЕ се наметнува како доминантна партија на власт на национално и на локално ниво. На последните локални избори во 2013 коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освојува 57 градоначалнички места од вкупно 80 општини, вклучувајќи го и Градот Скопје. Партијата, исто така, освојува 537 советнички места во 68 општини.




За овие локални избори, коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ е составена од 18 партии:[67] ВМРО-ДПМНЕ (ВМРО-Демократска партија за македонско национално единство), Социјалистичка партија на Македонија, Демократска партија на Србите во Македонија, Граѓанска опција за Македонија-ГРОМ, Сојуз на Ромите од Македонија, Партија на правдата, Странка на демократска акција на Македонија, Партија на Власите од Македонија, Работничко земјоделска партија на Република Македонија, Нова либерална партија, Партија на обединети демократи на Македонија, Македонска алијанса, Демократска партија на Турците на Македонија, ВМРО-ДП (ВМРО-Демократска партија), Македонска акција (МААК), Демократски сили на Ромите, Роми обединети од Македонија, Движење за национално единство на Турците, Сојуз на Титови леви сили.[68]

**ВМРО-ДПМНЕ**
Плоштад ВМРО 1
1000 Скопје
contact@vmro-dpmne.org.mk
www.vmro-dpmne.org.mk

67 Составот на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ минимално варира за различни општини, додека во општината  Теарце, ВМРО-ДПМНЕ има самостојна номинација за градоначалник. Покрај општина Теарце, во рамки на сите различни коалиции, ВМРО-ДПМНЕ со свои кандидати ќе настапи во уште 66 општини и Градот Скопје

68 Централен регистар на Република Македонија, Пристапено на: http://crm.com.mk/DS/default.aspx?MainId=3 (последна посета: 20 септември 2017)

## ДЕМОКРАТСКА УНИЈА ЗА ИНТЕГРАЦИЈА

Демократската унија за интеграција произлезе од поранешните припадници на поранешната Ослободителна народна армија (ОНА), која го започна вооружениот конфликт во 2001 година. Идеолошки, ДУИ се декларира како лево-центристичка партија која се залага за поголеми права на Албанците и за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Партијата е формирана во 2002 година и за првпат настапува на парламентарните избори истата година каде освојува најголем број гласови меѓу етничкиот албански електорат, при што обезбедува вкупно 16 пратенички места и станува дел од Владата предводена СДСМ. ДУИ беше дел од Владата од 2002 до 2006, при што беше претставена со најголем број министри кои една албанска партија ги имала во Владата на РМ. На парламентарните избори во 2006 година, ДУИ повторно освои најголем број гласови меѓу албанскиот електорат (12,2 %) и 17 пратенички места, но по неуспешните преговори со ВМРО-ДПМНЕ не беше вклучена во тогашната владина коалиција. Како резултат на ова ДУИ ја бојкотираше работата на Собранието во поголем период од 2006 до 2008 година, кога беа распишани предвремени парламентарни избори. На парламентарните избори во 2008 година ДУИ освои 12,8 % од гласовите и 18 пратенички места, и како најголема политичка партија со која се претставени етничките Албанци влезе во Владата на чело со Никола Груевски. На наредните парламентарни избори во 2011 година ДУИ повторно е трета по големина партија во Македонија освојувајќи 14 пратенички места. На парламентарните избори во 2014 година ДУИ освои 19 пратенички места и формираше Влада заедно со ВМРО-ДПМНЕ. На минатите парламентарни избори одржани во 2016 година, ДУИ забележа значително послаб резултат освојувајќи само 10 пратеници, делумно поради растот на Алијансата на Албанците и БЕСА, како и прелевањето на гласови кон СДСМ. Сепак, преку коалицирање со СДСМ, ДУИ повторно е дел од Владата на Република Македонија.

Од нејзиното основање до денес претседател на партијата е Али Ахмети.

Досега ДУИ учествувала на два изборни циклуса за локалната власт. И на изборите во 2005 и 2009 година ДУИ освои 15 градоначалнички места, но во 2009 година ги изгуби Тетово и Гостивар кои се општини со мнозинско етничко албанско население. По последните локални избори во 2013 ДУИ има 14 градоначалници од вкупно 80 општини и Градот Скопје.




ДУИ на локалните избори ќе настапи самостојно со свои кандидати во 18 општини, додека во Битола, Гази Баба и Охрид ќе настапат со заеднички советнички листи со БЕСА и Алијанса на Албанците.

**Демократска унија за интеграција**
ул. Мала Речица
1200 Тетово
тел. 044 334 398
press@bdi.mk
bdi.mk

## СОЦИЈАЛДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА

Социјалдемократскиот сојуз на Македонија се декларира како партија лево од центарот, со социјалдемократска идеолошка провиниенција. Таа, во моментот, е втора партија по големина во Македонија. Основана е на Конгрес на 21 април 1991 година како правен наследник на Сојузот на комунистите на Македонија – Партија за демократска преобразба (СКМ-ПДП). Истата година партијата го менува името во СДСМ и идеологијата од комунистичка во социјалдемократска. Учествувала на сите парламентарни и локални избори од осамостојувањето до денес. Во 1992 година, по распуштањето на првата експертска Влада, СДСМ, иако нема мнозинство во Собранието, добива мандат и ја формира првата политичка Влада на Република Македонија. Во периодот од 1994 до 1998 партијата го има и мнозинството во Собранието кога заедно со своите коалициски партнери на изборите во 1994 година освои 85 пратенички места, но потоа на парламентарните избори во 1998 ја губи власта освојувајќи 27 пратенички места. СДСМ е најголемата опозициска партија до 2002 година, кога повторно победува на изборите со освоени 60 пратенички места заедно со своите коалициски партнери и останува на власт до следните парламентарни избори во 2006 година. На парламентарните избори во 2006 година коалицијата на СДСМ освојува 32 пратенички места. Од тогаш СДСМ е во опозиција, откако губи на уште три изборни циклуси, во 2008, 2011 и во 2014 година. На предвремените парламентарни избори во 2008 година заедно со коалицијата освојува 27 пратенички места, а на предвремените парламентарни избори во 2011 година СДСМ со коалицијата освојува 42 пратенички места. На парламентарни избори во 2014 година, СДСМ освои 27 пратенички места, а со коалицијата вкупно 34 пратенички места. На парламентарните избори 2016 година, СДСМ освои 49 пратенички места, со што значително го подобри својот резултат од претходните парламентарни избори каде што освои 34 пратенички места. Коалицијата предводена од СДСМ иако освои два пратеника помалку од таа на ВМРО-ДПМНЕ, сепак, успеа да формира Влада преку создавање на парламентарно мнозинство заедно со ДУИ и Алијансата за Албанците.

Претседател на партијата од осамостојувањето на државата и трансформацијата од СКМ-ПДП во СДСМ во 1991 па сѐ до 2004 година е Бранко Црвенковски. Се повлекува од оваа позиција поради победата на вонредните претседателски избори во 2004 година и станува Претседател на РМ. На вонреден Конгрес на СДСМ во ноември 2004 за претседател е избран Владо Бучковски, кој ја води партијата до поразот на изборите во 2006. По изборите на Бучковски му е изгласана недоверба и на вонреден Конгрес во ноември 2006 година за претседател е избрана Радмила Шекеринска. На позицијата претседател на СДСМ Радмила Шекеринска се задржува до јуни 2008 година, кога поднесува неотповиклива оставка поради поразот на предвремените парламентарни избори. Во септември 2008 година на 8. Конгрес на оваа партија за в.д. претседател е избран Зоран Заев. Во 2009 година по истекувањето на претседателскиот мандат на партиски Конгрес повторно на чело на СДСМ се враќа Бранко Црвенковски. Тој е партиски лидер до 2013, кога се повлекува од позицијата, а на негово место повторно е избран актуелниот претседател на партијата, Зоран Заев.

На локалните избори во 1996 година СДСМ освои 54 градоначалнички места, со што беше партија со најмногу освоени мандати на тие избори. На локалните избори во 2000 година, коалицијата предводена од СДСМ освои 32 градоначалнички места, а во 2005 година нејзиниот успех се зголемува и СДСМ освои 36 градоначалнички места, со што останува доминантна партија по бројот на градоначалници. Во 2009 година СДСМ губи голем број од општи-

ните каде е на власт, освојува 6 градоначалнички места плус едно градоначалничко место како дел од коалицијата. По последните локални избори во 2013, СДСМ ја има власта во 4 од вкупно 80 општини и Градот Скопје.

За овие локални избори, коалицијата предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) со кандидати за градоначалници ќе настапи во 70 општини. Коалицијата е составена од 22 политички партии: Нова социјалдемократска партија – НСДП, Либерално демократска партија – ЛДП, Демократски сојуз на Власите во Македонија – ДСВМ, Нова алтернатива – НА, Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија – ПОПГМ, Социјалдемократска унија – СДУ, Либерална партија на Македонија – ЛП, Демократски сојуз – ДС, Српска напредна странка во Македонија – СНСМ, Демократска обнова на Македонија – ДОМ, Партија за целосна еманципација на Ромите во Македонија – ПЦЕР, Политичка партија Достоинство – ППД, Партија за економски промени ПЕП21, Алијанса за позитивна Македонија – АПМ, Партија за европска иднина – ПЕИ, Партија за движење на Турците во Македонија – ПДТ, Српска странка во Македонија – ССМ, Демократска партија на Ромите – ДПР, Обединета партија за еднаквост на Ромите – ОПЕР, Обединети за Македонија – ОМ, Македонско обединително реформска организација – Работничка партија – МОРО.[69]

**Социјалдемократски сојуз на Македонија**
ул. Бихаќка бр.8
1000 Скопје
web@sdsm.org.mk
www.sdsm.org.mk

[69] Централен регистар на Република Македонија, Пристапено на: http://crm.com.mk/DS/default.aspx?MainId=3 (последна посета: 20 септември 2017)

## ГРАЃАНСКА ОПЦИЈА ЗА МАКЕДОНИЈА – ГРОМ

Граѓанската опција за Македонија (ГРОМ) е политичка партија од центарот, која е формирана во 2014 година. Претседател на партијата и нејзин основач е Стевче Јакимовски. Партијата за прв пат учествуваше на Претседателските избори во 2014 година каде што нејзин кандитат беше Зоран Поповски кој освои 3,6 % од вкупниот број на гласови. На парламентарните избори истата година, партијата настапи самостојно со што освојува едно пратеничко место. На парламентарните избори во 2016 година, партијата ГРОМ е дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Овие локални избори ќе бидат први за партијата која ќе се натпреварува самостојно со свој кандидат за градоначалник во општина Карпош.

**Граѓанска опција за Македонија – ГРОМ**
ул. Франклин Рузвелт бр. 5-а
1000 Скопје
info@grom.mk
www.grom.mk

## ДВИЖЕЊЕ БЕСА

Политичката партија Движење БЕСА е основана на 23 март 2015 г. во Скопје. Движење Беса има за цел да ги промовира интересите на сите граѓани, а особено на Албанците. Основните определби се базираат на рамноправност, правда, слобода и благосостојба. Движењето тргнува од асиметричната поставеност на државата кон народите

во неа. Наместо асиметричност, државата треба да се заснова врз: принципите на слобода, еднаквост, правда, благосостојба, борба против корупција. За постигнување на овие цели Беса се залага за промена на функционирање на системот во земјата, развивање на универзалните вредности на хуманизмот, подобрување на демократијата во земјата, елиминирање на секаков вид дискриминација, изградба на правна држава итн. Оваа партија за прв пат учествуваше на парламентарните избори во 2016 година, каде што освои вкупно 5 пратеници, по еден во првата и втората изборна единица и три пратеници во шестата изборна единица (4,86 % од гласовите на национално ниво). На овие локални избори, партијата ќе настапи самостојно со свои кандидат за градоначалници во 19 општини и Градот Скопје. За општините Битола, Охрид и Гази Баба, БЕСА ќе настапи со заеднички советнички листи со ДУИ и Алијансата на Албанците.

**Движење Беса**
бул. Крсте Мисирков бр. 7 локал 68 А
1000 Скопје
kontakt@levizjabesa.mk
www.levizjabesa.mk

### ДВИЖЕЊЕ ЗА НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО НА ТУРЦИТЕ

Движењето за национално единство на Турците (ДНЕТ) е една од политичките партии кои ги застапуваат правата на турското малцинство во Република Македонија. Идеолошки, оваа политичка партија е позиционирана во центарот. Претседател на партијата е Ердоган Сарач. Партијата за прв пат учествувала на парламентарните избори во 2006. Како на овие избори така и на следните во 2008, оваа партија не забележува позначителен успех. На парламентарните избори во 2011 година ДНЕТ е дел од коалицијата предводена од СДСМ каде што освојува еден пратенички мандат. На изборите во 2014 година оваа партија не учествува на изборите, додека во 2016 година настапува во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. На претходните локални избори, ДНЕТ освојува 9 советнички места во општините Дебар, Центар Жупа и Шуто Оризари. На овие локални избори, ДПНЕТ настапува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со исклучок на општината Долнени каде што ќе настапи со сопствен кандидат за градоначалник.

**Движење за национално единство на Турците**
ул. Ленинградска бр. 2
1230 Гостивар
tmbh-2006@t-home.mk
http://tmbh.org.mk/

### ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА АЛБАНЦИТЕ

Демократската партија на Албанците е основана во јуни 1997 година со обединувањето на Партијата за демократски просперитет на Албанците (ПДПА) и Народната демократска партија (НДП). ПДПА е основана во 1994 година, откако радикалното крило на Партијата за демократски просперитет (ПДП), Арбен Џафери и Мендух Тачи, ја напушти матичната партија. ДПА се декларира како партија десно од центарот и се залага за поголеми права на Албанците во Македонија и за редефиниција на уставната рамка поставена со Охридскиот рамковен договор. На изборите во 1998 година ДПА освои 11 пратенички места и стана дел од Владата на РМ предводена од ВМРО-ДПМНЕ. За време

на конфликтот во 2001 година, ДПА останува дел од Владата на широка коалиција која подоцна го потпишува Рамковниот договор. Потписник на Рамковниот договор од страната на ДПА е нејзиниот тогашен претседател Арбен Џафери. По расформирањето на таа Влада, ДПА останува во владината коалиција. На следните парламентарни избори во 2002 година ДПА освои 5,2 % од гласовите и 7 мандати и станува опозиција во Собранието. ДПА повторно се враќа на власт кога по изборите во 2006 година успешно ги завршува преговорите со ВМРО-ДПМНЕ, која го имаше добиено мандатот за формирање на Влада. На овие избори ДПА имаше освоено 7,5 % од гласовите и 11 мандати, што беше помалку од мандатите на ривалската ДУИ. На предвремените избори во 2008 година, ДПА повторно добива 11 мандати. По предвремените парламентарни избори во 2008 година најголемата парламентарна партија ВМРО-ДПМНЕ го прекинува традиционалното партнерство со ДПА и формира коалиција со најголемата албанска партија во Парламентот, ДУИ. На предвремените парламентарни избори во 2011 ДПА освојува 8 мандати. Додека на парламентарните избори во 2014 освојува 7 пратенички места. На предвремените парламентарни избори во 2016 година, ДПА доби 2,6 % од гласовите на национално ниво освојувајќи 2 пратеници во изборната единица 6, за 5 пратеници помалку од претходните парламентарни избори.

Претседател на ДПА е Мендух Тачи, кој на оваа функција е избран на 30 јуни 2007 година. Тачи стапува на оваа функција по оставката на претходниот претседател Арбен Џафери.

На изборите во 2005 година, ДПА во коалиција со ПДП освои две градоначалнички, а на следните избори во 2009 година, освои едно градоначалничко место во Тетово. На последните локални избори во 2013 партијата го добива градоначалничкото место во општина Струга каде што градоначалник станува Зијадин Села, кој потоа се одвои од партијата. Покрај едното градоначалничко место, ДПА успева да добие и 103 советнички места. На овие локални избори Демократската партија на Албанците ќе настапи со свои кандидати за градоначалници во 16 општини и Градот Скопје.

**Демократска партија на Албанците**
Плоштад Илирија 15/1
1200 Тетово
info@gurra-pdsh.org
www.pdsh.info

## ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

Демократската партија на Турците на Македонија (ДПТМ) е, исто така, политичка партија која ги претставува етничките Турци во Република Македонија. Партијата е предводена од Бејкан Илјас. На парламентарните избори во 2016 година, ДПТМ настапи во коалиција предоведна од ВМРО-ДПМНЕ, при што освои едно пратеничко место. На претходните локални избори во 2013 година, партијата освојува 20 советнички места. На овие локални избори, партијата настапува во коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ, со исклучок на општините Врапчиште и Центар Жупа каде што ДПТМ предложи кандидати за градоначалник самостојно.

**Демократска партија на Турците на Македонија**
ул. Стив Наумов 1
1000 Скопје
info@tdp.org.mk
www.tdp.org.mk

## КОАЛИЦИЈА „АЛИЈАНСА ЗА АЛБАНЦИТЕ“ (УНИТЕТИ, НДП)

Коалицијата „Алијанса за Албанците“ е формирана од политичките партии Движењето за реформи на ДПА, Унитети и НДП. Коалицијата е предводена од лидерот на Движењето за реформи на ДПА, Зијадин Села, претседателот на Национал демократската преродба, Весел Мемеди, и претседателот на Унитети, Гзим Острени. Главните заложби на коалицијата беа за целосна рамноправност на Албанците во Македонија, албанскиот јазик да стане официјален јазик во Македонија, правилна распределба на буџетот и со устав регулирано постоењето на СЈО. На парламентарните избори во 2016 година, оваа коалиција освои 3 пратенички места, од кои еден пратеник во изборната единица пет и два пратеника во изборната единица шест. Политичката партија стана дел од владејачката коалиција.

Во 2017 година, Зијадин Села ја напушта коалицијата „Алијанса за Албанците“ и ја формира политичката партија Алијанса на Албанците, со што во коалицијата остануваат политичките партии Унитети и НДП. Коалицијата „Алијанса за Албанците“ со свои кандидати за градоначалници настапува во општините Гостивар и Дебар.

**Коалиција „Алијанса за Албанците“ (Унитети, НДП)**
www.uniteti.org
www.rdk.mk

## ЛЕВИЦА

Левица е нова политичка партија основана на крајот на 2015 година. Партијата има изразено левичарска идеологија и се залага за левичарски вредности, меѓу кои антикапитализам, антинационализам, антимилитаризам и антиклерикализам и антиконзервативизам. Во фокусот на партијата се работничките и основните човекови права, а како партија се залага, пред сè, за сиромашните, непривилегираните, маргинализираните, обесправените. Вонредните парламентарни избори од 2016 беа први избори за оваа политичка партија, при што освои 12.120 гласови, односно 1,02 % од гласовите на национално ниво. На овие локални избори, оваа партија ќе настапи со кандидати за градоначалник на Град Скопје, Гази Баба и Центар.

**Левица**
ул. Ѓуро Ѓаковиќ бр. 20, влез 1, кат 3, локал бр.12
1000 Скопје
contact@levica.mk
www.levica.mk

## НАРОДНО ДВИЖЕЊЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

Народно движење на Македонија е основана на 18 мај 2002 година како партија со национална ориентација втемелена врз традицијата на македонскиот народ, која се залага за социјална држава и данок за богатите. Претседател на НДМ е Јанко Бачев. На локалните избори во 2013 година партијата освојува 9

советнички места во 8 општини. Партијата не учествува на парламентарните избори во 2016 година поради тоа што Државната изборна комисија ги отфрли кандидатските листи на партијата. На овие локални избори партијата настапува самостојно со кандидати за градоначалници во 11 општини и Градот Скопје.

**Народно движење за Македонија**
ул. Даме Груев бр. 10
1000 Скопје
ndm@ndm.org.mk
www.ndm.org.mk

## ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ

Партијата за демократски просперитет (ПДП) е најстара партија на Албанците во Македонија, основана во 1990 година и функционираше до парламентарните избори во 2011 година кога се припои кон ДПА. Партијата е реактивирана во јануари 2014 г., а на нејзиното чело е Абдулади Вејсели, пратеник во три поранешни состави на Собранието. Во деведесеттите години од минатиот век ПДП беше најголемата парламентарна партија која ги претставуваше Албанците во Македонија и неколку пати беше коалициски партнер во владите на СДСМ. По отцепувањето на т.н. радикално крило од партијата во 1994 година, од кое се формира ДПА, ПДП се смета за умерена политичка партија. ПДП се залага за целосна рамноправност на Албанците на политички, економски, социјален и културен план во Македонија, за нивниот национален јазик, хармонични меѓуетнички односи засновани на демократските принципи на еднаквост и вистинска правда. На парламентарните избори во 2016 година, Партијата за демократски просперитет освои вкупно 1.143 гласа (0,1 %) од вкупните гласови на национално ниво, притоа не освојувајќи ниту едно пратеничко место.

На локалните избори во 1996 година, партијата самостојно освојува 12 градоначалници од вкупно 44 номинирани кандидати. Локалните избори во 2000 година носат послаб резултат за партијата во споредба со тие од 1996 година, бидејќи ПДП освојува само 3 градоначалнички места. На локалните избори во 2005 година, ПДП настапува во коалиција со ДПА, притоа освојувајќи 2 градоначалнички места во општините Желино и Сарај. На локалните избори во 2009 година партијата освојува само 328 гласа, притоа не освојувајќи ниту едно градоначалничко место. Во 2013 година ПДП не учествува на локалните избори.

На локалните избори 2017 година ПДП ќе настапи со свој кандидат за градоначалник во општина Боговиње, додека со советнички листи во општините Гази Баба, Желино, Липково, Студеничани и Тетово.

**Партија за демократски просперитет**
ул. Караорман бр. 62
1200 Тетово
https://www.facebook.com/PPDzyrtare/?ref=br_rs

## ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА АЛИЈАНСА НА АЛБАНЦИТЕ

Алијансата на Албанците е политичка партија предводена од Зијадин Села која се одвои од коалицијата „Алијанса за Албанците“. Оваа партија произлегува од Движењето за реформи во ДПА, а како политичка партија е регистрирана непосредно пред локалните избори со име „Алијанса на Албанците“ кое беше оспорено од лидерството на Унитети и НДП. Алијансата на Албанците ќе учествува на изборите самостојно со

кандидати за градоначалници во 15 општини и градот Скопје. Во општините Битола, Гази Баба и Охрид, со советнички листи ќе настапи заедно со партиите ДУИ и БЕСА.

**Политичка партија Алијанса на Албанците**
ул. Илинден 66
1200 Тетово
info@ndryshe.eu
www.ndryshe.eu

## СОЈУЗ НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Сојуз на Ромите од Македонија (СРМ) е партија која ги застапува интересите на ромската етничка заедница во Македонија, активна на политичката сцена од 1996 година. Претседател на партијата е Амди Бајрам. Во периодот 1998 до 2002 година оваа партија учествува во работата на Собранието на Република Македонија со еден пратеник. Од 2006 година до денес СРМ повторно е застапена со едно пратеничко место во Собранието, како дел од коалициите предводени од ВМРО-ДПМНЕ. На локалните избори во 2009, СРМ освојува 6 советнички места и едно градоначалничко во општината Шуто Оризари. Истото градоначалничко место го освојува и на локалните избори во 2013 година проследено со 11 советнички места. На овие локални избори СРМ е дел од коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Сепак, во општината Шуто Оризари партијата ќе настапи самостојно со свој кандидат за градоначалник и сопствена советничка листа.

**Сојуз на Ромите од Македонија**
Шуто Оризари 50
1000 Скопје
https://www.facebook.com/partija.srm.5

## СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА (СДПМ)

Социјал-демократската партија на Македонија (СДПМ) е формирана во 1990 година. За прв претседател бил избран Славко Милосавлевски. СДПМ е партија ориентирана лево од центарот и декларативно ја прифаќа социјалдемократската идеологија како основа за своето дејствување. Актуелен претседател е Бранко Јаневски, кој ја води партијата во трет последователен мандат. Оваа партија учествувала во повеќе изборни циклуси во плуралистичка Македонија, но без позначителен успех. На парламентарните избори во 2011 година СДПМ освоила 1.807 гласа (0,16 %) на територија на Република Македонија. На локалните избори во 2013, СДПМ настапи самостојно, со свои кандидати за градоначалници и свои советнички листи, при што не освои ниту едно градоначалничко или советничко место. Партијата не учествуваше на парламентарните избори во 2016 година поради одбивање на нивните кандидатски листи од страна на Државната изборна комисија. На овие локални избори, со свои кандидати за градоначалници, СДПМ ќе настапи во општините Гостивар, Зрновци, Кочани и Македонски Брод.

**Социјал-демократска партија на Македонија**
бул. ЈНА бр. 54 зграда бр. 1, влез 1 приземје
1000 Скопје

## ТРАЈНО МАКЕДОНСКО РАДИКАЛНО ОБЕДИНУВАЊЕ – ТМРО

Трајно македонско радикално обединување (ТМРО) е македонска политичка партија основа во 2002 година. Идеолошки, партијата има десна ориентација промови-

рајќи вредности на конзервативизам и македонски патриотизам разбирајќи ја државата Македонија како национална држава на македонскиот народ. Претседател и основач на партијата е Ванчо Шехтански. На парламентарните избори во 2006 и 2008 година партијата постигнува незначителни резултати. На парламентарните избори во 2011 година, партијата станува дел од коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ во која настапува и на изборите во 2014 и 2016 година. На овие локални избори, ТМРО ќе настапи самостојно, со свои кандидати за градоначалници во општина Кавадарци и Град Скопје.

**Трајно македонско радикално обединување – ТМРО**
бул. Јане Сандански 116-3/10
1000 Скопје
t_tmro@yahoo.com
http://tmro-mk.weebly.com/

# ПРЕГЛЕД НА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2017

## ПРЕГЛЕД ЗА КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИЦИ[70]

**Статистички региони и општини во Република Македонија**




Територијална организација на Република Македонија
Извор: Државен завод за статистика

Во овој дел се претставени кандидатите за градоначалници на локалните избори во 2017 година. Номинираните лица во 29 општини и Градот Скопје[71] се претставени со своите биографии

[70] За сите фотографии како извор е користен интернет со точно наведен линк на соодветниот извор. Најчесто се користени фотографии од официјалните фејсбук профили на кандидатите за градоначалници. За фотографии на кандидатите на ВМРО-ДПМНЕ е користена веб страницата http://novaera.mk/, додека за фотографиите на кандидатите на СДСМ е користена веб страницата http://zivotzasite.mk/.

[71] Претставувањето на кандидататите за градоначалници во 29 општини и Градот Скопје е според азбучен ред на првата буква од презимето на кандидататите

и фотографии, [72] додека кандидатите од останатите општини се наведени со своите имиња и презимиња, како и со подносителот на кандидатурата.

Во опширниот преглед се опфатени само поголемите општини кои се лоцирани во урбаните средини, вклучувајќи ги и сите општини во рамки на Градот Скопје. Критериуми за вклучување на општините во примерокот беа: урбаниот статус, бројот на жители (при што се вклучени поголемите), етничката структура на населението (при што се водеше сметка да се вклучат што повеќе мултиетнички општини) и бројот на номинирани кандидати за градоначалници.



*Град Скопје*

| | |
|---|---|
| Површина | 1854 км$^2$ |
| Број на жители | 506 926 |
| Етничка структура на население | Македонци (66,75 %)<br>Албанци (20,49 %)<br>Роми (4,36 %)<br>Срби (2,82 %)<br>Турци (1,7 %) |
| Број на членови на совет | 45 |
| Буџет за 2016[73] | 6 651 736 000 |
| Адреса | Илинден бр. 82<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 3 297 255<br>02/ 3 297 536<br>02/ 3 297 265<br>02/ 3 297 236 |
| Мрежно место | http://www.skopje.gov.mk |

[72] Поради недостиг на информации, кај одредени кандидати не се наведени биографии и/или фотографии. Прегледот на кандидати за градоначалници се повикува на објавените кандидати од страна на Државната изборна комисија. Официјалната листа е достапна на https://kandidati.sec.mk.

[73] Буџетите на сите општини претставени во овој прирачник за изразени во денари

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ГРАД СКОПЈЕ




*Наим Бајрами (политичка партија Алијанса на Албанците)*[74] е правник по професија. Тој дипломирал политички науки на Правниот факултет „Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во 2017 година Наим Бајрами е назначен за втор портпарол на Владата на Република Македонија како кадар на политичката партија Алијанса за Албанците.



*Коце Трајановски (ВМРО-ДПМНЕ)*[75] е актуелен градоначалник на Град Скопје веќе два мандата, односно од локалните избори во 2009 година. Претходно, од 2005 до 2009 година тој е градоначалник на скопската Општина Гази Баба. Од 2008 година е претседател на Заедницата на единица на локалната самоуправа (ЗЕЛС). Од 1998 до 2005 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија. Пред да започне да се занимава со политика имал своја компјутерска фирма, а 15 години работел во МЗТ-Хепос. Трајановски има дипломирано на Машинскиот факултет во Скопје. Тој има 61 година.



*Ѓорѓи Тодоров (Народно движење за Македонија)*[76] е член на Извршниот комитет на НДМ. Тодоров бил пратеник во Собранието на Република Македонија во составот 1998-2002 година од политичката партија ВМРО-Македонска. Завршил Технички факултет, сообраќајна насока. Работел како раководител на диспечерски центар во Јавното сообраќајно претпријатие – Скопје. Исто така, бил потпретседател за сообраќај во Градскиот комитет за урбанизам, комунално-станбени работи, сообраќај и заштита на животната средина на Град Скопје. Роден е 1958 година во Скопје.

[74] https://www.facebook.com/naim.bajrami.10
[75] https://www.facebook.com/koce.trajanovski/
[76] https://www.facebook.com/Народно-Движење-За-Македонија-1017491648264591/



*Беким Фазлиу (ДПА)*[77] е поранешен пратеник во Собранието на Република Македонија од редовите на ДПА. Тој ја остварувал пратеничката функција во составите 2011-2014 и 2014-2016 година. Пред да стане пратеник, Беким Фазлиу во еден мандат бил градоначалник на Општина Сарај. Дипломирал на Правниот факултет во Скопје. Роден е 1979 во Скопје.



*Нафие Селмани (БЕСА)*[78] е вработена во администрацијата на Град Скопје, во секторот за поддршка на градоначалникот за односи со јавност.



*Марија Џонс (Левица)*[79] повеќе од 10 години работи како преведувач од македонски на англиски и од англиски на македонски јазик. Работела и како младински новинар за култура во „Млад борец" и „Студентски збор" и во помали радија во Скопје. Работела и како продавачка и готвачка во Скопје; како собарка, келнерка, маркетинг агент за рекламен простор во финансиско списание во Лондон; како наставник по македонски јазик за странци и англиски јазик во Скопје и како наставник по англиски јазик за странци во Мароко, Унгарија и Велика Британија. Студирала драмска режија, право, компаративна книжевност, англиски јазик и ликовна уметност во Скопје и Лондон. Има 39 години.

77 http://www.sobranie.mk/demokratska-partija-na-albancite-ns_article-bekim-fazliu-11.nspx
78 https://www.facebook.com/nafie.selmani
79 https://levica.mk/gradonachalnik-skopje/





*Петре Шилегов (СДСМ)*[80] е потпретседател на СДСМ, пратеник во Собранието на Република Македонија, а претходно беше и портпарол на партијата. На парламентарните избори во 2014, Петре Шилегов е носител во изборната единица 2, додека на парламентарните избори во 2016, носител во ИЕ6. Роден е 1969 година во Скопје. Дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан I" при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Пред извршувањето на функцијата пратеник, Шилегов работел како адвокат.



*Ванчо Шехтански (ТМРО)*[81] е претседател и основач на партијата Трајно македонско радикално обединување (ТМРО). Дипломирал на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје во 1996 година, а правосудниот испит го положил во 1998. По професија е адвокат. Во 2009 година бил назначен за прв директор на Агенцијата за управување со одземен имот, а во периодот 2010-2017 година бил директор на Државниот инспекторат за локална самоуправа. Бил претседател на ФК Вардар во 2008 и 2010 година. Роден е 1972 година во Скопје.

80 https://www.facebook.com/p.shilegov/
81 https://www.facebook.com/TMROMK

Општина Аеродром

| | |
|---|---|
| Површина | 21 км$^2$ |
| Број на жители | 72 009 |
| Етничка структура на население | Македонци (89,4 %)<br>Срби (4,28 %)<br>Албанци (1,41 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2016 | 1 072 418 000 |
| Адреса | Јане Сандански бр. 109 б<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 2 400 970 |
| Мрежно место | http://www.aerodrom.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ



*Ивица Коневски (ВМРО-ДПМНЕ)*[82] е градоначалник на Општина Аеродром од 2009 година. Претходно, од 2006 до изборот за градоначалник ја извршува функцијата генерален директор на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија. Во 2005 и 2006 година е член на Советот на Град Скопје. Коневски е дипломиран правник со положен правосуден испит. Тој има 34 години.



*Златко Марин*[83] е претседател на Општинската организација на СДСМ во Аеродром и долгогодишен член на партијата. По професија е професор по физичко и здравствено воспитание.

82 https://www.facebook.com/IvicaKonevski/

83 https://www.facebook.com/Zlatko.Marin



Општина Бутел

| | |
|---|---|
| Површина | 55 км$^2$ |
| Број на жители | 36 154 |
| Етничка структура на население | Македонци (62,25 %)<br>Албанци (25,19 %)<br>Турци (3,61 %)<br>Срби (4,28 %)<br>Бошњаци (2,68 %)<br>Роми (1,55 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 433 925 000 |
| Адреса | Бутелска бр. 4<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 2 600 506 |
| Мрежно место | http://www.opstinabutel.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БУТЕЛ

*Влатко Дамјановски (НДМ)*



*Дарко Костовски (ВМРО-ДПМНЕ)*[84] е советник во Општина Бутел избран на локалните избори во 2013. Тој е вработен во Министерството за труд и социјална политика, а од неодамна ја извршува и функцијата портпарол на ВМРО-ДПМНЕ. Костовски е дипломиран политиколог. Има 29 години.

84 https://www.facebook.com/darkokostovskizabutel/



*Ермонд Мифтари (ДПА)*[85] работи како логопед во Заводот за рехабилитација на деца и младинци. Мифтари дипломирал дефектологија на Факултет за дефектологија (насока логопедија) на Универзитетот во Загреб.



*Велимир Смилевски (СДСМ)*[86] е актуелен претседател на Општинската организација на СДСМ Бутел. Тој е советник на СДСМ во Советот на Општина Бутел. Смилевски е претприемач и сопственик на компанија.



*Насер Цури (БЕСА)*[87] е дипломиран педагог на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во периодот од 1996 до 2004 година Насер Цури работел во основното училиште „Емин Дураку", Скопско. Од 2004 година е вработен во основното училиште „Живко Брајковски" во Бутел како наставник по албански јазик и литература. Во периодот 2005-2009 година, Цури бил член на Советот на Град Скопје како претставник на Националната демократска партија.

85 https://www.facebook.com/ermond.miftari
86 https://www.facebook.com/velimiramsmilevski
87 https://www.facebook.com/NaserCurri2017/

*Општина Гази Баба*

| | |
|---|---|
| Површина | 92 км$^2$ |
| Број на жители | 72 617 |
| Етничка структура на население | Македонци (73,67 %)<br>Албанци (17,22 %)<br>Срби (2,89 %)<br>Роми (2,87 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2016 | 924 385 000 |
| Адреса | Архимедова бр. 2<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 3 226 655 |
| Мрежно место | http://www.gazibaba.gov.mk/ |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА



*Борче Георгиевски (СДСМ)*[88] е претседател на Општинската организација СДСМ Гази Баба. Тој, исто така, е советник во Општина Гази Баба од 2013 година.

88 https://www.facebook.com/BorceGeorgievskiZaGaziBaba/



*Тони Трајковски (ВМРО-ДПМНЕ)*[89] го извршува својот втор мандат како градоначалник на Општина Гази Баба. До изборот за градоначалник во 2009 година бил вработен во АД „Елем", а претходно работел и како инженер во АД „ЕСМ". Во 2005 година станал член на Советот на Општина Гази Баба, а во 2008 година бил избран за претседател на Општинскиот совет. Трајковски дипломирал на Машинскиот факултет во 2001 година во Скопје.



*Зоран Трпчевски (Левица)*[90] е поранешен подофицер во АРМ. Тој е воен пензионер од 2007 година. Завршил средно воено училиште во Сараево. Воен пензионер е од 2007 година. Има 53 години.

89 https://www.facebook.com/profile.php?id=1080561723
90 https://levica.mk/gradonachalnik-gazi-baba/

*Општина Ѓорче Петров*

| | |
|---|---|
| Површина | 67 км$^2$ |
| Број на жители | 41 634 |
| Етничка структура на население | Македонци (85,16 %)<br>Срби (4,16 %)<br>Албанци (3,84 %)<br>Роми (3 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 500 994 000 |
| Адреса | Ѓорче Петров бр. 73<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 2 039 307 |
| Мрежно место | http://www.opstinagpetrov.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ



*Владо Мисајловски (ВМРО-ДПМНЕ)*[91] е поранешен министер за транспорт и врски во владата на ВМРО-ДПМНЕ во периодот од мај 2015 до мај 2017. На таа позиција доаѓа од функцијата директор на Јавното претпријатие за државни патишта. Претходно Мисајловски ги извршувал функциите државен секретар во Министерството за транспорт и врски, а пред тоа државен секретар во Министерството за надворешни работи. Мисајловски е дипломиран политиколог, со магистерски студии по европска и меѓународна дипломатија и политика. Тој има 32 години.

91 https://www.facebook.com/misajlovskivlado/



*Александар Наумоски (СДСМ)*[92] е директор на Истражниот затвор Скопје во Шуто Оризари од август 2017. Ова е втора последователна кандидатура на Наумоски за градоначалник на Општина Ѓорче Петров. Претходно работел во осигурителна компанија, како управител во приватниот сектор и како приватен стопанственик. Во периодот 2006-2011 година бил соработник во Министерството за правда, а, исто така, работел како советник на генералниот директор за правни прашања во Централен регистар на Република Македонија. Наумоски магистрирал и дипломирал на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје. Роден е 1977 година во Скопје.

92 https://www.facebook.com/AleksandarNaumoskizaGorce/



*Општина Карпош*

| | |
|---|---|
| Површина | 35 км$^2$ |
| Број на жители | 59 666 |
| Етничка структура на население | Македонци (88,51 %)<br>Албанци (3,27 %)<br>Срби (3,66 %)<br>Роми (1,03%) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 1 978 462 000 |
| Адреса | Радика бр. 9<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 3 061 353 |
| Мрежно место | http://www.karpos.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ



*Стефан Богоев (СДСМ)*[93] е пратеник во Собранието на Република Македонија во актуелниот состав, како и во претходниот пратенички состав во периодот 2014-2016 година. Тој, исто така, е поранешен претседател на Социјалдемократската младина на Македонија. Стефан Богоев е дипломиран економист, магистрант на применета економија на Универзитетот Американ колеџ – Скопје. Роден е 1989 година во Скопје.

93 https://www.facebook.com/bogoevstefan/



*Стевче Јакимовски (ГРОМ)*[94] го извршува третиот мандат како градоначалник на Општина Карпош. Првиот мандат како градоначалник го извршувал во периодот од 2000 до 2003 година, додека вториот мандат го извршувал во периодот 2009-2013 година. Во 2003 година бил назначен за министер за економија, а од декември 2004 до 2006 година ја извршувал функцијата министер за труд и социјална политика. По завршувањето на министерскиот мандат работел во неговата приватна фирма. Пред започнувањето на политичката кариера се занимавал со приватен бизнис, а бил директор и на Катланово турс. Јакимовски дипломирал на Економскиот факултет во Скопје. Има 56 години.

94 https://www.facebook.com/stevco.jakimovski.12






*Општина Кисела Вода*

| | |
|---|---|
| Површина | 47 км$^2$ |
| Број на жители | 57 236 |
| Етничка структура на население | Македонци (91,69 %)<br>Срби (2,49 %)<br>Роми (1,25 %)<br>Власи (1,13 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 1 000 135 000 |
| Адреса | Петар Дељан 17<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 2 785 400 |
| Мрежно место | http://www.kiselavoda.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА



*Јохан Тарчуловски (ВМРО-ДПМНЕ)*[95] е пратеник во Собранието на РМ избран на парламентарните избори во 2016. Пред изборот за пратеник тој е стопанственик. Тарчуловски во периодот од 1999 до 2004 бил инспектор за придружба во Службата за обезбедување на Претседателот на Република Македонија, Борис Трајковски. Поради активности во конфликтот во 2001 година е обвинет и осуден од обвинителството на Хашкиот трибунал за повреди на законите и обичаите на војувањето. Екстрадиран е во Хаг на 16 март 2005 година. Тој отслужи шест години во затворот во Шевенинген, а останатите две години во градот Диц, Германија. Во април 2013 година Тарчуловски е ослободен и се враќа во Македонија, каде потоа ја извршува функцијата организациски секретар на ВМРО-ДПМНЕ.

95 https://www.facebook.com/Johan.Tarculovski/



*Филип Темелковски (СДСМ)*[96] е претседател на Општинската организација на СДСМ Кисела Вода од 2013 година. Во периодот 2008–2009 година Филип Темелковски бил генерален секретар на Социјалдемократската младина на Македонија. Извршувал и други партиски функции. Надвор од политиката, Филип Темелковски работи во угостителскиот сектор.

96 https://www.facebook.com/TemelkovskiFilip/

*Општина Сарај*

| | |
|---|---|
| Површина | 241 км$^2$ |
| Број на жители | 35 408 |
| Етничка структура на население | Албанци (91,53 %)<br>Македонци (3,89 %)<br>Бошњаци (3,16 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | / |
| Адреса | Рекреативен Центар Сарај бб<br>Општина Сарај |
| Телефон | 02/ 2 057 990<br>02/ 2 057 996 |
| Мрежно место | http://www.saraj.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА САРАЈ



*Екрем Алија (политичка партија Алијанса на Албанците)*[97]



*Сефедин Алиу (ДПА)*[98]

97 https://www.facebook.com/Ekrem-Alija-Faqja-Zyrtare-1963399940651792/
98 https://www.facebook.com/Saraj.co/



*Башким Бакиу (БЕСА)*[99] е истражувач и основач на Институтот за истражување на политики и добро владеење во Скопје. Бакиу дипломирал политички науки на Правниот факултет „Јустинијан I" во Скопје, а магистрирал на тема компаративен локален развој на магистерска програма координирана од Универзитетот во Тренто, Италија. Во моментов, Бакиу е докторант на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.




*Блерим Беџети (ДУИ)*[100] е член на Централното претседателство на ДУИ. Во 2009 година бил избран за градоначалник на Општина Сарај и член на управниот одбор на ЗЕЛС. Овие функции ги извршувал до 2011 година кога бил назначен за министер за правда. Претходно, во периодот од 2006 до 2009 два пати бил избран за пратеник во Собранието на РМ од ДУИ. Во периодот 2005–2006 година водел своја адвокатска канцеларија, а од 2002 до 2005 работел како виш советник во Министерството за правда. Беџети е дипломиран правник со положен правосуден испит. Има 41 година.

99 https://www.facebook.com/bashkimbakiuofficial/
100 https://www.facebook.com/bexhetii/

*Општина Центар*

| | |
|---|---|
| Површина | 10 км$^2$ |
| Број на жители | 45 412 |
| Етничка структура на население | Македонци (85,4%)<br>Срби (4,49 %)<br>Албанци (3,23 %)<br>Роми (2,14 %)<br>Турци (1,08 %)<br>Власи (1,01 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 1 503 504 000 |
| Адреса | Михаил Цоков 6б<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 3 203 600 |
| Мрежно место | http://www.opstinacentar.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЦЕНТАР



*Саша Богдановиќ (СДСМ)*[101] е роден 1985 година во Постојна, Словенија. Член на СДСМ е од 2001 година, додека од 2009 година станал член на Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ Центар, додека во 2014 година станал нејзин претседател. Дипломирал на Факултетот за политички науки при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Во моментов тој е директор на Јавното претпријатие Паркинзи на Општина Центар.

101 https://www.facebook.com/sasha.bogdanovikj/



*Дејан Јовановски (ВМРО-ДПМНЕ)*[102] е член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ од 2017 година. Претходно, во 2016, накратко е назначен за генерален секретар на Македонската кошаркарска федерација (МКФ), но по само еден месец се повлекол од функцијата. Јовановски во периодот 2012–2013 бил спортски директор на КК Работнички, а потоа работел во Агенцијата за млади и спорт. Тој е поранешен професионален кошаркар кој играл за повеќе клубови во Македонија и во странство и бил член на кошаркарската репрезентација. Јовановски има 44 години.



*Александар Митров (Левица)*[103] работи како туристички водич на шпански и англиски јазик и како инструктор по аргентинско танго. Има работно искуство во различни области, почнувајќи од продажба, угостителство, финансиска институција за брз трансфер на пари, на проекти од областа на промоција и унапредување на работничките права, воведување на електронски дневник во градинките во РМ и друго. Еден е од основачите на Движењето за социјална правда „Ленка" во 2008 од кога почнал неговиот поактивен политички ангажман. Митров дипломирал политички науки и меѓународни односи. Има 34 години.

[102] https://www.facebook.com/DejanTimCentar/
[103] https://levica.mk/gradonachalnik-centar/



*Општина Чаир*

| Површина | 4 км$^2$ |
|---|---|
| Број на жители | 64 773 |
| Етничка структура на население | Албанци (57 %)<br>Македонци (24,13 %)<br>Турци (6,95 %)<br>Роми (4,76 %)<br>Бошњаци (4,55 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2016 | 1 363 866 359 |
| Адреса | Христијан Тодоровски бр. 5 Скопје |
| Телефон | 02/ 5 101 855 |
| Мрежно место | http://cair.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ЧАИР



*Фарук Авдиу (политичка партија Алијанса на Албанците)*[104] работи како професор во средното училиште СУГС „Арсени Јовков" во Скопје од 2010 година. Во 2009 година дипломирал на Правниот факултет при Државниот универзитет во Тетово. Роден е  1985 година во Скопје.



*Исмаиљ Бојда (НДМ)*[105] е претседател на Сојузот на Македонците со исламска религија и претседател на Сојузот на Горанite. Роден е  1954 година во селото Брод во областа Гора во Косово.

[104] https://www.facebook.com/faruk.avdiu.7
[105] http://facebook.com/ibojda




*Висар Ганиу (ДУИ)*[106] ја извршуваше функцијата заменик-министер за образование и наука. Со поднесувањето на кандидатурата за градоначалник на Општина Чаир тој поднесе оставка на позицијата во Министерството. Претходно од 2004 работел на Државниот универзитет во Тетово како помлад асистент и асистент на предметот Теорија и методологија на спортскиот тренинг. Во 2009 бил избран за доцент, а од 2013 за вонреден професор. Дипломирал на Факултетот за физичка култура при Државниот универзитет во Тетово. Роден е 1978 година во Скопје.



*Зеќирија Ибраими (БЕСА)*[107] е пратеник во Собранието на РМ избран на парламентарните избори во 2016 година. Тој е член на Централното претседателството на партијата. Пред изборот на пратеничката функција тој работел како научен соработник во Институтот за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје. Зеќирија е филолог, дипломирал на Филолошки факултет. Има 40 години.



*Идриз Орана (ДПА)*[108] е доктор-хирург во Клиничкиот центар во Скопје. Тој е советник во последниот состав на Советот на Град Скопје како член на ДПА. До 2017 година, Орана е потпретседател на Лекарската комора на Македонија.

106 https://www.facebook.com/VisarGaniu.Cair/
http://www.mia.mk/en/Inside/RenderSingleGalleryTest/133852564/1?month=9&year=2017&day=12&desc=1
107 http://sobranie.mk/dvizenje-besa-2016-ns_article-zekjirija-ibrahimi-16.nspx
108 https://www.facebook.com/idriz.orana.1





*Нермин Теловска (ВМРО-ДПМНЕ)*[109] е член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Таа е дефектолог-логопед, претседател на Одбор на логопеди при Сојузот на дефектолози на Македонија. Теловска е специјалист за психомоторна реедукација и релаксација, за дисфлуентни нарушувања на говорот, магистер по дефектолошки науки-група логопедија и магистер во областа на компаративна јавна администрација на Европска Унија. Таа има 52 години.

109 https://www.facebook.com/Nermin.Telovska.Makedonija/

Општина
Шуто Оризари

| | |
|---|---|
| Површина | 7 км$^2$ |
| Број на жители | 22 017 |
| Етничка структура на население | Роми (60,6 %)<br>Албанци (30,32 %)<br>Македонци (6,53 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 248 393 000 |
| Адреса | Виетнамска бб<br>Скопје |
| Телефон | 02/ 2 650 584 |
| Мрежно место | http://www.sutoorizari.org.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ



*Елвис Бајрам (СРМ)*[110] е градоначалник на Шуто Оризари од 2009 година. Пред да стане градоначалник бил претседател на Советот на Општина Шуто Оризари. Се занимава со семеен бизнис. Има завршено основно образование. Има 36 години.



*Курто Дудуш (СДСМ)*[111] е пратеник во Собранието на Република Македонија од 2016 година. Тој дипломирал Бизнис менаџмент на МИТ Универзитетот во Скопје. Роден е 1974 година во Скопје.

110 https://www.facebook.com/Elvis-Bajram-1609731929079429/
111 https://www.facebook.com/kucoo.dudush

*Фаик Садики (ДПА)*

*Мухамед Цури (БЕСА)*



*Џелал Чајани (ДУИ)*[112] работи како службеник во Секретаријатот за спроведување на Охридскиот рамковен договор. Тој е дипломиран правник на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

112 https://www.facebook.com/xhelalc

*Општина Битола*

| | |
|---|---|
| Површина | 792 км$^2$ |
| Број на жители | 95 385 |
| Етничка структура на население | Македонци (88,71 %) Албанци (4,36 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2016 | 1 618 668 311 |
| Адреса | Булевар 1 Мај бр. 61 Битола |
| Телефон | 047/ 234 234 |
| Мрежно место | http://www.bitola.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА БИТОЛА



*Зоран Илиоски (ВМРО-ДПМНЕ)*[113] го извршува вториот мандат како пратеник во Собранието на РМ. Прв пат на оваа функција е избран на парламентарните избори во 2014 година. Илиоски е член на Извршниот комитет на партијата. Пред да биде избран за пратеник тој ја извршувал функцијата директор на Јавното претпријатие „Водовод". Илиоски е дипломиран електроинженер. Има 55 години.

113 https://www.facebook.com/zoranilioskibitola/




*Јорго Огненовски (независен кандидат)*[114] е професионален актер. Има основано фирма за продукција на филмови и ТВ-серии. Исто така, е и основач на хуманитарната организација „За подобро здравје" – Битола, која е наменета за потребите на болницата од Битола. Претходно продуцирал 4 играни филма во Холивуд, САД, од кои еден во копродукција со Министерството за култура на Република Македонија. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје. Има 62 години.



*Наташа Петровска (СДСМ)*[115] е советник во Општина Битола и координаторка на советничката група на СДСМ во Советот на Општината. Претходно во еден мандат била член на Извршниот одбор на СДСМ, а во два мандата била член на Извршниот одбор на Општинската организација на СДСМ во Битола. Таа е магистер по менаџмент на човечки ресурси на Универзитетот за туризам и менаџмент, а работи како професорка по математика во Техничкото училиште во Битола „Ѓорѓи Наумов". Средното образование го завршила во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Битола. Родена е 1971 година во Битола.



*Ќирчо Ташков (независен кандидат)*[116] е независен кандидат за градоначалник на Битола. Вработен е во АД ЕЛЕМ Подружница РЕК Битола.

114 https://www.facebook.com/jorgo.ognenovski
115 https://www.facebook.com/SoLjubovZaBitola/
116 https://www.facebook.com/Ќирчо-Ташков-1936150186642999/




*Општина Велес*

| | |
|---|---|
| Површина | 464 км$^2$ |
| Број на жители | 55 108 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,86 %)<br>Албанци (4,17 %)<br>Турци (3,13 %)<br>Роми (1,45 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 906 299 344 |
| Адреса | Панко Брашнар бр. 1<br>Велес |
| Телефон | 043/ 232 966 |
| Мрежно место | http://www.veles.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС



*Аце Коцевски (СДСМ)*[117] бил градоначалник на Општина Велес во два мандата од 2000 до 2009 година, потсекретар во Министерството за локална самоуправа во периодот 1999–2000 година. Тој бил пратеник во Собранието на Република Македонија во периодот од 1994 до 1998 година. За време на студиите бил претседател на младинската организација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од 1982 до 1983 година. По вокација е дипломиран градежен инженер. Има 56 години.

[117] https://www.facebook.com/kocevskiace/



*Славчо Чадиев (ВМРО-ДПМНЕ)*[118] е градоначалник на Општина Велес избран на локалните избори во 2013. Пред изборот на оваа функција тој бил член и претседател на Советот на Општина Велес во два мандата, односно од 2005 година. Чадиев е магистер по дефектологија – сурдолог и работи во ЈЗУ Општа болница Велес, ОРЛ одделение. Тој е потпретседател на Сојузот на дефектолози на Македонија, долгогодишен соработник на Сојузот на глуви и наглуви на Република Македонија и на Заводот за глуви лица „Кочо Рацин" Битола, како и во подружниците на Сојузот на глуви и наглуви и Сојузот на слепи лица во Велес. Има дипломирано на Дефектолошки факултет во Белград. Има 58 години.

*Гоце Чушков (НДМ)* е поранешен член на ВМРО-ДПМНЕ. Во својата работна кариера бил и долгогодишен директор во Агрокомбинатот „Лозар" во Велес. Средно училиште има завршено во Гимназијата „Кочо Рацин" во Велес. Роден е 1956 година во Велес.

[118] https://www.facebook.com/cadievslavco/

Општина Гевгелија

| | |
|---|---|
| Површина | 485 км$^2$ |
| Број на жители | 22 988 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,82 %)<br>Срби (1,6 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 733 066 292 |
| Адреса | Димитар Влахов бр. 4<br>Гевгелија |
| Телефон | 034/ 213 843 |
| Мрежно место | http://gevgelija.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА



*Сашо Поцков (СДСМ)*[119] е пратеник во Собранието на Република Македонија. Дипломирал на Економски факултет и е магистер по економски науки. На локалните избори во 2009 година Сашо Поцков бил носител на советничката листа на СДСМ, а потоа станал советник во Советот на Општина Гевгелија во мандатот 2009-2013 година. Исто така, во 2009 година тој станал и претседател на Општинската организација СДСМ Гевгелија. Роден е  1966 година во Гевгелија.



*Иван Франгов (ВМРО-ДПМНЕ)*[120] го извршува вториот мандат како градоначалник на Општина Гевгелија. Претходно, од 2007 година работел како раководител на Даночното одделение во Управата за јавни приходи во Гевгелија. Од 2002 до 2007 година работел во приватната компанија „Солун 53" АД Гевгелија, прво како раководител на маркет, а потоа како извршен член на одборот на директори. Дипломирал на Економскиот факултет во Скопје, насока надворешна трговија и маркетинг. Има 47 години.

119 https://www.facebook.com/sashopockov/
120 https://www.facebook.com/frangovivan/

Општина Гостивар

| | |
|---|---|
| Површина | 519 км$^2$ |
| Број на жители | 81 042 |
| Етничка структура на население | Албанци (66,68 %)<br>Македонци (19,59 %)<br>Турци (9,86 %)<br>Роми (2,76 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2016 | 1 096 684 000 |
| Адреса | Браќа Гиноски бр. 61<br>Гостивар |
| Телефон | 042/ 213 511 |
| Мрежно место | http://www.gostivari.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГОСТИВАР



*Асаф Адеми (БЕСА)*[121] бил поранешен амбасадор на Република Македонија во Данска до 2016 година. Пред да биде назначен за амбасадор во 2009 година работел како советник на министерот за животна средина и просторно планирање. Претходно, во периодот од 2007 до 2009 година Адеми бил раководител на секторот за урбанистичко планирање и животна средина во Општина Гостивар. Во периодот од 2005 до 2007 бил раководител на секторот за економски развој во Општината, а од 2004 до 2005 бил советник на градоначалникот за инфраструктура. Адеми е дипломиран инженер. Тој има и магистерска титула.

121 https://www.facebook.com/asaf.ademi



*Невзат Бејта (ДУИ)*[122] е градоначалник на Општина Гостивар избран на локалните избори во 2013, претходно бил градоначалник на Општината во периодот 2005-2009 година. Од 2011 до февруари 2013 година бил министер за локална самоуправа во Владата на Република Македонија. Во 2005 година бил избран за градоначалник на Општина Гостивар и потпретседател на ЗЕЛС. Во периодот од 2002 до 2005 година бил пратеник во Собранието на РМ. Во 2000 година бил избран за советник во Советот на Општина Гостивар. Претходно работел како професор по историја во с.Чегране и во Гостивар. Дипломирал на Филозофскиот факултет во Приштина на катедрата по историја и магистрирал на Универзитетот во Тирана. Има 55 години.



*Шпат Исеини (коалиција Алијанса за Албанците)*[123] е претседател на младинскиот форум на политичката партија Национална демократска преродба. Тој е студент по политички науки на Универзитетот на Југоисточна Европа. Има 25 години.



*Себајдин Изаири (ДПА)*[124] е дипломиран политиколог и член на централното претседателство на партијата. Роден е во село Чегране, Гостиварско.

*Ленка Јовановска (СДПМ)*



*Дафина Стојаноска (ВМРО-ДПМНЕ)*[125] е пратеник во Собранието на РМ избрана на изборите во 2016 година. Пред да биде избрана за пратеник, Стојаноска била советник во Општина Гостивар избрана на локалните избори во 2013 година. Од јуни 2015 до јули 2017 Стојаноска била член на Извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Таа е дипломиран стоматолог и магистрант. Има 43 години.




*Арбен Таравари (политичка партија Алијанса на Албанците)*[126] е актуелен министер за здравство. Пред да биде назначен на оваа функција работи како доктор. Тој е виш научен соработник по предметот неврологија, на Универзитетската клиника за неврологија. Од 2011 година на Универзитетската клиника за неврологија е избран за шеф на оддел за мигрени, главоболки и други болни синдроми, како и за претседател на бордот на Универзитетската клиника за неврологија. Таравари е автор на 8 книги од областа на неврологијата кои се користат како прирачници за студентите по медицина, во Македонија, Косово и Албанија. Има 44 години.

122 https://www.facebook.com/NevzatBejtaFaqjaZyrtare/
123 https://www.facebook.com/shpat.iseini.3
124 https://www.facebook.com/PDSH-Dega-Gostivar-Zgjedhjet-Lokale-2017-175041466403620/

125 https://www.facebook.com/Дафина-Стојаноска-1799978110245044/
126 https://www.facebook.com/arbentaravari.mk/



*Општина Дебар*

| | |
|---|---|
| Површина | 145 км$^2$ |
| Број на жители | 19 542 |
| Етничка структура на население | Албанци (58,07 %)<br>Македонци (20,01 %)<br>Турци (13,73 %)<br>Роми (5,53 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2016 | 279 204 000 |
| Адреса | 8 Септември бр. 72<br>Дебар |
| Телефон | 046/ 831 196 |
| Мрежно место | http://www.dibra.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕБАР



*Арбен Аголи (политичка партија Алијанса на Албанците)*[127] е вработен во ПЗУ „Педијатрија" во Дебар. По професија е доктор педијатар.



*Драган Клопчевски (ВМРО-ДПМНЕ)*[128] е лекар во Здравствениот дом во Дебар. Тој има дипломирано на Медицинскиот факултет во Скопје, додека средно образование завршил во Гимназијата во Дебар.

[127] https://www.facebook.com/dr.arbenagolli

[128] https://www.facebook.com/Драган-Клопчевски-311904212552932/



*Ружди Љата (ДУИ)*[129] е градоначалник на Општина Дебар избран на локалните избори во 2013. Пред изборот на оваа функција тој е предавач на Катедрата за ориентална филологија на Државниот универзитет во Тетово од 2009 година и муфтија на Дебарското муфтиство. Во Исламската верска заедница на Македонија работи од 1995 година, а на Факултетот за исламски науки во Скопје работи во периодот од 1993 до 1995 година и повторно од 2009 до денес. Од 1980 до 1991 година работи во Исламската верска заедница, а предавал и на Универзитетот во Приштина. Преведувал дела од арапски и турски јазик, а, исто така, има и објавено свои дела. Дипломирал на катедрата за ориентални јазици на Филолошкиот факултет при Универзитетот во Приштина, каде што магистрирал на филолошки науки. Има 63 години.

*Петрит Кљења (ДПА)*



*Џемаил Чупи (Беса)*[130] е професор на Универзитетот во Приштина. Тој е доктор по политички науки на Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје, а работел и како свештено лице во ИВЗ во дебарскиот регион.



*Шкелким Џафа (коалиција Алијанса за Албанците)*[131] е претседател на дебарскиот огранок на партијата Унитети. Тој е економист по професија. Завршил студии на Економскиот факултет на Универзитетот во Приштина.

[129] https://www.facebook.com/mr.ruzhdi.lata

[130] https://www.facebook.com/xhemail.cupi.5

[131] https://www.facebook.com/shkelqimxhafa2/

| Површина | 423 км$^2$ |
| --- | --- |
| Број на жители | 17 505 |
| Етничка структура на население | Македонци (95,04 %)<br>Роми (3,72 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2016 | 287 115 000 |
| Адреса | Светозар Марковиќ бр. 1<br>Делчево |
| Телефон | 033/ 411 550 |
| Мрежно место | http://www.delcevo.gov.mk |

*Општина Делчево*

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО



*Горан Трајковски (СДСМ)*[132] е советник во советничката листа на СДСМ во Општина Делчево. На минатите локални избори Горан Трајковски е носител на советничката листа на СДСМ. Во периодот од 2010 до 2013 година тој е претседател на Општинската организација на СДСМ Делчево.



*Иван Соколов (ВМРО-ДПМНЕ)*[133] е член на Републичкиот совет за безбедност во сообраќајот. Во периодот од 2006 до 2014 година бил член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта. Завршил средно образование. Има 56 години.

132 https://www.facebook.com/GoranTrajkovskiZaDelcevo/
133 https://www.facebook.com/ivansokolovmk

| Површина | 1132 км$^2$ |
| --- | --- |
| Број на жители | 38 741 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,79 %)<br>Роми (1,75 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 811 013 000 |
| Адреса | Плоштад Маршал Тито бб<br>Кавадарци |
| Телефон | 043/ 416 130 |
| Мрежно место | http://www.kavadarci.gov.mk |

*Општина Кавадарци*

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

*Верица Арсова (ТМРО)*



*Борис Давидов (независен кандидат)*[134] бил советник во Општина Кавадарци во составот 2009-2013 година. Повеќе години работел како професор, а потоа се занимавал со приватен бизнис, тргувајќи во Турција и Кина. Претходно бил воен офицер во Пула, а подоцна бил вработен и во Општина Кавадарци. Дипломирал на Воената академија во Белград. Има 70 години.



*Митко Јанчев (ВМРО-ДПМНЕ)*[135] е сопственик и управител на ДПТУ „Кожувчанка" од Кавадарци, приватна компанија за производство на минерална вода во Македонија. По професија Јанчев е дипломиран инженер-геолог на Универзитетот „Гоце Делчев"- Штип, а магистерските студии на истиот ги завршил во отсекот на техничките науки, петрологија, минералогија и геохемија. Тој има 36 години.

134 https://www.facebook.com/boris.davidov.73
135 https://www.facebook.com/MitkoJanchev/



*Бетиане Китев (СДСМ)*[136] е пратеник во Собранието на Република Македонија. Претходно, во мандатот 2009-2013 тој е советник во Општина Кавадарци. Тој е магистер по политички науки на Правниот факултет во Скопје, а во октомври 2008 година дипломирал на катедрата по политички студии, на истиот факултет. Роден е 1985 година во Скопје.

136 https://www.facebook.com/Бетиан-Китев-274855852624468/

*Општина Кичево*

| | |
|---|---|
| Површина | 839 $км^2$ |
| Број на жители | 56 734 |
| Етничка структура на население | Албанци (54,51 %),<br>Македонци (35,74 %)<br>Турци (5,28 %)<br>Роми (2,87 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 518 683 000 |
| Адреса | Борис Кидрич бр. 1<br>Кичево |
| Телефон | 045/ 223 001 |
| Мрежно место | http://www.kicevo.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КИЧЕВО




*Фатмир Дехари (ДУИ)*[137] е градоначалник на Општина Кичево. На оваа функција е избран на локалните избори во 2013 година. Претходно во период од 2009 до 2013 е градоначалник на Општина Осломеј која во 2013 со Законот за територијална поделба се припои кон Кичево заедно со Зајас, Другово и Вранештица. Пред 2009 година ги извршувал функциите заменик-министер на МВР и заменик-директор на ДБК, а непосредно пред стапувањето на функција градоначалник бил директор на ЈП Македонски пошти ПЕ Кичево. Дипломирал на Факултетот за физичко образование при Универзитетот во Приштина. Има 42 години.



*Влатко Сајкоски (ВМРО-ДПМНЕ)*[138] е поранешен член на Државната изборна комисија во периодот од 2011 до 2014. Тој е дипломиран правник на Правниот факултет во Скопје. Во периодот 2006-2008 година работел како директор на ЈП за водоснабдување „Студенчица" – Кичево. Роден е 1976 година во Охрид.

137 https://www.facebook.com/Fatmir-Dehari-Faqja-Zyrtare-149762858516336/
138 https://www.facebook.com/VSajkoski/

Општина Кочани

| | |
|---|---|
| Површина | 382 км$^2$ |
| Број на жители | 38 092 |
| Етничка структура на население | Македонци (93,12 %) Роми (5,12 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 524 375 400 |
| Адреса | Раде Кратовче бр. 1 Кочани |
| Телефон | 033/ 274 001 |
| Мрежно место | http://www.kocani.gov.mк |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КОЧАНИ



*Ратко Димитровски (ВМРО-ДПМНЕ)*[139] е актуелен градоначалник на Општина Кочани, а градоначалник е и во периодот 2009-2013 година. Од 2006 до 2009 година бил пратеник во Собранието на Република Македонија. Основач е на печатницата „Европа 92", која е една од најголемите печатници во Македонија. Во периодот од 1977 до 1990 година работел во печатниците „Киро Дандаро" – Битола и „Младост" – Кочани. Има стекнато диплома по графичко инженерство во Загреб. Димитровски има 60 години.



*Николчо Илијев (СДСМ)*[140] е стопанственик од Кочани и директор на компанијата ИНТ. Тој не е член на СДСМ, но е кандидиран како натпартиски кандидат од страна на партиските органи.

*Методи Јованов (СДПМ)*

139 https://www.facebook.com/RatkoDimitrovski/
140 https://www.facebook.com/Nikolco-Ilijev-174501533098459/

Општина Крива Паланка

| | |
|---|---|
| Површина | 481 км$^2$ |
| Број на жители | 20 820 |
| Етничка структура на население | Македонци (96,06 %) Роми (3,21 %) |
| Број на членови на совет | 19 |
| Буџет за 2016 | 355 338 500 |
| Адреса | Св. Јоаким Осоговски бр. 175 Крива Паланка |
| Телефон | 031/ 372 130 |
| Мрежно место | http://www.krivapalanka.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА



*Арсенчо Алексовски (ВМРО-ДПМНЕ)*[141] го извршува вториот мандат како градоначалник на Општина Крива Паланка. Пред изборот на оваа функција на локалните избори во 2009 година тој е сопственик на приватна компанија „Траншпед Трејд ДООЕЛ", која ја основа и води од 2006 година. Претходно, 13 години работел во „Траншпед комерц" како раководител на филијалата „Деве Баир". Во периодот од 1986 до 1991 година работел во Шумското стопанство „Осогово" во Крива Паланка. Претходно 2 години бил инспектор во МВР. Тој е дипломиран правник. Има 56 години.

141 https://www.facebook.com/Arsenco.Gradonacalnik/



*Борјанчо Мицевски (СДСМ)*[142] е член на Советот на Општина Крива Паланка и претседател на Општинската организација на СДСМ Крива Паланка. На локалните избори во 2013 година, Борјанчо Мицевски е носител на советничката листа на коалицијата „Сојузот за иднината" предводена од СДСМ во Крива Паланка. Дипломирал на Природно-математичкиот факултет во Скопје, отсек хемија. Член е на локалниот совет за превенција од Крива Паланка и на Локалниот совет за национална платформа за намалување на ризици од несреќи и катастрофи на локално и регионално ниво. Роден е 1971 година во Крива Паланка.

142 https://www.facebook.com/borjanchom/

*Општина Куманово*

| | |
|---|---|
| Површина | 509 км$^2$ |
| Број на жители | 105 484 |
| Етничка структура на население | Македонци (60,43 %)<br>Албанци (25,87 %)<br>Срби (8,59 %)<br>Роми (4,03 %) |
| Број на членови на совет | 33 |
| Буџет за 2016 | 1 793 766 626 |
| Адреса | 11 Октомври бб<br>Куманово |
| Телефон | 031/ 475 800<br>031/ 438 633 |
| Мрежно место | http://www.kumanovo.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА КУМАНОВО



*Зоран Ѓорѓиевски (ВМРО-ДПМНЕ)*[143] го извршува својот втор мандат како пратеник во Собранието на РМ. На оваа функција за прв пат е избран на парламентарните избори во 2014 година. Ѓорѓиевски втор пат се кандидира за градоначалник на Општина Куманово откако не беше избран на локалните избори во 2013 година. Претходно тој бил началник на Хируршкото одделение во општата болница во Куманово. Во периодот од 2002 до 2010 година тој бил шеф на Хируршкото одделение. Завршил Медицински факултет, а специјализирал општа хирургија. Има 58 години.

143 https://www.facebook.com/drzorangjorgjievski/



*Максим Димитриевски (СДСМ)*[144] е пратеник во Собранието на Република Македонија избран на последните парламентарни избори во 2016 година. Тој е долгогодишен член на партијата и член на раководството на СДСМ во Општина Куманово. Максим Димитриевски неколку години ја извршува и функцијата претседател на Советот на Општина Куманово од каде што даде оставка поради номинацијата за пратеник. Покрај политичкиот ангажман, тој е приватен стопанственик од 1998 година. Роден е 1975 година во Куманово.



*Башким Османи (политичка партија Алијанса на Албанците)*[145]



*Дритон Сулејмани (БЕСА)*[146] е член на претседателството на политичката партија БЕСА. Средното образование го завршил во Гимназијата „Гоце Делчев" во Куманово. Студирал на Факултетот за бизнис администрација на Универзитетот на Југоисточна Европа. Сулејмани предава во средното училиште „Цветан Димов" во Скопје.

*Бесник Мемети (ДПА)*

144 https://www.facebook.com/Maksim-Dimitrievski-590981394365638/
145 https://www.facebook.com/Bashkim-Osmani-913318788820470/
146 https://www.facebook.com/driton.sulejmani.906



*Општина Неготино*

| | |
|---|---|
| Површина | 414 км$^2$ |
| Број на жители | 19 045 |
| Етничка структура на население | Македонци (92,48 %)<br>Срби (3,26 %)<br>Роми (2,36 %)<br>Турци (1,26 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2012 | 550 921 000 |
| Адреса | Ацо Аџи Илов 2<br>Неготино |
| Телефон | 043/ 361 045 |
| Мрежно место | http://negotino.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

*Ѓорѓи Ајтов (независен)*



*Тони Делков (СДСМ)*[147] е член на Советот на Општина Неготино во составот 2013-2017 година. Тој е приватен стопанственик и поранешен спортист, ракометар во РК Повардарие.

147 https://www.facebook.com/pg/delkovtoni



*Златко Пенков (ВМРО-ДПМНЕ)*[148] во изминативе 6 години работи како овластен раководител во ПЕ Неготино. Основното образование го завршил во ОУ „Гоце Делчев" Неготино, а средното образование во Гимназијата „Јосип Броз Тито" во Неготино. Дипломирал на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" Скопје, Земјоделски факултет. Поседува повеќегодишно работно искуство во приватни компании. Со искуство во земјоделското производство се стекнал извршувајќи работни активности во ДЗП Дуброво од Дуброво. Работел и на проект на ЕУ за Национален регистар на лозови насади при МЗШВ ПЕ Неготино. Роден е 1971 година во Неготино.

148 https://www.facebook.com/zlatko.penkov.9



*Општина Охрид*

| | |
|---|---|
| Површина | 390 км$^2$ |
| Број на жители | 55 749 |
| Етничка структура на население | Македонци (84,93 %)<br>Албанци (5,31 %)<br>Турци (1,26 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 1 108 502 627 |
| Адреса | Димитар Влахов 57<br>Охрид |
| Телефон | 046/ 262 492 |
| Мрежно место | http://www.ohrid.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ОХРИД



*Јован Стојаноски (СДСМ)*[149] е долгогодишен член на СДСМ и координатор на советничката група на СДСМ во Општина Охрид. Тој е професор на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид од 2003 година. Дипломирал и магистрирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Докторирал во областа на Меѓународен туризам на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола. Роден е 1970 година.



*Стевче Стевоски (независен кандидат)*[150] дипломирал на Факултетот за безбедност, додека негова специјалност е организираниот криминал во државните и јавните претпријатија. Стевче Стевоски е роден 1967 година, во село Елшани, Охридско.

149 https://www.facebook.com/prof.dr.jovan.stojanoski/
150 http://ohridpress.com.mk/?p=73794



*Митко Тилевски (ВМРО-ДПМНЕ)*[151] е доктор во Специјалната болница за ортопедија и трауматологија „Св. Еразмо" – Охрид. До неодамна Тилев ја извршува функцијата директор на оваа јавна здравствена установа. Тој во периодот од 1998 до 2002 година бил избран за пратеник во Собранието на РМ од ВМРО-ДПМНЕ. Тилев е специјалист-педијатар и има завршено Медицински факултет. Има 55 години.

151 https://www.facebook.com/mitkotilevski/

Општина Прилеп

| | |
|---|---|
| Површина | 1194 км$^2$ |
| Број на жители | 76 768 |
| Етничка структура на население | Македонци (92,35 %)<br>Роми (5,77 %)<br>Турци (1,19 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2016 | 1 165 284 000 |
| Адреса | Прилепски бранители 66 Прилеп |
| Телефон | 048/ 401 701 |
| Мрежно место | http://www.prilep.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ПРИЛЕП



*Илија Јованоски (СДСМ)*[152] е координатор на советничката група на СДСМ во Советот на Општина Прилеп во составот 2013-2017 година. По професија е доктор, а во 2017 година Илија Јованоски е назначен за директор на Општата болница во Прилеп. Тој е потпретседател на Македонско лекарско друштво од 2002 година. Роден е 1956 година во Прилеп.



*Марјан Ристески (ВМРО-ДПМНЕ)*[153] го извршува својот трет мандат како градоначалник на Општина Прилеп. Прв пат е избран за градоначалник на локалните избори во 2005 година. Од истата година е член на Управниот одбор на ЗЕЛС. Пред да стане градоначалник, работел како комунален инспектор во локална самоуправа во Прилеп. Дипломирал на Економскиот факултет во Прилеп. Има 45 години.

152 https://www.facebook.com/ilija.jovanoski.90
153 https://www.facebook.com/gradonacalnikpp/

| | |
|---|---|
| Површина | 739 км$^2$ |
| Број на жители | 16 825 |
| Етничка структура на население | Македонци (76,07 %)<br>Турци (10,68 %)<br>Албанци (9,13 %) |
| Број на членови на совет | 15 |
| Буџет за 2016 | 300 071 623 |
| Адреса | Плоштад Цар Самоил бр. 20<br>Ресен |
| Телефон | 047/ 551 481 |
| Мрежно место | http://www.resen.gov.mk |

*Општина Ресен*

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН



*Живко Гошаревски (СДСМ)*[154] е член на Советот на Општина Ресен од локалните избори од 2013 година. Тој е долгогодишен член на СДСМ. Живко Гошаревски е сопственик на приватна стоматолошка ординација.



*Ѓоко Стрезовски (ВМРО-ДПМНЕ)*[155] го извршува својот прв мандат како градоначалник на Ресен. Пред изборот на оваа функција на локалните избори во 2013 тој работел во Министерството за внатрешни работи, како портпарол на СВР Битола, но поради кандидатурата за градоначалник својот работен однос го ставил во мирување. Претходно работел и како виш советник во кабинетот на министерот за внатрешни работи и како началник на ОВР Ресен. Стрезовски дипломирал на Природно-математичкиот факултет и е магистер по менаџмент на образование. Има 53 години.

154 http://www.ohridsky.com/живко-гошаревски-е-кандидатот-на-сдсм/
155 https://www.facebook.com/Ѓоко-Стрезовски-512017292217770/



| | |
|---|---|
| Површина | 507 км$^2$ |
| Број на жители | 65 375 |
| Етничка структура на население | Албанци (56,85 %)<br>Македонци (32,09 %)<br>Турци (5,72 %) |
| Број на членови на совет | 27 |
| Буџет за 2016 | 914 947 000 |
| Адреса | Плоштад Мајка Тереза<br>Струга |
| Телефон | 046/ 781 223 |
| Мрежно место | http://www.struga.gov.mk |

*Општина Струга*

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУГА



*Васил Ашталкоски (СДСМ)*[156] е дипломиран менаџер по царина и шпедиција на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид. Средното образование го завршил во СОУ „Нико Нестор" – Струга. Работел на повеќе различни позиции во приватниот и невладиниот сектор. Од 2017 година е именуван за заменик-директор во КПД во Струга. Роден е 1976 година во Струга.




*Рамис Мерко (ДУИ)*[157] е министер без ресор во владата задолжен за странски инвестиции. Пред да биде назначен на оваа функција во периодот од 2014 до изборите во 2016 бил пратеник во Собранието на РМ. Претходно, во периодот од 2005 до 2013 Мерко во два последователни мандата е градоначалник на Општина Струга. Од 2003 до 2005 година бил раководител на Фондот за здравство во Струга, а од 1983 до 1999 бил виш референт во Агенцијата за развој на земјоделството. Тој е дипломиран економист. Има 60 години.

156 https://www.facebook.com/Васил-Ашталкоски-Кандидат-за-градоначалник-на-општина-Струга-349623068811442/
157 https://www.facebook.com/Ramiz-Merko-Faqja-Zyrtare-1470970386454894/



*Насто Палиоски (НДМ)*[158] е пензионер, а бил поранешен потпретседател на задграничниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ за Европа. Во 1999 година Палиоски бил избран за претседател на Македонскиот конгрес за Европа. Тој живее во Минхен повеќе од 40 години.



*Зијадин Села (политичка партија Алијанса на Албанците)*[159] е пратеник во Собранието на Република Македонија во сегашниот состав, позиција поради која даде оставка од функцијата градоначалник на Општина Струга која ја извршуваше во периодот 2013-2016 година. Претходно Зијадин Села бил пратеник во Собранието на Република Македонија во периодот 2011-2013 година. Тој е лидер на политичката партија Алијанса за Албанците. Средното образование го завршил во Приштина, а студиите ги продолжил на Медицинскиот факултет на Универзитетот во Тирана. Роден е 1972 година во село Ливада, Струшко.



*Сејад Солакоски (ВМРО-ДПМНЕ)*[160] по професија е доктор. Високо образование завршил на Медицински факултет во Плевен, Бугарија, насока општа медицина. Селаковски е вработен во ПЗУ „Поликлиника Меникс" во Лабуништа како матичен доктор. Член е на ВМРО-ДПМНЕ од 2014 година. Има 37 години.

158 https://www.facebook.com/nasto.palioski.3
159 https://www.facebook.com/ZiadinS/
160 https://www.facebook.com/solakoskisejad/



*Општина Струмица*

| | |
|---|---|
| Површина | 32 км$^2$ |
| Број на жители | 54 676 |
| Етничка структура на население | Македонци (32,09 %) Турци (6,87) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 1 075 947 734 |
| Адреса | Сандо Масев бр. 1 Струмица |
| Телефон | 034/ 348 030 |
| Мрежно место | http://www.strumica.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА СТРУМИЦА



*Марјан Бајрактаров (ВМРО-ДПМНЕ)*[161] е орален хирург со приватна стоматолошка ординација во Струмица. Во периодот од 2009 до 2013 година бил член на Советот на Општина Струмица, а од 2005 до 2007 бил претседател на Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Струмица. Бајрактаров е дипломиран стоматолог, специјалист за орална хирургија. Тој има 52 години.



*Коста Јаневски (СДСМ)*[162] е пратеник од редовите на СДСМ во Собранието на Република Македонија. Пред да стане пратеник, Коста Јаневски е член на Советот на Општина Струмица од локалните избори во 2013 година. По професија Јаневски е специјалист по интерна медицина. Роден е 1960 година во Штип.

161 https://www.facebook.com/MarjanBajraktarov/
162 https://www.facebook.com/kostajanevski4/

Општина Тетово

| | |
|---|---|
| Површина | 1080 км$^2$ |
| Број на жители | 86 580 |
| Етничка структура на население | Албанци (70,32 %)<br>Македонци (23,16 %)<br>Роми (2,72 %)<br>Турци (2,17 %) |
| Број на членови на совет | 31 |
| Буџет за 2016 | 1 967 097 578 |
| Адреса | Дарвиш Цара 66<br>Тетово |
| Телефон | 044/ 511 930 |
| Мрежно место | http://www.tetova.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ТЕТОВО



*Теута Арифи (ДУИ)*[163] е градоначалник на Општина Тетово избрана на локалните избори во 2013. Во периодот од 2011 до февруари 2013 година била заменик на претседателот на Владата задолжена за европски прашања. Поднела оставка на оваа позиција поради кандидатурата за градоначалник на Тетово. Претходно, од 2002 до 2011 година била пратеник во Собранието на РМ. Таа е доктор по филолошки науки. Една година предавала на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", а била и професор на Универзитетот на Југоисточна Европа, каде од 2001 до 2006 година, исто така, е декан на Педагошкиот факултет. Пред да влезе во политиката била активна во неколку граѓански организации. Арифи е писател и автор на неколку научни трудови. Има 47 години.

163 https://www.facebook.com/teutaarifiofficial/



*Бардуљ Даути (ДПА)*[164] е пратеник во Собранието на РМ. На оваа функција тој е избран на парламентарните избори во 2016 година. Тој е потпретседател на ДПА. Даути е доктор по економски науки, докторирал на Универзитетот во Љубљана. Предава на Универзитетот за бизнис и технологија во Приштина и на Државниот универзитет во Тетово. Има 35 години.



*Билал Касами (БЕСА)*[165] е претседател на политичката партија БЕСА. Дипломирал, магистрирал и докторирал на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Од 2000 до 2004 година Билал Касами работел во Царинската управа на Република Македонија, а од 2004 до 2006 година бил државен секретар во Министерството за економија. Во 2009 година работел во приватниот сектор, додека од 2009 до 2011 година бил професор на Меѓународниот балкански универзитет. Роден е 1975 година во Тетово.



*Горан Манојловски (ВМРО-ДПМНЕ)*[166] е пратеник во Собранието на РМ избран на изборите во 2016. Претходно на локалните избори во 2013 година се кандидира за градоначалник на Тетово. Тој е претседател на Општинската организација на ВМРО-ДПМНЕ во Тетово. Манојлоски е доктор, специјалист интернист, интервентен кардиолог. Има 40 години.



*Аднан Незири (политичка партија Алијанса на Албанците)*[167] дипломирал на Универзитетот во Приштина. Средното образование го завршува во Гимназијата „Кирил Пејчиновиќ" во Тетово. Во периодот од 2009 до 2013 година работел како раководител на финансии во Општина Тетово. Незири бил првоиот претседател на тетовскиот огранок на Движењето за реформи во ДПА предводено од Зијадин Села.

164 http://sobranie.mk/demokratska-partija-na-albancite-2016-ns_article-bardulj-dauti-16.nspx
165 https://www.facebook.com/bilallkasami1/
166 http://sobranie.mk/vmro-dpmne-2016-ns_article-goran-manojloski-16.nspx
167 https://www.facebook.com/adnannezirii

*Општина Штип*

| | |
|---|---|
| Површина | 556 км$^2$ |
| Број на жители | 47 796 |
| Етничка структура на население | Македонци (87,19 %)<br>Роми (4,59 %)<br>Власи (4,34 %)<br>Турци (2,66 %) |
| Број на членови на совет | 23 |
| Буџет за 2016 | 916 879 000 |
| Адреса | Васил Главинов 6б<br>Штип |
| Телефон | 032/ 266 600 |
| Мрежно место | http://www.stip.gov.mk |

## КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ШТИП



*Благој Бочварски (СДСМ)*[168] е пратеник од редовите на СДСМ во актуелниот парламентарен состав и потпретседател на СДСМ од 2017 година. Дипломирал на Архитектонскиот факултет во Скопје. Член е на СДСМ од 2002 година, а од 2013 година е член на Извршниот одбор на партијата. Во 2017 година станува член  и на Централниот одбор. Пред да стане пратеник работел како архитект во приватна градежна компанија. Роден е  1985 година во Штип.

168 https://www.facebook.com/bocvarski





*Илчо Захариев (ВМРО-ДПМНЕ)*[169] е градоначалник на Општина Штип избран на локалните избори во 2013 година. Пред изборот на оваа функција бил директор на Бирото за лекови, функција која ја извршувал два пати, првиот пат во периодот од 2001 до 2003 година и од 2006 година до 2013. Во 2005 и 2006 година бил член и претседател на Советот на Општина Штип. Во периодот од 1985 и со прекини до 2006 година, работел како раководител на работната единица аптеки во Медицинскиот центар во Штип. Исто така, бил вонреден професор во Средното медицинско училиште. Тој е магистриран фармацевт. Захариев има 56 години.

169 https://www.facebook.com/ilcozahariev1/

| ОПШТИНА | КАНДИДАТИ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИК | ПОДНОСИТЕЛИ НА КАНДИДАТУРА |
|---|---|---|
| Арачиново | Исуф Бислими | ДУИ |
| | Али Исмаиљ | Движење БЕСА |
| | Миликије Халими | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Исен Рамадани | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| Берово | Никола Атанасов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Звонко Пекевски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Богданци | Никола Роглев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Блаже Шипов | Коалиција предводена од СДСМ |
| Боговиње | Минур Асани | Движење БЕСА |
| | Берзах Бејтулаху | ДУИ |
| | Елвир Исени | ДПА |
| | Аљбон Џемаили | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| | Веби Џемаили | ПДП |
| Босилево | Зоран Зимбаков | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Љупчо Колев | Коалиција предводена од СДСМ |
| Брвеница | Селјатин Јусуфи | Движење БЕСА |
| | Енвер Пајазити | Група избирачи |
| | Мирко Стојановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Стојан Тодороски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Валандово | Перо Костадинов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Стојан Манолев | Група избирачи |
| | Николче Чурлиновски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Василево | Марјан Јанев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Ванчо Стојанов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Вевчани | Сашо Јанкоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Цветомир Угриноски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Виница | Ивица Димитров | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Мартин Павлов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Врапчиште | Ердал Ахмеди | ДПТМ |
| | Сами Алији | ДПА |
| | Даут Демири | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Реџеп Реџепи | Движење БЕСА |
| | Гајур Рушити | ДУИ |
| | Исен Шабани | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| Градско | Роберт Бешовски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Иванче Иванов | Група избирачи |
| | Глигур Коцев | Група избирачи |
| | Жаклина Чаушевска | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |

| | | |
|---|---|---|
| Дебарца | Јадранка Бибан | Група избирачи |
| | Зоран Ногачески | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Игор Трајкоски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Демир Капија | Трајче Димитриев | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Лазар Петров | Коалиција предводена од СДСМ |
| Демир Хисар | Љупчо Блажевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Марјанче Стојановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Дојран | Тони Ајцев | Група избирачи |
| | Анго Ангов | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Снежана Манева | Група избирачи |
| | Борче Стамов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Долнени | Ерол Абдиу | ДПА |
| | Еџевит Ајдароски | Движење за национално единство на Турците |
| | Пецо Вајгалески | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Зекирија Јусуфи | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| | Билал Каришик | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Исмет Ќамили | Движење БЕСА |
| | Џемил Ќамили | ДУИ |
| Желино | Сали Ајдини | ДПА |
| | Решат Алии | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| | Фатмир Изаири | ДУИ |
| | Бљерим Сејди | Движење БЕСА |

| | | |
|---|---|---|
| Зелениково | Борче Гиевски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Александар Маневски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Зрновци | Киро Коцев | Социјалдемократска партија на Македонија - СДПМ |
| | Ванчо Митев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Методи Николов | Група избирачи |
| | Блаже Станков | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Илинден | Мартина Ивковска | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Жика Стојановски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Јегуновце | Орхан Амити | ДУИ |
| | Дарко Блажески | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Бесар Емини | Движење БЕСА |
| | Тони Коцески | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Карбинци | Зоран Минов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Јордан Насев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Горан Паунов | Народно движење за Македонија (НДМ) |
| Конче | Благој Илиев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Благој Јованов | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Кратово | Мите Андоновски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Љупчо Бојаџиев | Коалиција предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Кривогаштани | Тони Заткоски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Рубинчо Шефтероски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Крушево | Ѓорѓи Дамчески | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Томе Христоски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Липково | Беким Афузи | Политичка партија Алијанса на Албанците |
| | Еркан Арифи | ДУИ |
| | Бардиљ Дестани | ДПА |
| | Шабан Зендели | Движење БЕСА |
| | Хади Османи | Коалиција предводена од СДСМ |
| Лозово | Ацо Велковски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Горјан Иванов | Народно движење за Македонија |
| | Јордан Илиевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Маврово и Ростуша | Алим Билали | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Нахмир Гале | Група избирачи |
| | Медат Куртовски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Македонска Каменица | Дарко Митевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Соња Стаменкова | Коалиција предводена од СДСМ |

| | | |
|---|---|---|
| Македонски Брод | Милосим Војнески | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Жарко Златески | Група избирачи |
| | Живко Силјаноски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Драгиша Терзиоски | Социјалдемократска партија на Македонија - СДПМ |
| Могила | Јасмина Гулевска | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Стево Пивковски | Група избирачи |
| | Зоранче Сакурмовски | Народно движење за Македонија |
| Новаци | Лазар Котевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Љубе Кузмановски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Пецо Мицевски | Група избирачи |
| Ново Село | Блажо Велков | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Боро Стојчев | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Драган Трајков | Народно движење за Македонија |
| Петровец | Звонко Цветковски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Борче Митевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Пехчево | Игор Поповски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| | Драган Тренчовски | Коалиција предводена од СДСМ |
| Пласница | Шпресим Ајроски | Коалиција предводена од СДСМ |
| | Исмаил Јахоски | ДУИ |

| | | |
|---|---|---|
| Пробиштип | Драган Анастасов<br>Горан Стоилковски<br>Тони Тоневски | Коалиција предводена од СДСМ<br>Група избирачи<br>Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Радовиш | Јуре Ѓорѓиев<br>Герасим Конзулов<br>Сашко Николов | Група избирачи<br>Коалиција предводена од СДСМ<br>Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Ранковце | Роберт Симоновски<br>Ивица Тошевски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>Група избирачи |
| Росоман | Бранко Јанев<br>Стојанче Лазов | Коалиција предводена од СДСМ<br>Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Свети Николе | Сашо Велковски<br>Зоран Тасев | Коалиција предводена од СДСМ<br>Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Сопиште | Далибор Богдановски<br>Стефче Трпковски | Коалиција предводена од СДСМ<br>Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ |
| Старо Нагоричане | Елена Јаќимовиќ<br>Жаклина Јовановска<br>Милош Стојмановски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>Коалиција предводена од СДСМ<br>Народно движење за Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| Студеничани | Меџит Имери<br>Феми Јонузи<br>Реџеп Мемеди<br>Акија Мустафовски<br>Азем Садики | Политичка партија Алијанса на Албанците<br>ДУИ<br>Движење БЕСА<br>Коалиција предводена од СДСМ<br>ДПА |
| Теарце | Исен Асани<br>Невзат Велјии<br>Војо Гоговски<br>Амир Елјези<br>Рухан Илази<br>Боби Петрушевски | ДУИ<br>Политичка партија Алијанса на Албанците<br>ВМРО-ДПМНЕ<br>Движење БЕСА<br>ДПА<br>Коалиција предводена од СДСМ |
| Центар Жупа | Аријан Ибраим<br>Неваип Исмаил | Демократска партија на Турците на Македонија<br>Коалиција предводена од СДСМ |
| Чашка | Зоран Здравевски<br>Горанчо Пановски<br>Горан Стојановски | Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ<br>Народно движење за Македонија<br>Коалиција предводена од СДСМ |
| Чешиново-Облешево | Горанчо Зашов<br>Горанчо Крстев | Коалиција предводена од ВМРО-ДМНЕ<br>Коалиција предводена од СДСМ |
| Чучер Сандево | Јован Пејковски<br>Ацо Поповски<br>Горан Чекаловиќ | Група избирачи<br>Група избирачи<br>Народно движење за Македонија |

# ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2017 ГОДИНА - РЕЗУЛТАТИ, КАМПАЊА, ОЦЕНКИ

## ВОВЕД

На 15 октомври 2017 година се одржаа шестите локални избори од осамостојувањето на Република Македонија. Изборите се спроведуваа во 80 општини и Градот Скопје, при што по мнозински систем се гласаше за градоначалните на општините и Градот Скопје, а членовите на советите се избираа по пропорционален модел. Болните, немоќните лица, лицата во домашен притвор и затворениците во казнено-поправните установи гласаа ден пред одржувањето на двата круга, односно на 14 и 28 октомври. На гласање излегоа вкупно 1 079 876 од вкупно 1 814 644 регистрирани гласачи во избирачкиот список, со што излезноста во првиот круг изнесуваше 59,51 %. Во вториот круг на изборите, излезноста беше намалена и изнесуваше 51,92 %. Во споредба со минатите локални избори од март 2013 година кога излезноста изнесуваше 66,81 % во првиот круг и 64,9 % во вториот круг.[170]

Според претходната динамика, локалните избори во Република Македонија се одржуваа на секои четири години во втората половина на март. Меѓутоа поради политичките превирања и процеси во текот на 2016 и 2017, локалните избори во 2017 се одложија и се одржаа во октомври. Процесот на гласање го спроведува тристепена изборна администрација водена од Државната изборна комисија (ДИК) како професионално избрано тело, потоа општинските изборни комисии, како непрофесионални органи, и 3 480 избирачки одбори кои ги спроведуваат изборите на гласачките места.

За 80 општини и Градот Скопје се натпреваруваа вкупно 223 кандидати за градоначалници. Самостојно или во коалиција, со свои кандидати за градоначалници настапија 17 политички субјекти,

---

170 Види Излезност на локални избори, Државна изборна комисија. Излезност од прв круг: https://rezultati2017.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1 Излезност од втор круг: https://rezultati.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1 (последна посета: 14 ноември 2017)

од кои 3 коалиции и 14 политички партии: коалиција „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција предводена од СДСМ, коалиција „Алијанса за Албанците (Унитети, НДП)," ВМРО-ДПМНЕ,[171] Демократска унија за интеграција, Граѓанската опција за Македонија, Движењето БЕСА, Движењето за национално единство на Турците, Демократската партија на Албанците, Демократска партија на Турците од Македонија, Левица, Народното движење за Македонија, Партијата за демократски просперитет, политичката партија Алијанса на Албанците, Сојуз на Ромите од Македонија, Социјал-демократска партија на Македонија, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО). За членови на советот на општините и Градот Скопје беа поднесени вкупно 373 листи за кандидати за советници од вкупно 19 политички субјекти.[172]

Локалните избори беа распишани на 6 август со што почнаа да течат роковите за нивна реализација. Изборната кампања за првиот круг официјално започна на 25 септември и траеше до 13 октомври на полноќ. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 15 октомври и траеше до 27 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 29 октомври, додека прегласување имаше само во Општина Чаир кое се одржа на 12 ноември. Изборите ги набљудуваа вкупно 6 082 набљудувачи. Од нив 5 609 домашни и 473 странски набљудувачи.[173] Генерална оцена на набљудувачите е дека локалните избори беа добро менаџирани и спроведени во мирна атмосфера, со изолирани инциденти и одредени недоследности во некои од гласачките места.  Како една од забелешките се наведува поткопувањето на потребната издвоеност помеѓу државата и партијата, особено

171 ВМРО-ДПМНЕ настапи самостојно во Општина Теарце.

172 Покрај наведените 17 политички субјекти, свои кандидати за советници поднесоа два дополнителни политички субјекта, односно две коалиции на Беса, Алијанса на Албанците предводена од ДУИ (во Битола, Охрид и Гази Баба) и од Фемих Бејлуров во Гази Баба.

173 Табела на акредитирани набљудувачи – Локални избори 2017, Државна изборна комисија. Пристапено на https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zMVBKUEdVQjZkTnM/view (последна посета: 9.11.2017)



преку даваните ветувања на премиерот за владина поддршка за општините со градоначалници од владејачката партија. Медиумското известување при покривањето на кандидатите е генерално опишано како непристрасно што ја помогнало политичка дебата. Владејачките партии ги оценија изборите како фер и демократски, додека, пак, за опозициските партии овие избори беа нелегитимни.

Изборите драстично го променија соодносот на градоначалнички места помеѓу двете најголеми политички партии, ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Коалицијата предводена од СДСМ освои 57 градоначалнички места, што е за 53 градоначалнички места повеќе од минатите избори. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ освои 5 градоналачнички места, односно 51 помалку од минатите избори. ДУИ освои 10 градоначалнички места што е за 4 помалку во однос на претходните избори. Политичката партија Алијанса на Албанците, која како посебен политички субјект за прв пат настапи на овие локални избори, освои 3 градоначалнички места, по еден градоначалник освоија БЕСА, ДПА и ДПТ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати.[174]

Во продолжение на овој прирачник следува подетален осврт на изборната кампања, приходите и трошоците на партиите и коалициите за време на изборната кампања, известувањето на медиумите, резултатите од изборите, почитувањето и заштитата на избирачките права, оцена на изборите од набљудувачите и од политичките партии, како и сумарни заклучоци за целокупниот изборен циклус.

174 Види Резултат на локални избори, Државна изборна комисија. Резултати од прв круг: https://rezultati2017.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1. Резултати од втор круг: https://rezultati.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1. (последна посета: 14 ноември 2017)

## ИЗБОРНА КАМПАЊА И ФИНАНСИРАЊЕ

Кампањата за првиот круг на локалните избори официјално започна на 25 септември и траеше до 13 октомври на полноќ. Кампањата за вториот круг продолжи веднаш по изборниот ден на 15 октомври и траеше до 27 октомври до полноќ. Вториот круг од локалните избори се одржа на 29 октомври. Уште едно прегласување, односно трет круг се одржа само на едно гласачко место во Општина Чаир на 12 ноември.

Партиите во голема мера ги користеа вообичаените методи за промоција, како митинзи, средби со граѓани, кампања „од врата на врата", телевизиски реклами, а беше забележана и поголема застапеност на социјалните медиуми. И покрај тоа што голем дел од кандидатите водеа позитивна кампања, заостреаната и негативна реторика не изостана и овој пат. Во фокусот на кампањата беа прашањата за наводите за корупција на поранешни и актуелни функционери, мигрантите и бегалците од кризни региони во светот, проблемите со загадувањето на животната средина, отворање работни места, економијата, иселувањето на младите, како и конкретни проблеми со кои се соочуваат општините.

Според Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР, во текот на изборната кампања партиите имаа можност слободно да ги водат своите кампањи, при што слободата на здружување, собирање и изразување беше почитувана. Сепак, Мисијата по првиот круг наведе дека постојат кредибилни наводи за купување гласови, притисок врз гласачите и изолирани случаи на насилство кои се случија во предизборниот период. Мониторираните медиуми понудија непристрасно покривање на натпреварувачите и ја потпомогнаа можноста за политичка дебата. Иако беа уочени некои процедурални нерегуларности, изборниот ден главно протече уредно, рекоа набљудувачите. Се посочува дека во кампањата беа регистрирани неколку изолирани инциденти, меѓу кои и напад врз Елвис Бајрам, кандидат за градоначалник на Општина Шуто Оризари.

Во периодот на кампањата од првиот круг на 27 септември во Кичево во вооружен напад беше застрелан, а десет дена подоцна и почина Алит Абази, носител на независна листа советници, а беше ранет и шефот на неговиот изборен штаб, Дестан Абдиу. Обвинителството кое го истражуваше настанот отфрли политичка мотивираност и поврзаност на нападот со изборниот процес.[175]

Како дел од кампањата, освен редовните медиумски гостувања и дискусии, се одржаа и повеќе дебатни соочувања меѓу кандидати за градоначалници на поголем дел од телевизиите со национални концесии. Во овој поглед забележливо беше одбивањето на кандидатите од СДСМ да присуствуваат на дебати организирани од телевизии како Нова и Алфа, кои тие ги перципираат како медиуми приклонети кон ВМРО-ДПМНЕ. Исто така, кандидати на ВМРО-ДПМНЕ одбија да учествуваат на дебати организирани од телевизии како Телма и 24 Вести, кои тие ги перципираат како медиуми приклонети кон СДСМ. Од овие причини не дојде до директно телевизиско соочување меѓу кандидатите на СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ за градоначалник на Град Скопје, Петре Шилегов и Коце Трајановски.

Впечатливо за овој изборен циклус беше што кандидатите на најголемите партии во најголем дел се воздржаа од напаѓачка реторика на етничка основа. Воедно, дел од партиите посветија внимание и кон гласачите од други етнички заедници. Ова беше покарактеристично за коалицијата предводена од СДСМ која во неколку општини отворено ги поддржа кандидатите на ДУИ, како во Општините Чаир, Тетово и Струга, а во Општините Арачиново и Шуто Оризари со население од доминантно албанска и ромска

175 „Почина независниот кандидат од Кичево девет дена по нападот" Телма, 5 октомври 2017. Пристапено на: http://telma.com.mk/vesti/pochina-nezavisniot-kandidat-od-kichevo-devet-dena-po-napadot (последна посета: 15 ноември 2017)

националност предложи и свои кандидати кои победија на изборите. ДУИ, пак, отворено го повика своето членство и симпатизерите во Скопје и во Куманово да ги поддржат кандидатите на СДСМ. Карактеристично за кампањата беше и тоа што ВМРО-ДПМНЕ во повеќе општини со етнички мешано население, како и на повеќе медиуми, ги пласираше своите изборни слогани и промотивни материјали и на албански јазик. Исклучок од оваа тенденција беше кампањата на партијата Алијанса на Албанците предводена од Зијадин Села која се засноваше на етничка основа. Во три општини дел од партиите на Албанците формираа коалиции и настапија заедно во кампањите. Партиите ДУИ, Движењето Беса и Алијанса на Албанците настапија со заеднички листи за советници во Општините Гази Баба, Битола и Охрид.

Коалицијата предводена од СДСМ кампањата ја водеше како продолжение на кампањата за парламентарните избори во декември 2016 користејќи го истиот слоган „Живот во Македонија за сите". Во дел од кампањата коалицијата покрај понудата на решенија за проблемите на граѓаните во еден дел ја продолжи и негативната кампања против конкурентите од ВМРО-ДПМНЕ почната од парламентарните избори поврзувајќи ги личностите на кандидатите со корупциски скандали или со личности од таа партија за кои се водат истраги или се подигнати обвиненија. Коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ кампањата ја водеше под слоганот „Новата ера почнува" и „Секогаш работа, секогаш Македонија". Кампањата, исто така, во еден дел се фокусираше на понуда на решенија за локални проблеми, но и на потсетувања за претходни достигнувања на партијата. Оваа коалиција, исто така, се обиде да парира со негативна кампања против своите конкуренти со поврзување на личностите од конкурентската СДСМ со наводна опасност од наплив на мигранти и бегалци од блискоисточни земји и со поврзување на кандидатите и водечките личности на СДСМ со наводи за корупција. ДУИ промотивната кампања за кандидатите за градоначалници и за членовите на општинските совети ја водеше под слоганот „За општината која ја сакаме". Во кампањата ДУИ покрај ветувањата за решавање на долготрајни локални проблеми на заедниците често се осврнуваше и на повисоки апстрактни вредности, како „толеранција, солидарност, помирување, консензуалност, одговорноста, храбри одлуки и евроамерикански дух", ветувајќи посветеност во „градење правна држава и општество во кое ќе владее законот еднаков за сите". Движењето Беса кампањата ја водеше под слоганот „За нов живот". Кандидатите на јавните настапи и во промотивните материјали се осврнаа на ветувања за решавање на долготрајни проблеми во општините со доминантно албанско население. Партијата користеше и методи на негативна кампања против конкурентите од ДУИ поврзувајќи ги со коруптивни скандали. Алијанса на Албанците ја водеше кампањата под слоганот „Со знаење и храброст". Во текот на кампањата партијата ги насочи промотивните активности исклучиво кон граѓаните од албанска етничка припадност, притоа во некои ситуации користејќи отворен националистички речник. Во дел од кампањата беше забележлив негативен однос кон граѓаните од други националности, како и кон партијата ДУИ.

Со мониторингот во рамките на „Мојот избор" спроведен од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ИДСЦС беше следено интернет[176] присуството на кандидатите за градоначалници. Карактеристично за овие избори е што сите кандидати за поголемите општини имаа свои профили на социјалната мрежа Фејсбук на која ги промовираа своите активности. Кандидатите во најголем дел немаа сопствени интернет-страници, туку една која се однесуваше на целата кампања на нивната партија, односно коалиција.

176 Кандидатите на Facebook, Мојот избор. Пристапено на http://mojotizbor.mk/izbori2017/kandidati/714-kandidatite-na-facebook-mk.html (последна посета: 13.11.2017)

Од направената анализа на финансиските извештаи за средствата потрошени во кампањата пред првиот и вториот круг на локалните избори доставени до ДИК, Државниот завод за ревизија (ДЗР) и Државната комисија за спречување на корупција (ДКСК), може да се констатира дека најголемите партии ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Движењето Беса, ДПА, партијата Алијанса на Албанците, коалиција „Алијанса за Албанците", Гром и Левица потрошиле вкупно 135 026 558 денари (2 195 553 евра). Овие партии според достапните извештаи[177] од донации и членарини собрале вкупно 106 615 601 денари (1 733 587 евра).

Поединечно, ВМРО-ДПМНЕ е партија која потроши најмногу на кампањата и тоа вкупно 69 989 767 денари (1 138 044 евра), односно скоро половина од вкупната сума која е пријавена како потрошена во кампањите на изборите од сите поголеми политички субјекти. ВМРО-ДПМНЕ пријави приходи во текот на кампањата од донации и членарини од 33 058 102 денари (537 530 евра). Според пријавените приходи, СДСМ е партија која собра најмногу средства од донации, односно 52 765 931 денар (857 982 евра). Оваа партија пријави дека во кампањата потрошила 31 203 177 денари (506 368 евра).

ДУИ пријави дека во кампањата потроши 21 303 915 денари (346 405 евра), а собра 9 962 500 денари (161 991 евра). Од поголемите потрошувачи е и Движењето Беса кое на промотивните активности потроши 7 081 719 денари (115 149 евра), а од донации и членарини пријави дека собра 4 579 610 денари (74 465 евра). Партијата Алијанса на Албанците пријави дека во својата кампања потроши 1 366 272 денари (22 215 евра), односно еден милион денари помалку од собраната сума од донации и членарини која изнесуваше 2 362 570 денари (38 415 евра).

[177] Извештаи на политичките партии, Државен завод за ревизија. Пристапено на: http://www.dzr.mk/DesktopDefault.aspx?tabindex=0&tabid=1073 (последна посета: 14.11.2017)

Сумарен преглед на приходи и расходи кај политичките партии:

| Политичка партија | вкупни приходи | вкупни расходи | салдо |
|---|---|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | 33 058 102 | 69 989 767 | -36 931 665 |
| СДСМ | 52 765 931 | 31 203 177 | 21 562 754 |
| ДУИ | 9 962 500 | 21 303 915 | -11 341 415 |
| ДПА | 626 000 | 730 855 | -104 855 |
| БЕСА | 4 579 610 | 7 081 719 | -2 502 109 |
| Левица | 119 908 | 281 114 | -161 206 |
| Политичка партија Алијанса на Албанците | 2 362 570 | 1 366 272 | 996 298 |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 1 267 500 | 1 265 930 | 1 570 |
| ГРОМ | 1 873 480 | 1 803 809 | 69 671 |
| Вкупно во денари | 106 615 601 | 135 026 558 | -28 410 957 |
| Вкупно во евра | 1 733 587 | 2 195 553 | -461 966 |

## МЕДИУМИ

Мониторингот на медиумското известување поврзано со изборите се одвиваше од моментот на распишувањето на изборите и за време на кампањата пред двата круга на гласање од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – ААВМУ, тело кое е законски одговорно за следење на електронските медиуми во изборниот процес. Набљудувањето на медиумското известување во периодот од распишувањето на изборите до почетокот на кампањите, според ААВМУ, укажува дека повеќето медиуми ги почитуваа новинарските стандарди и овозможија претставување на повеќе разновидни ставови за актуелните политички и општествени теми и прашања. Како исклучок ААВМУ наведува дека кај помал дел од медиумите е регистрирано емитување на прилози кои се квалификуваат како псевдонастани и псевдовести креирани од политички партии како политички ветувања или како критика на политички опоненти. Се нотира дека кај две телевизии обемот на такви прилози за една политичка опција укажува на непочитување на професионалното начело за еднаков третман на различните гледишта.

За периодот од кампањата за првиот круг од локалните избори, која траеше од 5 до 13 октомври, Агенцијата забележа[178] дека програмските сервиси на државно ниво генерално обезбедија еднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување. Се забележува дека голем дел од нив вложија напори да организираат и дебатни соочувања на учесниците во изборниот процес. Од друга страна, се посочува дека дел од кандидатите учествуваа во посебните информативни емисии кај едни медиуми, а не одговараа на поканите на други медиуми. Според ААВМУ, медиумите на македонски јазик во вестите беа фокусирани на известување за кампањите на двете коалиции кои имаа најголем број потврдени листи со кандидати за градоначалници и советници – едната предводена од СДСМ, а другата од ВМРО ДПМНЕ. Медиумите кои известуваат истовремено и на албански и на македонски јазик имаа квантитативно поизедначен пристап во известувањето. И едните и другите, квалитативно настојуваа да обезбедат еднаков третман.

Агенцијата констатираше дека во периодот од кампањата пред првиот круг на гласање неколку медиуми како ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Нова, ТВ 24 Вести, ТВ Компани 21-М, ТВ Стар го прекршија Изборниот законик и против нив поведе прекршочни постапки. Прекршочни постапки против ТВ Алфа се покренати поради необезбедување избалансирано покривање на локалните избори 2017, во вкупната програма, во првите десет дена од изборната кампања и поради емитување на прилози со резултати од испитување на јавното мислење поврзани со учесниците во изборниот процес, по истекот на законски пропишаниот рок за тоа.

ААВМУ констатираше прекршување на Изборниот законик кај телевизиите Алсат-М и ТВ Нова поради надминување на лимитот за платено политичко рекламирање. Прекршувањето кај Тв 24 Вести

178 Радиодифузерите обезбедија еднакви услови за пристап до програмите во првиот круг од локалните избори, ААВМУ, 19.10.2017. Пристапено на: http://avmu.mk/радиодифузерите-обезбедија-еднакви/ (последна посета: 15.11.2017)



е констатирано поради непочитување на правилата за објавување резултати од испитување на јавното мислење, односно не се наведени задолжителните податоци за нарачателот на испитувањето, применетата методологија, големината и структурата на испитаниот примерок и периодот во кој е спроведено испитувањето. Прекршочни постапки против ТВ Компани 21-М и ТВ Стар се покренати поради емитување на платено политичко рекламирање во посебни информативни програми.

При покривањето на кампањата пред вториот круг на гласање, која се одвиваше во периодот од 18 до 27 октомври, Агенцијата констатираше[179] дека медиуите го намалија интензитетот на известувањето. Притоа се забележува дека два медиума, ТВ Нова и ТВ Алфа, го прекршија барањето за непристрасно покривање на изборите. Кај нив, во вкупната програма се констатира пристрасност во корист на ставовите и реакциите на коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ. Агенцијата најави поведување на прекршочни постапки пред надлежен суд против двете телевизии.

Констатирани се и две прекршувања[180] на Изборниот законик кај два медиума. Во првиот случај се работи за Првиот програмски сервис на Македонско радио (Радио Скопје) поради емитување на изјави на министерот за земјоделство, Љупчо Николовски, во емисија за земјоделци во период на изборен молк. Вториот случај се однесува на ТВ Нова која ги прекрши ограничувањата за платено политичко рекламирање. Телевизијата во два наврати – на 26 и на 27 октомври, емитувала повеќе од дозволените 8 минути за платено политичко рекламирање на реален час емитувана програма за политичките партии во опозиција.

179 Мал обем информации од кампањата во вториот круг, две телевизии не обезбедија непристрасно покривање, ААВМУ, 3.11.2017. Пристапено на http://avmu.mk/мал-обем-информации-од-кампањата-во-вт/ (последна посета: 15.11.2017)

180 Констатирани две нови прекршувања на Изборниот законик, ААВМУ, 30.10.2017. Пристапено на: http://avmu.mk/констатирани-две-нови-прекршувања-на/ (последна посета: 14.11.2017)

ААВМУ забележува и дека одредбата од Изборниот законик за тоа како да се подели времето во дневно-информативните емисии на програмските сервиси на Македонската радиотелевизија е несоодветна за новинарско известување на еден јавен сервис. Според оваа одредба, МРТВ е должна да обезбеди рамноправен пристап во информативната програма, така што 30 % од времето ќе посвети на информации за дневните настани од земјата и светот, 30 % од времето за активностите на политичките партии на власт, 30 % од времето за активностите на политичките партии во опозиција и 10 % од времето за активностите на политичките партии кои не се претставени во Собранието. Според АВМУ, ваквата обврска му задава потешкотии на јавниот сервис да се придржува до својата функција на јавен сервис кој треба, пред сè, да ги информира граѓаните за сите актуелни настани во земјата и светот или да ѝ ги ускрати на публиката овие информации за да не го надмине лимитот од 30 %. Според Агенцијата, ова е тешко остварливо имајќи предвид дека сервисот мора да се придржува до овие правила дури и кога во ситуации како во вториот изборен круг бројот на кандидати е мал, односно недоволен за содржински да се пополнат назначените проценти од програмата.[181]

Во врска со јавниот сервис МРТВ и Собранискиот канал, Агенцијата констатира дека тие ги исполнија обврските од изборната кампања да овозможат бесплатно политичко претставување на учесниците во изборите. Според податоците од набљудувањето, таквата можност за бесплатно претставување ја искористија само кандидатите за градоначалници од коалициите предводени од ВМРО ДПМНЕ и СДСМ. Од страна на ААВМУ, спроведен беше и мониторинг на јавниот радиодифузен сервис МРТ во периодите 5-13 октомври[182] и 18-27

181 „Правила за медиумско покривање на изборни процеси (за рамномерно политичко медиумско претставување)". МРТ, 29.12.2017. Пристапено на: http://mrt.com.mk/node/28766 (последна посета: 15.11.2017)

182 „Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг)". ААВМУ, 19.10.2017. Пристапено на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/08/Izvestai-od-nadzori-nad-izborno-mediumsko-izvestuvanje_19.10.2017.pdf (последна посета: 16.11.2017)



октомври 2017.[183] Мониторирани беа Првиот програмски сервис МРТ1, Вториот програмски сервис МРТ2, Македонското радио – Прв програмски сервис МР1 и Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик МР3.

**Табела 1: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (5 – 13 октомври 2017, прв круг) Извор: ААВМУ**

| | МРТ1 | | МРТ2 албански јазик | | Македонско радио 1 | | МРА албански јазик | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| **Коалиција СДСМ и др.** | 01:39:52 | 59,37 % | 00:55:05 | 32,63 % | 01:39:35 | 80,65 % | 00:24:41 | 31,84 % |
| **ДУИ** | 00:46:54 | 27,88 % | 01:15:37 | 44,79 % | 00:15:14 | 12,34 % | 00:29:16 | 37,76 % |
| **Алијанса на Албанците** | 00:19:18 | 11,47 % | 00:36:53 | 21,85 % | 00:08:40 | 7,02 % | 00:16:40 | 21,50 % |
| **Коалиција Алијанса за Албанците** | 00:02:08 | 1,27 % | 00:01:15 | 0,74 % | / | / | 00:06:54 | 8,9 % |
| **Вкупно** | 02:48:12 | 100 % | 02:48:50 | 100 % | 02:03:29 | 100 % | 01:17:31 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | | | |
| **Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др.** | 01:45:21 | 64,18 % | 00:54:42 | 32,69 % | 01:36:53 | 80,14 % | 00:25:09 | 38,49 % |
| **ГРОМ – Граѓанска опција за Македонија** | 00:05:45 | 3,5 % | 00:01:21 | 0,81 % | 00:04:09 | 3,43 % | / | / |
| **Беса** | 00:35:43 | 21,76 % | 01:03:45 | 38,09 % | 00:10:23 | 8,59 % | 00:20:14 | 30,97 % |
| **ДПА – Демократска партија на Албанците** | 00:17:20 | 10,56 % | 00:47:33 | 28,41 % | 00:09:29 | 7,84 % | 00:19:57 | 30,54 % |
| **Вкупно** | 02:44:09 | 100 % | 02:47:21 | 100 % | 02:00:54 | 100 % | 01:05:20 | 100 % |

За периодот 5-13 октомври може да се утврди дека јавниот сервис иако споредено со парламентарните избори од 2016 година ги има намалено разликите на покриеност на активностите за кампањите на политичките партии во опозиција, сепак, може да се утврди дека тие сè уште варираат како помеѓу различните сервиси во

183 „Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг)". ААВМУ, 3.11.2017. Пристапено на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Поединечните-извештаи-за-радиодифузерите-за-периодот-од-18-до-27-октомври-2017-година.pdf (последна посета: 15.11.2017)

МРТ, така и помеѓу политичките партии. Во однос на разликите помеѓу партиите на власт и опозиција, Првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 2 часа 48 минути и 12 секунди за партиите на власт, а 2 часа 44 минути и 9 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, Програма на албански јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 2 часа 48 минути и 50 секунди, додека за партиите во опозиција 2 часа 47 минути и 21 секунда. Во случај на Македонското радио – Прв програмски сервис 3 минути е разликата помеѓу покриеноста на активностите на власта во однос на тие на партиите во опозиција. Така, активностите за кампањите на политичките партии на власт добиле 2 часа 3 минути и 29 секунди, додека партиите во опозиција 2 часа и 54 секунди. Кај Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик разликата е 12 минути и 21 секунда што е најголема во однос на останатите сервиси. Така, на овој сервис партиите на власт добиле покриеност од 1 час 17 минути и 31 секунда, додека партиите во опозиција 1 час 5 минути и 20 секунди.

Во однос на двете најголеми политички партии, на Првиот програмски сервис МРТ1 во активностите за кампањите на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ добила за речиси 6 минути поголема покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена од СДСМ. Кај Вториот програмски сервис МРТ2, речиси и да не постои разлика, но, сепак, коалицијата преводена од СДСМ добила 23 секунди поголема покриеност во споредба со коалицијата преводена од ВМРО-ДПМНЕ. Во Македонското радио – Прв програмски сервис, поголема покриеност добиле активностите за кампањите на коалицијата предводена од СДСМ (1 час 39 минути и 35 секунди) во однос на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ (1 час 35 минути и 53 секунди). Во случајот на Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик разликата е 28 секунди во корист на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ која добила 25 минути и 9 секунди во однос на коалицијата предводена од СДСМ која добила 24 и 41 секунда.

**Табела 2: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (18 – 27 октомври 2017, втор круг) Извор: АААВМУ**

| | МРТ1 | | МРТ2 албански јазик | | Македонско радио 1 | | МРА албански јазик | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активности за кампањите на политичките партии на власт** | | | | | | | | |
| | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент | Траење | Процент |
| **Коалиција СДСМ и др.** | 00:28:28 | 55,84 % | 00:17:07 | 31,58 % | 00:29:16 | 83,07 % | 00:03:05 | 16,43 % |
| **ДУИ** | 00:14:19 | 28,08 % | 00:27:35 | 50,89 % | 00:14:19 | 16,93 % | 00:10:31 | 56,04 % |
| **Алијанса на Албанците** | 00:08:12 | 16,08 % | 00:09:30 | 17,53 % | / | / | 00:05:10 | 27,53 % |
| **Вкупно** | 00:50:59 | 100 % | 00:54:12 | 100 % | 00:35:14 | 100 % | 00:18:46 | 100 % |
| **Активности за кампањите на политичките партии во опозиција** | | | | | | | | |
| **Коалиција ВМРО-ДПМНЕ и др.** | 00:30:14 | 60,41 % | 00:17:24 | 33,26 % | 00:28:33 | 97,11 % | 00:01:08 | 13,44 % |
| **Беса** | 00:13:26 | 26,84 % | 00:26:35 | 50,81 % | 00:00:51 | 2,89 % | 00:04:29 | 53,16 % |
| **ДПА – Демократска партија на Албанците** | 00:06:23 | 12,75 % | 00:08:20 | 15,93 % | / | / | 00:02:49 | 33,40 % |
| **Вкупно** | 00:50:03 | 100 % | 00:52:19 | 100 % | 00:29:24 | 100 % | 00:08:26 | 100 % |

Од извршениот мониторинг на јавниот сервис во периодот 18-27 октомври 2017, првиот програмски сервис МРТ1 обезбедил 50 минути и 59 секунди за партиите на власт, а 50 минути и 3 секунди за партиите од опозицијата. Вториот програмски сервис МРТ2, програма на албански јазик, за активностите на партиите на власт обезбедил 54 минути и 12 секунди, додека за партиите во опозиција 52 минути и 19 секунди. Поголема разлика може да се увиди кај Македонското радио – Прв програмски сервис и Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик. Во случај на Македонското радио – Прв програмски сервис 6 минути е разликата помеѓу покриеноста на активностите на власта во однос на тие на партиите во опозиција. Така, активностите за кампањите на политичките партии на власт добиле 35 минути и 14 секунди, додека партиите во опозиција добиле 29 минути и 24 секунди. Кај Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик разликата е уште поголема, односно партиите на власт добиле покриеност од 18 минути и 46 секунди, додека партиите во опозиција 8 минути и 26 секунди.

Во однос на двете најголеми политички партии, на Првиот програмски сервис МРТ1 во активностите за кампањите на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ добиле за 1 минута и 26 секунди поголема покриеност во споредба со тие на коалицијата предводена од СДСМ. Кај Вториот програмски сервис МРТ2 – Програма на албански јазик, таа разлика изнесува 24 секунди. Ситуацијата е спротивна во Македонското радио – Прв програмски сервис и Македонското радио – Трет програмски сервис – Програма на албански јазик каде што разликата е 1 минута и 43 секунди, односно 1 минута и 57 секунди во корист на коалицијата предводена од СДСМ.

Околу платеното политичко рекламирање[184] на политичките субјекти кое, исто така, се следи од страна на Агенцијата, се констатира дека во двата круга од изборната кампања најголем обем платено политичко рекламирање е регистрирано за коалицијата предводена од ВМРО ДПМНЕ (околу 177 часа), потоа за коалицијата предводена од СДСМ (околу 70 часа), следуваат ДУИ (околу 17 часа) и Беса (околу 12 часа). Од телевизиите на државно ниво најмногу реклами се емитувани на ТВ Нова и на ТВ Сител. Притоа, впечатливо е што додека повеќето телевизии имаа платено политичко рекламирање во различен обем и од различни партии, телевизијата Нова се фокусираше на еден доминантен извор на реклами. Имено, од вкупно околу 38 часа емитувано платено политичко рекламирање на оваа телевизија во време на двата изборни круга дури 37 часа отпаѓаат на реклами на коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ, а само еден час на партијата Гром.

184 Преглед на платеното политичко рекламирање за периодот 25 септември – 13 октомври, ААВМУ. Пристапено на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/10/Pregled-za-plateno-politicko-reklamiraranje-za-vreme-na-prv-krug-od-lokalni-izbori.pdf (последна посета 14.11.2017)
Преглед на платеното политичко рекламирање за периодот 18-27 октомври, ААВМУ. Пристапено на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/11/Преглед-на-платеното-политичко-рекламирање.pdf (последна посета: 14.11.2017)

**Табела 3: Застапеност на субјектите во информативните жанрови (25 септември – 27 октомври 2017)**
**Извор: ААВМУ**

| | 24 Вести | | Алсат - М | | Алфа | | Канал 5 | | Сител | | Телма | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II | I | II |
| ВМРО-ДПМНЕ и др. | 03:55:51 | 01:04:43 | 02:24:38 | / | 17:32:01 | 02:45:54 | 04:57:56 | 01:03:46 | 15:32:20 | 02:45:46 | 02:12:24 | 01:06:41 |
| СДСМ и др. | 10:31:18 | 02:41:14 | 05:59:29 | 01:34:14 | / | / | 08:34:07 | 01:27:56 | 07:31:27 | 01:46:41 | 05:04:55 | 00:45:42 |
| ДУИ | / | / | 07:16:39 | 02:49:35 | 00:06:44 | / | / | / | / | / | / | / |
| ДПА | / | / | / | / | 00:03:22 | / | / | / | / | / | / | / |
| ГРОМ | 00:39:00 | / | / | / | 00:02:26 | / | 00:17:57 | / | 00:34:43 | / | / | / |
| Народно движење за Македонија | 00:06:15 | / | / | / | 00:02:00 | / | / | / | 00:06:34 | / | / | / |
| БЕСА | / | / | 01:12:23 | 00:48:48 | 00:00:34 | / | / | / | / | / | / | / |
| Алијанса на Албанците | / | / | 00:46:20 | / | 00:04:12 | / | / | / | / | / | / | / |
| ПДП | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| Демократска партија на Албанците | / | / | / | / | 00:00:34 | / | / | / | / | / | / | / |

## РЕЗУЛТАТИ ОД ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2017 ГОДИНА

Во првиот круг на локални избори кој се одржа на 15 октомври 2017 година, на гласање излегоа вкупно 1 079 876 од вкупно 1 814 644 регистрирани гласачи во избирачкиот список, со што излезноста во првиот круг изнесуваше 59,51 %.[185] Во вториот круг на изборите, излезноста беше намалена и изнесуваше 51,92 %.[186] Во споредба со минатите локални избори од март 2013 година излезноста изнесуваше 66,81 % во првиот круг и 64,9 % во вториот круг. Излезноста на овие локални избори, исто така, беше пониска и од излезноста на предвремените парламентарни избори кои се одржаа на 11 декември 2016 година, која изнесуваше 66,79 %. Во првиот круг, за избор на градоначалници на општините и Градот Скопје за неважечки се прогласени вкупно 57 023 ливчиња (4,3 %). Од гласачките ливчиња за избор на членови на совет во општините и Градот Скопје, за неважечки се прогласени вкупно 65 048 ливчиња (5 %).

За 80 општини и Градот Скопје се натпреваруваа вкупно 223 кандидати за градоначалници. Самостојно или во коалиција со свои кандидати за градоначалници настапија 17 политички субјекти, од кои 3 коалиции и 14 политички партии: коалиција „За подобра Македонија" предводена од ВМРО-ДПМНЕ, коалиција предводена од СДСМ, коалиција „Алијанса за Албанците (Унитети, НДП)", ВМРО-ДПМНЕ,[187] Демократска унија за интеграција, Граѓанската опција за Македонија, Движењето БЕСА, Движењето за национално единство на Турците, Демократската партија на Албанците, Демократска партија на Турците од Македонија, Левица, Народното движење за Македонија, Партијата за демократски просперитет,

185 Види Излезност на локални избори, Државна изборна комисија. Излезност од прв круг: https://rezultati2017.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1 (последна посета: 14 ноември 2017)

186 Излезност од локални избори, втор круг. Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r1 (последна посета: 14 ноември 2017)

187 ВМРО-ДПМНЕ настапи самостојно во Општина Теарце.

политичката партија Алијанса на Албанците, Сојуз на Ромите од Македонија, Социјал-демократска партија на Македонија, Трајно македонско радикално обединување (ТМРО). За членови на советот на општините и Градот Скопје беа поднесени вкупно 373 листи за кандидати за советници од вкупно 19 политички субјекти.[188]

Најголем број кандидати за градоначалници беа поднесени од СДСМ и коалицијата (вкупно 70), а со свои кандидати настапија и ВМРО-ДПМНЕ (во коалиција), ДУИ, ГРОМ, Движењето БЕСА, Движењето за национално единство на Турците (ДНЕТ), Демократската партија на Албаците (ДПА), Демократската партија на Турците на Македонија (ДПТМ), коалицијата „Алијанса за Албанците", Левица, Народното движење за Македонија (НДМ), Партијата за демократски просперитет (ПДП), политичка партија Алијанса на Албанците, Сојуз на Ромите на Македонија (СРМ), Социјал-демократска партија на Македонија (СДПМ) и Трајно македонско радикално обединување – ТМРО. Покрај наведените политички партии, учествуваа и 22 кандидати за градоначалници поддржани од група избирачи. Во однос на кандидати за советници, вкупно беа поднесени 373 листи за советници од кои 45 од група избирачи.

Во првиот круг на изборите беа избрани градоначалници во 45 општини и Градот Скопје. Во вториот круг на изборите се гласаше за градоначалници во 35 општини, додека прегласување, односно трет круг имаше само во Општина Чаир на едно избирачко место кое прегласување се одржа на 12 ноември.

Во двата круга, најголем број на градоначалнички места освои СДСМ која победи во 57 општини и во Градот Скопје. ВМРО-ДПМНЕ освои 5 градоначалнички места, ДУИ – 9, политичка партија Алијанса

188 Покрај наведените 17 политички субјекти, свои кандидати за советници поднесоа два дополнителни политички субјекти, односно две коалиции на Беса, Алијанса на Албанците предводена од ДУИ (во Битола, Охрид и Гази Баба) и од Фемих Бејлуров во Гази Баба.

за Албанците – 3, а по еден градоначалник освоија БЕСА, ДПА и ДПТ, додека 3 градоначалнички места припаднаа на независни кандидати. По прегласувањето на 12 ноември, ДУИ освои и уште едно градоначалничко место, со што оваа партија на овие избори освои вкупно 10 градоначалнички места.[189]

За избор на советници во општините СДСМ освои 422 522 гласа (39,1 %). ВМРО-ДПМНЕ освои 335 769 гласа (31 %), ДУИ освои 89 724 гласа (8,3 %), политичка партија Алијанса на Албанците 49 125 (4,5 %), БЕСА 46 493 (4,3 %), ДПА 16 865 (1,56 %), ДПТ 10 239 (0,9 %) и НДМ 4 506 (0,4 %) гласа. Следствено, СДСМ освои вкупно 552 советнички места, ВМРО-ДПМНЕ – 432, ДУИ – 127, БЕСА – 63, политичка партија Алијанса на Албанците – 63, ДПА – 23, ДПТ – 17, НДМ и СРМ – 7 советници, коалицијата од ДУИ, Алијанса на Албанците и БЕСА во Битола, Гази Баба и Охрид освои вкупно 4 советници во сите три општини, ГРОМ, ДНЕТ и Левица освоија по три советници. По два советника освоија коалицијата „Алијанса за Албанците" и коалицијата за подобра иднина предводена од Фемих Бејлуров, а ПДП освои еден советник.[190]

За избор на советници во Град Скопје, СДСМ освои 122 711 гласа (43,7 %), ВМРО-ДПМНЕ – 96 922 гласа (34,5 %), ДУИ – 17 100 (6,1 %), Движење БЕСА – 13 882 (4,9 %), Алијанса на Албанците – 6 972 (2,4 %), Левица 5 922 (2,1 %). Следствено, од вкупно 45 советнички места во Советот на Град Скопје, СДСМ освои 21, ВМРО-ДПМНЕ – 17, ДУИ – 3, Движење БЕСА – 2, Алијанса на Албанците – 1 и Левица – 1 советник.[191]

189 „Соопштение за сумарни резултати од гласањето по општини", Државна изборна комисија, 30.10.2017. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zcktLTGhMcEJxX1k/view (последна посета: 8.11.2017)

190 Резултати, Совет на општините, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati2017.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r2&eu=All&m=All&ps=All (последна посета: 14 ноември 2017)

191 Резултати, Совет на Град Скопје, Државна изборна комисија. Пристапено на: https://rezultati2017.sec.mk/Local/Results?cs=mk-MK&r=r&rd=r4&eu=All&m=All&ps=All (последна посета: 14 ноември 2017)



Табеларен преглед на број на освоени градоначалнички места и советници:

| Политички субјект | Број на градоначалници | Број на советници |
|---|---|---|
| Коалиција предводена од СДСМ | 57 | 552 |
| Коалиција предводена од ВМРО-ДПМНЕ | 5 | 432 |
| ДУИ | 10 | 127 |
| Политичка партија Алијанса на Албанците | 3 | 63 |
| БЕСА | 1 | 63 |
| ДПА | 1 | 23 |
| ДПТ | 1 | 17 |
| НДМ | 0 | 7 |
| СРМ | 0 | 7 |
| Коалиција ДУИ, А/А и БЕСА | 0 | 4 |
| ГРОМ | 0 | 3 |
| ДНЕТ | 0 | 3 |
| Левица | 0 | 3 |
| Коалиција Алијанса за Албанците | 0 | 1 |
| Коалиција ПИ | 0 | 1 |
| ПДП | 0 | 1 |
| Независни | 3 | 37 |

## ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКИТЕ ПРАВА

Изборниот законик ја гарантира заштитата на избирачкото право. Според Изборниот законик, секој подносител на листа на кандидати и секој избирач има право да поднесе приговор до Државната изборна комисија доколку смета дека неговото право било повредено. Приговорите од страна на подносителите на листите може да се однесуваат на постапката за гласање, сумирањето и утврдувањето на резултатите, додека избирачите може да поднесат приговор доколку во постапката им е повредено избирачкото право. Постапката која се води за заштита на избирачкото право е итна, поради што доставувањето на приговор и тужба во овој случај не може да се достави по пошта.

Приговорите кои подносителите на листите ги доставуваат до ДИК мора да ги достават во рок од 48 часа по завршувањето на гласањето, односно по објавувањето на првичните резултати, а ДИК е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе одлука. За одлуката која ја донела ДИК го известува подносителот на приговорот по пат на електронска пошта, а одлуката се смета за доставена во рок од пет часа од испраќањето на електронскиот допис. Подносителот на приговорот, за кој негативно било решено во рамките на ДИК, има право во рок од 24 часа по приемот на решението да поднесе тужба до Управниот суд. Судот мора да донесе одлука во рок од 48 часа по приемот на тужбата. Управниот суд може да ја потврди или да ја преиначи одлуката на ДИК, при што неговите одлуки се правосилни, односно против нив не може да се поднесе жалба или друг вид на правен лек.

Во случај на повреда на избирачкото право на избирачот, истиот може да поднесе приговор до ДИК во рок од 24 часа, а ДИК е должна да донесе одлука во рок од 4 часа по приемот на приговорот. Одлуката на ДИК може да биде обжалена, така што во рок од 24 часа по приемот на решението ќе се достави тужба до Управниот суд. Доколку роковите течат и се пресретнат во текот на процесот на гласањето, а одлуката е позитивна за избирачот, на истиот ќе му се овозможи да го оствари своето право на глас.[192]

По одржувањето на првиот круг на локалните избори на 15 октомври 2017 година, до Државната изборна комисија беа поднесени вкупно 47 приговори на постапката за гласање од четири подносители: коалицијата предводена од ВМРО-ДПМНЕ поднесе 43 преговори,[193] 2 преговора поднесе Трајно македонско радикално обединување – ТМРО, додека по 1 приговор поднесоа Алијанса на Албанците (АА) и Левица.[194] Сите поднесени приговори беа одбиени од страна на Државната изборна комисија. До Управниот суд беа поднесени вкупно 28 тужби против одлуките на ДИК. Од нив, 24 тужби беа поднесени од страна на ВМРО-ДПМНЕ, 2 тужби од ТМРО и по една тужба од АА и Левица. Сите поднесени тужби беа одбиени од страна на Управниот суд.

По одржувањето на вториот круг на 29 октомври, вкупно 102 приговори беа поднесени до Државната изборна комисија од три подносители: Движење БЕСА поднесе 89 приговори, АА поднесе 12 приговори и Народното движење за Македонија поднесе еден приговор. Државната изборна комисија ги одби сите приговори, при што до Управниот суд беа поднесени 11 тужби од страна на АА, четири тужби од страна на Движење БЕСА и една од Народното движење за Македонија. Од нив Управниот суд одби 15 тужби, а

---

192 КАС, ИДСЦС, Прирачник за парламентарни избори во Република Македонија 2016 година, второ дополнето издание. Достапно на: http://www.kas.de/wf/doc/kas_47271-1522-2-30.pdf?161206080843

193 Пред одржувањето на седницата на Државната изборна комисија за разгледување на преговорите на 19 октомври 2017 година, ВМРО-ДПМНЕ повлече три преговори, а на седницата повлече уште еден приговор.

194 „Извештај за поднесените приговори на постапката на гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето по листи на кандидат за градоначалник на општините и Градот Скопје и по листи на кандидати за членови на советите на општините и Градот Скопје, одржано на 15 октомври 2017 година".Државна изборна комисија, 18 октомври 2017. Пристапено на: https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zMzQ2alR4Q29FRUE/view (последна посета: 10 ноември 2017)

прифати една тужба на Движење БЕСА. Со прифаќањето на таа тужба, гласањето од вториот круг се повтори на избирачкото место 2901 во Општина Чаир од причини што бројот на запишани избирачи на тоа изборно место имаше можност да го промени конечниот резултат во оваа општина. Прегласувањето се одржа на 12 ноември.[195]

## ОЦЕНА НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ ОД НАБЉУДУВАЧИТЕ

Изборите ги набљудуваа вкупно 6 082 набљудувачи. Од нив 5 609 домашни и 473 странски набљудувачи. Најголем број на домашни акредитирани набљудувачи имаше граѓанската асоцијација МОСТ со 2 917 набљудувачи, потоа здружението на граѓани ЗХА „Синергија" Штип со 2 337 набљудувачи, ЦИВИЛ – Центар за слобода со 207 набљудувачи, Институт за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД – Скопје со 125 набљудувачи, Центар за разбирање и институционална соработка – ЦРИС Скопје со 17 набљудувачи и 6 набљудувачи од Македонски центар за култура и развој.[196] На овие локални избори имаше 3 712 домашни набљудувачи помалку од претходните локални избори.

Како и на претходните локални избори, најмногу странски набљудувачи имаше Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР со 289 набљудувачи, Амбасадата на САД со 35 набљудувачи, Делегацијата на Европската Унија со 23 набљудувачи, Меѓународен студиски центар за избори – 18 набљудувачи, Советот на Европа со 13 и Мисијата на ОБСЕ во Скопје со 10 набљудувачи. Помал број на набљудувачи имаа Канцеларијата на НАТО за врски во Скопје, Државната изборна комисија на Црна Гора, Централните изборни

195 Детаљни информации за сите приговори и нивниот статус се достапни на посебен дел од веб-страницата на Државната изборна комисија, https://prigovori.sec.mk/.

196 Табела на акредитирани набљудувачи – Локални избори 2017, Државна изборна комисија. Пристапено на https://drive.google.com/file/d/0B8ZpCwro9h-zMVBKUEdVQjZkTnM/view (последна посета: 9 ноември 2017)



комисии на Бугарија и Косово, Меѓународната фондација на изборни системи, како и амбасадите на Албанија, Австрија, Бугарија, Велика Британија и Северна Ирска, Италија, Косово, Руската Федерација, Словачка, Унгарија, Франција, Холандија, Швајцарија и Шведска.

Покрај домашните и странските набљудувачи, изборите ги набљудуваа и 20 акредитирани странски новинари од Агенцијата за вести од Косово, Ал Џазира Балканс, Асошиетед прес, Гласот на Америка, Руската информативна агенција ТАСС и ТВ Коха Висион.[197]

Во изјавата за прелиминарни наоди и заклучоци од првиот круг на ОБСЕ/ОДИХР се наведува дека одржувањето на изборите придонело кон јакнење на довербата во демократскиот процес, со што изборите се одржале во конкурентско опкружување, кандидатите можеле да водат кампања без ограничувања и се почитувале темелните слободи. Забелешките во однос на изборниот процес на Мисијата произлегуваат од кредибилни наводи за купување на гласови, притисок врз гласачите и изолирани случаи на насилство. На овие избори, мониторинг на Мисијата на ОБСЕ/ОДИХР се фокусираше на правната рамка и изборниот систем, изборната администрација, изборната кампања и нејзиното финансирање и медиумите.[198]

За гласањето кое се одржа ден претходно, на 14 октомври, регистрирани биле 5 025 болни и изнемоштени, 1 882 гласачи во затвори и 9 внатрешно раселени лица. Гласањето беше оценето како уредно во повеќе делови на земјата, со одредени нерегуларности особено во делот на пребројување и сумирање на гласовите. Гласањето од дома, кое се одржа на 14 октомври, ОБСЕ/ОДИХР го оцени како лошо во 14 од 96 набљудувани случаи. Тајноста на

197 Ibid.

198 Види ги двата извештаи на мисијата на ОБСЕ/ОДИХР – Меѓународна набљудувачка мисија за избори во Република Македонија, Локални избори, 15 октомври 2017. Извештај за првичните наоди и заклучоци, првични заклучоци. Скопје 16 октомври 2017 и Локални избори, втор круг, 29 октомври 2017. Извештај за првичните наоди и заклучоци, првични заклучоци. Скопје 30 октомври 2017. Пристапено на: http://www.osce.org/odihr/elections/fyrom/339261 (последна посета: 13 ноември 2017)

гласањето била нарушена во 13 случаи, а во 7 случаи е наведено дека избирачкиот одбор не го користеше параванот за гласање. Во неколку затвори, поради немање на валидни лични карти, осудениците не биле вклучени во избирачкиот список. За вториот круг, предвременото гласање се одржа на 28 октомври и беше оценето позитивно во сите 9 затвори и во 40 од 44 набљудувани гласања од дома. Како и во првиот круг, негативната оцена е поврзана со компромитираната тајност на гласањето и отсуство на гласачка кутија.[199]

Во извештајот на ОБСЕ/ОДИХР се наведува дека предизборниот период на локалните избори се одвивал во опкружување кое обезбедува генерално почитување на темелните слободи и правото на изразување. ОБСЕ/ОДИХР потенцира дека од страна на своите соговорници е забележано подобрување во опкружувањето и водењето на кампањите. Кај поголемите партии е забележано поврзување на националните прашања на стабилности и интеграција со локални прашања како водоснабдување, канализација и инфраструктура. Сепак, за митинзите е посочено користење негативни пораки од страна на ВМРО-ДПМНЕ, а во помала мера и од СДСМ. За вториот круг, кампањата се интензивирала неколку дена пред гласањето. Од страна на некои партии е изразена загриженост поради тоа што премиерот ветувал владина поддршка за општините со градоначалници од владејачката коалиција, со што се забележува дека се поткопуваат принципите на разделеност помеѓу државата и партијата, спротивно на обврските кои произлегуваат од членството во ОБСЕ.[200]

За работата на изборната администрација беше оценето дека истата обезбедила ситуација во која гласачите имале можност да ги остварат своите права. Сепак, забележано е дека на Државната изборна комисија ѝ недостигала вистинска транспарентност, бидејќи иако седниците биле јавни, сепак, материјалните одлуки

[199] Ibid.
[200] Ibid.



биле донесени на затворени состаноци. Дополнително, забелешки беа дадени во насока на тоа дека не сите документи поврзани со изборите биле навремено објавувани на веб-страницата на ДИК, како и дека доцнела кампањата за едукација на избирачите. Во извештајот за вториот круг на изборите се забележува дека ДИК ја подобрила својата транспарентност помеѓу двата круга, но, сепак, се забележува дека ДИК не испланирала соодветно дополнителни обуки, едукација на гласачите и финансиска поддршка за 10 општини со блокирани сметки. Во однос на општинските изборни комисии (ОИК), се забележува дека нивната транспарентност варирала, при што Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР наишла на недоволна транспарентност кај 30 ОИК. Во вториот круг нивната работа се оценува позитивно, но е наведено дека во најмалку еден случај е забележана политичка пристрасност.[201]

Извештајот за првичните наоди и заклучоци дава осврт и на медиумското опкружување за време на изборите. Оценето е дека медиумите се политички поделени и дека медиумските реформи кои произлегуваат од амандманите кон Изборниот законик во 2015 и 2016 година сè уште не се спроведени. Според резултатите на мониторингот на Набљудувачката мисија на ОБСЕ/ОДИХР дека иако јавниот радиодифузер обезбеди простор за кандидатите, сепак, само 26 кандидати ја искористиле оваа можност на МТВ1, додека ниту еден од кандидатите што зборуваат албански јазик не ја искористиле таа можност на МТВ2. Забележано е дека информирањето на МРТ ги запоставило помалите политички партии и независните кандидати со што на МТВ 1 им било дадено вкупно 13 % од покривањето, додека на СДСМ било дадено 37 % од вкупното покривање, на ВМРО-ДПМНЕ 32 %, на ДУИ 11 % и БЕСА 7 %. Кај приватните медиуми е забележано доминантно покривање на коалицијата предводена од СДСМ со 47 %, ВМРО-ДПМНЕ 29 % и ДУИ со 17 %. Во целост, забележано е дека мониторираните приватни медиуми

[201] Ibid.

демонстрирале неутрален тон кон кандидатите. Притоа е забележано дека СДСМ во текот на кампањата пројавила рекламирање со негативни пораки. Во мониторингот помеѓу првиот и вториот круг е забележано порамноправно присуство на политичките субјекти на јавниот радиодифузен сервис со што 25 % е посветено на СДСМ, 24 % на ВМРО-ДПМНЕ, 20 % на ДУИ, 15 % на БЕСА и 9 % на АА. Кај приватните канали СДСМ бил застапен во 40 % од времето предвидено за информативно покривање, ВМРО-ДПМНЕ во 35 %, ДУИ и АА по 9 %, БЕСА со 4 % и ДПА со 2 %. За овој круг е забележано користење платени рекламни пораки со негативен тон од страна на ВМРО-ДПМНЕ, а повремено и од СДСМ.[202]

Прелиминарната оцена на Граѓанската асоцијација МОСТ беше дека првиот круг од локалните избори се одржал во фер и демократска атмосфера, со што на граѓаните им било овозможено слободно да го дадат својот глас. Сепак, забележани се низа на изолирани помали неправилности во изборниот процес, како фотографирање на гласачки ливчиња, неовластено присуство на лица во објектите каде што се одржувало гласањето, технички проблеми со изборниот материјал, како и непочитување на постапката на гласање (вклучувајќи семејно гласање) и проблеми предизвикани од гласачи. МОСТ ја повтори оцената за избори во фер и демократска атмосфера и за вториот круг на изборите со слични изолирани неправилности. За двата круга МОСТ укажа на брза и ефикасна работа на институциите, како и навремено реагирање на избирачките одбори и полицијата при изолирани случаи на прекршување на изборните правила.[203]

Европската Унија се надоврза на прелиминарните наоди на ОБСЕ/ОДИХР за локалните избори со што ги оцени како конкурентни и одржани во опкружување во кое се почитувале фундаменталните

202 Ibid.

203 „Прелиминарна изјава", Граѓанска асоцијација МОСТ, 16 октомври 2017. Пристапено на: http://most.org.mk/?option=com_k2&view=itemlist&task=category&id=165:2017&Itemid=95&lang=mk (последна посета: 13 ноември 2017)



слободи, со забележани одредени нерегуларности. ЕУ ги охрабри граѓаните сите нерегуларности да ги пријават на надлежните институции и ги повика сите релевантни чинители да ги имплементираат препораките од ОБСЕ/ОДИХР со што ќе се овозможи дополнително подобрување на капацитетите на релевантните институции за следни изборни циклуси.204 Амбасадата на САД во Македонија, исто така, се повика на наодите на ОБСЕ/ОДИХР дека изборите биле конкурентни и дека почитувањето на фундаменталните слободи придонело кон демократскиот процес. Според Амбасадата, наодите на ОБСЕ/ОДИХР се конзистентни со тие на тимовите на американската Амбасада кои ги набљудуваа изборите во првиот и вториот круг. Доколку сметаат дека има одредени неправилности, Амбасадата ги охрабри граѓаните да ги пријават во надлежните институции. Амбасадата ги повика Државната изборна комисија и другите релевантни владини тела да го искористат периодот што следува за да ги адресираат препораките на ОБСЕ/ОДИХР произлезени од изборите во 2016 и 2017, со што дополнително ќе се зајакне изборниот процес.[205]

## ОЦЕНА НА ИЗБОРИТЕ ОД ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ

Кратко по затворањето на избирачките места првичните резултати покажаа дека СДСМ значително води во однос на ВМРО-ДПМНЕ. Иако постоеја различни оцени од различни политички партии, сепак, евидентно беше дека партиите дел од владејачката коалиција го оценија изборниот процес како фер и демократски, додека партиите од опозиција обвинија за низа нерегуларности. Исклучок од оваа

204 „Изјава на портпаролот за локалните избори во Република Македонија". Европски сервис за надворешна акција, 31 октомври 2017. Пристапено на: https://eeas.europa.eu/delegations/former-yugoslav-republic-macedonia/34834/statement-spokesperson-municipal-elections-former-yugoslav-republic-macedonia_en (последна посета: 14 ноември 2017)

205 „Соопштение на Амбасадата на САД за локалните избори во октомври 2017", Амбасада на САД во Македонија, 31 октомври 2017. Пристапено на: https://mk.usembassy.gov/u-s-embassy-statement-october-2017-municipal-elections/ (последна посета: 14 ноември 2017)

поделба беше политичката партија Алијанса на Албанците, која како член на владејачката коалиција обвини за нерегуларности и притисоци од власта при гласањето во повеќе општини.

Веднаш по обзнанувањето на првичните резултати, СДСМ прогласи победа во повеќе општини и најави голем пресврт во распределбата на градоначалнички места. Вечерта, СДСМ организираше прослава за изборната победа на платото пред Владата на Република Македонија од каде што претседателот на партијата, Зоран Заев, изјави: „Ви ја честитам слободата. Нашиот народ знае што е исправно – заедно да бидеме сплотени во едно општество за сите. Само така ќе одиме напред".[206] СДСМ ги оцени изборите како фер и демократски на кои граѓаните за прв пат после долг период имале можност да гласаат на фер и демократски избори по слободна волја и без притисоци. Според нив, изборите покажале како изгледа волјата на граѓаните кога се гласа слободно и без притисоци. По реакцијата на ВМРО-ДПМНЕ дека изборите поминале со многу голем број на нерегуларности, тие го повикаа ВМРО-ДПМНЕ да не бара оправдувања за изборниот пораз туку да им честита на граѓаните за мирните, фер и слободни избори.[207] Оцената за квалитетот на изборите СДСМ ја повтори и за вториот круг на 29 октомври, каде што изјавија дека граѓаните повторно гласале на фер и демократски избори притоа одлучувајќи се за промени.[208]

ВМРО-ДПМНЕ ги оцени изборите како нерегуларни и обвини за изборен фалсификат. На прес-конференцијата на ВМРО-ДПМНЕ, претседателот на партијата, Никола Груевски, изјави: „Изборниот ден помина со бројни нерегуларности, узурпирање на ресурси, притисок, поткуп на гласачи, организирано превезување на граѓани до гласачки места, и манипулации со гласачки ливчиња, кражба на гласови." Тој најави дека партијата длабински ќе ги анализира причините кои покрај нерегуларностите спречиле да се добие подобар резултат на изборите.[209] Неколку дена по завршувањето на првиот круг од изборите, ВМРО-ДПМНЕ обвини дека постојано им пристигнуваат информации за огромни изборни нерегуларности, злоупотреби, кршења на процедури и притисоци на кои не се реагира од надлежните органи. Тие обвинија дека на голем број места бројот на лица кои гласале не соодветствува со бројот на потпишани граѓани и дека се полнеле кутии на повеќе места. Дополнително, ВМРО-ДПМНЕ укажа на примери дека гласачко ливче од Општина Карпош е најдено во Општина Охрид, гласачко ливче од Велес е најдено во гласачки кутии во Струмица и слични неправилности кои алудираат на сериозни изборни прекршувања и „спроведен изборен фалсификат со таканаречен метод на бугарски воз".[210] По завршувањето на вториот круг од изборите, претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски соопшти дека ВМРО-ДПМНЕ не ги признава овие избори, притоа поставувајќи 7 барања: Прво, организирање на предвремени парламентарни избори во согласност со Пржинскиот модел кои би биле спроведени од техничка влада. Второ, итна промена на директорот на Агенцијата за аудиовизуелни и медиумски услуги, и директорот на оваа институција да се бира по предлог на опозицијата. Трето, оставка од претседателот на ДИК, Александар Чичаковски, враќање на старото законско решение и избор на претседател на ДИК од редовите на опозицијата. Четврто, итна истрага и вештачење со учество на ВМРО-ДПМНЕ на уредите за прислушување на УБК, поради основано сомнение дека полицијата врши прислушување на најмалку 100 лица од редовите

206 „СДСМ слави, ВМРО-ДПМНЕ доживеа тежок дебакл". Deutsche Welle, 15 октомври 2017. Пристапено на: http://p.dw.com/p/2lsFh (последна посета: 14 ноември 2017)

207 „СДСМ: Резултатите на изборите покажаа како изгледаат општините кога се гласа слободно". А1 Он, 20 октомври 2017. Пристапено на: http://a1on.mk/archives/806935 (последна посета: 14 ноември 2017)

208 „СДСМ прогласи победа во 10 општини, Таравари слави во Гостивар". mkd.mk, 29 октомври 2017. Пристапено на: https://www.mkd.mk/makedonija/politika/sdsm-proglasi-pobeda-vo-10-opshtini-taravari-slavi-vo-gostivar (последна посета: 14 ноември 2017)

209 „Груевски - недемократски избори, следните чекори по изборите". Слободна Европа, 15 октомври 2017. Пристапено на: https://www.slobodnaevropa.mk/a/28796289.html (последна посега: 14 ноември 2017)

210 „ВМРО-ДПМНЕ со нови обвинувања за изборни нерегуларности". meta.mk, 20 октомври 2017. Пристапено на: http://meta.mk/vmro-dpmne-so-novi-obvinuvana-za-izborni-neregularnosti/ (последна посета: 14 ноември 2017)

на ВМРО-ДПМНЕ. Петто, итно и без пролонгирање завршување на судењето за случајот Поткуп. Шесто, основање на специјално јавно обвинителство кое ќе има ингеренции за расчистување на изборните нерегуларности од изборите во 2016 и изборите во 2017 година, како и на злоупотребата на целокупниот државен апарат во изборни цели за изборите во 2017 година. Седмо, итно ослободување на лицата кои се во притвор и прекинување на процесите против сите граѓани за случувањата на 27 април 2017 година. Прифаќањето на овие 7 барања, според претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, е предуслов за демократија, правда и слобода во земјата.[211]

